КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ
И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

# СТРАТЕГИЈА
## ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ И ПОДДРШКА НА АКТИВНИТЕ МАНАСТИРИ

## СО ПРИЛОГ
# АКЦИСКИ ПЛАН
2022–2026

Скопје,
декември, 2021

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО
ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ
И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

# **СТРАТЕГИЈА**
# ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ И ПОДДРШКА НА АКТИВНИТЕ МАНАСТИРИ

СО ПРИЛОГ

## **АКЦИСКИ ПЛАН**
## 2022–2026

Скопје,
декември, 2021

*Предлагач:*
Комисија за односи со верските заедници и религиозните групи (КОВЗРГ)

*Претставник на предлагачот:*
м-р Даријан Сотировски, директор

*Одговорно надворешно стручно лице за изработката:*
проф. д-р Никола В. Димитров,
Факултет за туризам и бизнис логистика
Универзитет „Гоце Делчев” Штип

*Консултирано надворешно стручно лице за изработката:*
проф. д-р Арбен Ода,
Економски факултет
Државен универзитет во Тетово

*Консултирани државни институции:*
Министерство за култура
Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Управа за заштита на културното наследство

*Консултиран претставник на Владата:*
Национален координатор за интеркултурализам, едно општество,
развој на културата и меѓуресорска соработка
Роберт Алаѓозовски

*Други запознаени заинтересирани страни:*
Македонска православна црква - Охридска архиепископија
Исламска верска заедница
Католичка црква
Евангелско-методистичка црква
Еврејска заедница на Република Македонија

*Лектура:*
д-р Бобан Карапејовски

*Дизајн:*
Александар Павловски

# СОДРЖИНА НА ДОКУМЕНТОТ:

## СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ И ПОДДРШКА НА АКТИВНИТЕ МАНАСТИРИ (2022-2026)

**I. Процена на придобивките и на опфатот на верскиот туризам во досегашните национални стратегии за туризам ..... 06**

**II. Анализа на тековната состојба ..... 10**

2.1. Вовед во методологијата за утврдување на тековната состојба ..... 11

2.2. Глобален и регионален верски туризам ..... 13

2.3. Анализа на домашните потенцијали за развој на верскиот туризам ..... 19

2.3.1. Скопски регион ..... 20

2.3.2. Полошки регион ..... 40

2.3.3. Југозападен регион ..... 55

2.3.4. Пелагониски регион ..... 84

2.3.5. Вардарски регион ..... 108

2.3.6. Источен регион ..... 124

2.3.7. Југоисточен регион ..... 148

2.3.8. Североисточен регион ..... 173

2.4. Анализа на трендовите и други важни аспекти ..... 188

**III. Визија и цели ..... 201**

3.1. Визија ..... 201

3.2. Цели ..... 202

## ПРИЛОЗИ

**I. Акциски план на Стратегијата за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири 2022–2026 со предлог-активности ..... 205**

**II. Преглед на дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија за реализација на *„Стратегијата за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири 2022–2026 г.“* по буџетски корисници ..... 216**

**III. Следење на имплементацијата на стратегијата и мерливост на резултатите ..... 219**

**СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ И ПОДДРШКА НА АКТИВНИТЕ МАНАСТИРИ (2022-2026)**

# I. ПРОЦЕНА НА ПРИДОБИВКИТЕ И НА ОПФАТОТ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ ВО ДОСЕГАШНИТЕ НАЦИОНАЛНИ СТРАТЕГИИ ЗА ТУРИЗАМ

Во овој момент Република Северна Македонија е мултиетничка, мултикултурна и мултиконфесионална држава во која над 90 % од населението се верници, а егзистираат и регистрирани се 40 цркви, верски заедници и религиозни групи: 18 цркви, 10 верски заедници и 12 религиозни групи. Сите тие ги продолжуваат традиционално добрите меѓуверски односи на соработка и градење заемна доверба.

Според податоците на Државниот завод за статистика (ДЗС), во 2019 година е реализирана туристичка посета од 1.184.963 туристи, кои оствариле 3.262.398 ноќевања, со просечен престој од 2,7 дена. Податоците се за референтна 2019 година, бидејќи туризмот во таа година не беше ограничен како во 2020 година поради појавата на корона-вирусот.

Државниот завод за статистика собира податоци за повеќе области, меѓу кои и за туризмот и угостителството. Податоците се однесуваат за туристичката посета (број на туристи, ноќевања, домашни, странски, туристи по држави на доаѓање); потоа тие се класифицирани во целина, за државата, но и по туристички места (за градот Скопје, бањските, планинските, езерските места и за други места). Во Базата на податоци МАКСТАТ се обработени податоци и за туристичка посета по општини и региони.

Македонската статистика не обработува податоци за повеќе селективни видови туризам, меѓу кои и верскиот туризам. Така, не располагаме со статистички

податоци за посета и престој на туристи во активните манастири ниту, пак, за манастирите со конаци без монаштво, немаме податоци за капацитетот на верските угостителски деловни едници и објекти (број и вид на објекти за сместување – конаци, број на соби, легла, број на маси, седишта и др.). Се надеваме дека оваа Стратегија за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири ќе иницира потреба за статистичка евиденција и на овие податоци, кои се важни за дефинирање на идните правци за развој на верскиот туризам во РС Македонија.

За главната процена и важните предуслови за потребата од верски туризам, од кои многу субјекти ќе имаат придобивки, говорат повеќе факти:

- Македонија се споменува во Библијата, во Стариот и во Новиот завет;
- Македонија е портата преку која христијанството влегува во Европа;
- Апостол Павле поминал и престојувал во Македонија на патот за Рим;
- императорот Јустинијан го формира градот Јустинијана Прима, кој е седиште на истоимената архиепископија;
- од Македонија започнува мисијата на светите браќата Кирил и Методиј, кои ги шират христијанството и писменоста во Средна Европа;
- Свети Климент Охридски на Плаошник го основа првиот универзитет;
- Свети Наум Охридски го основал манастирот на Охридското Езеро;
- во Македонија има археолошки локалитети што говорат за свети места од предисторијата (Кокино, Татичев Камен и др.) и од антиката (Трескавец, Зрзе и др.);
- во Македонија има археолошки локалитети со базилики од ранохристијанскиот период (II–VII век во Стоби, Хераклеја, Скупи, Охрид, Стибера, Баргала, Мородвис, Виничко Кале и др.) и, понатаму, во континуитет од средниот век до денес;
- од Македонија потекнува светицата Мајка Тереза (Спомен-куќата во Скопје);
- во Македонија има репрезентативни и значајни споменици што сведочат за османлискиот период;
- во Македонија се наоѓа и познатата Шарена џамија – една од најрепрезентативните џамии, која е дел од ИВЗ;
- во Македонија е лоцирана една од најстарите синагоги, која сведочи за постоењето на Евреите на овие простори и потекнува од III век пр. н. е.;
- денес во РС Македонија има 40 конфесии, кои располагаат со над 3000 разни верски храмови (2300 цркви и манастири, над 700 џамии, над 50 катедрали, синагоги и други верски објекти).

# ЗОШТО СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ И ПОДДРШКА НА АКТИВНИТЕ МАНАСТИРИ ?

Во период од три децении изработени се околу триесет стратегии и потстратегии за развој на туризмот генерално и посебно за неколку селективни видови туризам: рурален, спортски, конгресен, здравствен и манифестациски туризам за традиции и настани.

Две стратегии се однесуваат во целина за туризмот во државата (Национална стратегија за туризам во Република Македонија 2009–2013 и 2016–2020), потоа повеќе стратегии и потстратегии за туризам и одредени селективни видови туризам на плански регион и општини (за Источниот плански регион, за општините Берово, Зрновци, Крушево, Охрид, Тетово, Виница, Гевгелија, Пехчево, Кратово, Демир Капија, Гази Баба, Чаир, Студеничани и др.). Додека, пак, странско искуство на изработена стратегија за развој на верски туризам нема (со исклучок на Грција, каде што во нивните стратегии за туризам важно поглавје за туризмот се посветува на црквите и манастирите, а особено на византиските споменици). Значи, оваа стратегија за верски туризам е прва од ваков вид на Балканот.

Во сите стратегии и потстратегии верските објекти (цркви, манастири, џамии, катедрали и др.) се обработени како културно наследство на државата, кое е составен дел од туристичките рути. Така што, при секоја туристичка посета на одредена локација каде што има атрактивни верски објекти, туристичките водичи ги носат туристите да ги „видат“, односно да ги посетат овие објекти и да добијат информации за објектот, но никаде нема тематски стационарен или нестационарен верски туризам.

Во моментов РС Македонија сè уште е непозната туристичка дестинација за верски туризам. За нејзина промоција како верска дестинација потребно е да се изработи стратегиски документ во кој ќе биде дефиниран правецот и динамиката на активности за развој на верскиот туризам. Токму овој документ е првата Стратегија за развој на верскиот туризам со поддршка на активните манастири. Оваа Стратегија, како прва од ваков вид, има цел да даде преглед на сите потенцијали и на можностите за нивен понатамошен развој.

Преку Стратегијата се определуваат правците на развојот на верскиот туризам, кој директно ќе влијае на:

- зголемувањето на туристичкиот прилив од домашните и од странските туристи;
- засилување на верските туристички потенцијали и активните манастири;
- засилување на туристичките агенции што работаат во областа на верскиот туризам;
- засилување на соработката на верските заедници во државата и во окружувањето;
- подобрување на севкупната економска состојба во земјата преку развој на туризмот.

Во Стратегијата, преку Акцискиот план, се дава динамика на активностите и препораки до повеќе засегнати субјекти за имплементација на повеќе проекти, програми, маркетиншки активности за промоција и поддршка на туризмот и за подобрување на состојбата со верските објекти, нивна адаптација за сместување верници и други туристи, а особено во активните манастири, кои практикуваат нестационарен верски туризам.

Стратегијата дава одговор на повеќе прашања и нуди соодветни решенија димензионирани во временски квартали за наведениот петгодишен период.

# II. АНАЛИЗА НА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА

Во Република Северна Македонија има над 3000 верски објекти (цркви, параклиси, манастири, џамии, катедрали, синагоги и др.). Покрај црквите и џамиите, за туристите многу атрактивни и најпосетувани се манастирите. Во државава денес постојат околу 300 манастири, од кои 40 се активни со монаштво, околу 130 со конаци без монаштво и над 130 со манастирски цркви без конаци.

Голем е бројот на манастири што се од посебен интерес и претставуваат заштитени споменици на културата. Најголем број од манастирите имаат локален, регионален и национален карактер. Над дваесет манастири во Македонија имаат и меѓународно значење.

Во последната деценија мошне атрактивни манастири со интернационално значење се: „Св. Наум Охридски", „Св. Јован Крстител" – Бигорски, „Св. Јоаким Осоговски",„Св. Гаврил Лесновски",„Успение на Пресвета Богородица" – Матка, Марков манастир „Св. вмч. Димитриј",„Св. Леонтиј" – Водоча, „Воведение на Пресвета Богородица" – Вељуса, „Успение на Пресвета Богородица" – Трескавец, „Свети Јован Претеча" – Слепче, „Св. вмч. Георгиј Победоносец" – Рајчица, „Св. Архангел Михаил" – Варош, „Св. Пеpoбражение" – Зрзе, „Пресвета Богородица Пречиста" и други.

За тоа колкав е бројот на туристи што ги посетуваат нашите манастири, немаме статистички податоци. Но, факт е дека нашите верски објекти се посетени од домашни и странски туристи од повеќе држави. Исто така, посетени се повеќе

видови верски објекти – христијански, исламски и други. Покрај манастирите и црквите, кои се препознатлив белег на нашата земја, особено значајни и интересни за туристите се и исламските објекти, кои се наоѓаат во добра состојба. Преку посетата на верските објекти се промовира РС Македонија како мултиконфесионална земја.

Факт е и тоа дека во дел од манастирите каде што има активен монашки живот, во обидот да се зачува молитвениот мир, монашкиот дел не е пристапен за посетителите, но затоа, пак, срдечно и со евангелско гостољубие се дочекани во гостинскиот дел. Тука тие можат да се запознаат со историјата и со животот на манастирот, да ги разгледаат манастирските ракоделенија, да земат учество во литургијата, да побараат молитвена поддршка за себе, за своите блиски, живи и упокоени, и со себе да понесат дел од мирот и благословот на манастирот, црквата и сл.

За манастирите што немаат активно монаштво, а имаат конаци, се грижат надлежните свештени лица и локалното население. Во манастирите може да се ноќева со претходна најава. Најчесто ноќевањето не се наплаќа, но на посетителите им се кажува да остават пари колку сакаат. Управувањето со овие манаситири е од страна на црковен или манастирски одбор од најблиската населба – село или град и за секој манастир има назначено одговорно лице. Најчесто тоа е назначеното мирско лице или службеникот на манастирот, а во некои случаи има и назначен одговорен свештеник.

Подвлекуваме дека најголем дел од активните манастири, другите манастири, цркви и други верски објекти, поради својата милениумска верска активност, историска важност, книжевна традиција, градителско наследство, фреско-живопис, резбарство, калиграфија и слично, се заштитени како национални споменици на културата.

## 2.1 ВОВЕД ВО МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА

Во секоја стратегија најзначајно е правилното детектирање на постојната состојба, по што следува јасно поставување на целите што треба да се постигнат, од што, пак, директно произлегуваат различни можности и модалитети како низ акцискиот план на мерки да се дојде од постојната до посакуваната состојба, преку остварување на целите.

Токму затоа во содржината на оваа Стратегија за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири во дел II е предвидена анализа на постојната состојба. Се разбира дека анализирањето на состојбата може да биде површно

и недоволно за создавањето точна слика, но тоа може да биде и прешироко и да навлегува во безброј аспекти што, пак, ќе направи недоволно јасна слика. Оттаму, утврдувањето и анализата на постојната состојба е извршено на практичен начин и умерено, опфаќајќи ги најважните аспекти.

При анализата на постојната состојба најпрво е направен осврт на верскиот туризам на глобално и на регионално ниво. Во глобализираниот свет, каде што луѓето и информациите патуваат како никогаш досега во историјата, набљудувањето на состојбите, движењата и предизвиците изолирано од широкиот контекст е, секако, погрешно. Во овој дел наративно е претставена широката слика на глобално и регионално ниво, од која се создава точна перцепција.

Третиот дел се однесува на анализа на домашните потенцијали за развој на верскиот туризам. Тука методолошки е пристапено регионално, преку анализа на состојбата во осумте плански региони. За секој регион во анализата се инкорпорирани општи информации за регионот, осврт на активните манастири, осврт на местата со висок потенцијал за развој на верскиот туризам, осврт на другите потенцијали за развој на верскиот туризам, вклучена е кратка свот-анализа на секој регион од аспект на развојот на верскиот туризам, издвоени се топ-дестинациите и локациите во регионот и најважните настани и атракции. При изложувањето на информациите прикажани се повеќе податоци за секоја дестинација и фотографии од нив, како и наративен заклучок за потребите и спецификите.

Кај активните манастири е пресметан индексот на искористеност на потенцијалите. Овој индекс укажува на тоа колку манастирот, во согласност со своите можности (кои се секогаш различни и зависат од објективни фактори, како местоположбата, опкружувањето, манастирските цели и сл.), ги има искористено своите потенцијали. Манастирите што добиваат пониска бројка на индексот од 1 до 5, практично имаат повеќе потенцијали за понатамошен развој. Индексот е добиен како аритметичка средина на оценките на искористеност на потенцијалите што се внесени за различни критериуми, кои може да се сфатат како можности и потенцијали за развој. Бидејќи кај секој манастир постојат различни услови и околности, кои го лимитираат на различен начин, добиените индекси не се компарабилни меѓу себе и не можеме да формираме ранг-листа, туку секој индекс мора да го анализираме поединечно.

Во делот анализа на трендовите и други поважни аспекти, накусо се елаборирани сите поважни трендови што како тенденции постојат во моментов и имаат влијание врз верскиот туризам, како и поважните аспекти кои мораме да ги имаме предвид, бидејќи постојната состојба зависи од сите нив. И, секако, на крајот следува Акциски план за реализација на активностите преку стратегиски цели за подобрување на потенцијалите и искористување на условите за верски туризам, промоција на верските објекти на домашен и меѓународен план, следење и мерливост на реализација на активностите.

## 2.2 ГЛОБАЛЕН И РЕГИОНАЛЕН ВЕРСКИ ТУРИЗАМ

Во современиот контекст, во развиениот свет потенцијалните туристи често избираат да посетат држави, региони и места каде што има развиен мултиконфесионален дух, мирни односи на меѓусебна почит и соработка, каде што коегзистираат различни култури, традиции и религии. Туристите ги избегнуваат дестинациите каде што има тензии и поделби. Нашата држава на овој план е погодно и привлечно место за посета, имајќи предвид дека има многувековна меѓусебна почит и коегзистирање на светските религии. Верските службеници соработуваат и не се забележани примери на сериозно и грубо нарушување на овие квалитетни односи. Културното наследство, кое е со години напластувано, создава прекрасен мозаик, кој сведочи за постоењето и развојниот пат на различните верски заедници што постоеле низ богатата национална историја на македонската држава. Понатаму, во светот високо се цени дијалогот, како врвна цивилизациска вредност што превенира нарушувања на меѓучовечките односи. Нашата држава во тој контекст може да се пофали со организирањето на повеќе Светски конференции за меѓуверски и меѓуцивилизациски дијалог, кои се етаблирани на светски план.

Во светски рамки 25 % или над триста милиони туристи годишно припаѓаат на верскиот туризам. Најпознатите светски дестинации што се посетени од милиони туристи и верски туристи, поклоници или аџии се: Ерусалим, Ватикан, Мека, Медина, Варанаси, Лурд и многу други.

Овие глобални дестинации привлекуваат туристи, поклоници и аџии од целиот свет. Најдобар пример е, секако, градот Ерусалим, центар на три големи вери – јудаизмот, христијанството и исламот. Овде се среќаваат најважните светилишта на трите вери: Ѕидот на плачот – за јудаизмот; храмот на Светиот гроб и други цркви – за христијанството; и џамијата Ал Акса – за исламот. Втор пример: Мека и Медина се најважните свети места за аџиите на исламот. Трет пример: Ватикан, најважното свето место за поклониците на христијаните католици, итн.

Во регионот има над десет верски локации, кои се посетени од стотици илјади туристи и верници: манастирите на Света Гора и Метеори во Р Грција, црквата „Св. Петка“ во Јаши – Р Романија, црквата „Св. Марија Бистрица“ во Р Хрватска, манастир „Св. Василие Острошки“ во Р Црна Гора, манастир „Жича“ во Р Србија, манастир „Дечани“ во Р Косово, манастир „Звернец“ во Р Албанија, Рилскиот и Трновскиот манастир во Р Бугарија и, секако, манастирите „Свети Наум“ и „Св. Јован Крстител“ (Бигорски манастир) во РС Македонија.

Балканскиот Полуостров во 2019 година го посетиле над 100 милиони туристи, а само соседите на РС Македонија биле посетени од над 50 милиони туристи (Грција 32 милиони, Бугарија 10 мил., Албанија 6 мил., Србија 3 мил., и Косово над 300.000 туристи). За голем број туристи цел на посета се и верските објекти (манастири, цркви, џамии, катедрали и др.).

Имено, во периодот што следува тур-операторите, туристичките агенции, верските заедници, манастирите и сл., треба да креираат повеќедневни тематски туристички тури за верски туризам, поклонииштво или аџилак низ РС Македонија, но и повеќе трансрегионални балкански верски рути или патеки за посета и престој во познати манастири. Престојот во манастирите може да биде добро организиран преку литургија и други активности – работилници и обуки посветени на средновековната култура (писменост, орнаментика, калиграфија, сликарство, архитектура, макетарство, иконопис, дрворез – резба и сл.). Исто така, на туристичките саеми, кога се претставува македонскиот туризам, треба да се промовираат и туристичките места и манастирите што нудат верски туризам.

Ако тргнеме од интенцијата дека голем број туристи транзитираат низ РС Македонија (над 5 милиони туристи), како и тоа дека во 2019 година државата ја посетиле над **750.000 странски туристи,** од кои најголем број се туристи што традиционално и во континуитет ја посетуваат Македонија, а исто така, има и туристи што се дел од повеќедневни кружни тури (*пр.: Грција – Бугарија – Македонија; Албанија – Македонија – Грција; Грција – Македонија – Албанија; Србија – Бугарија – Македонија; Бугарија – Србија – Македонија и други комбинации*), за популаризацијата на верскиот туризам предлагаме неколку повеќедневни кружни верски патеки на РС Македонија со сите соседни држави.

Централната географска положба на **државата е предодредена за интернационална и меѓуверска соработка со сите соседни држави**. Во Стратегијата, покрај другото, предлагаме нови туристички идеи, кои мора да бидат промовирани и применети од страна на тур-операторите, туристичките агенции и другите засегнати страни за популаризација на верскиот туризам не само во РС Македонија туку и запознавање со верските објекти и верите во соседните држави (Р Србија, Р Бугарија, Р Грција, Р Албанија и Р Косово).

Главна аксиома – апсолутна вистина да биде „од симболика во практика“, применета преку практикување на верскиот туризам во РС Македонија и од неа – **„Ореол на верска толеранција, разбирање слава и почит“** на заемно меѓуверско и меѓудржавно чествување и запознавање.

За почеток, Стратегијата, покрај поддршка на активните манастири, нуди и

нова туристичка содржина на четири „ореоли“ – регионални верски кружни патеки или рути:




**КАРТА**
РС Македонија со 4 ореоли на регионална заемна туристичка меѓуверска и меѓудржавна толеранција, разбирање, слава и почит

**„Ореол 1.“ – Регионална верска патека: Посета на четири братски манастири, регионални светители**: Два манастири во РС Македонија, еден во Р Бугарија и еден манастир во Р Србија. Преку оваа верска патека туристите се запознаваат со житието на четирите регионални светители, се промовира верскиот туризам на православието во трите држави и верско зближување на народите, по_патот на четирите свети браќа (Гаврил, Прохор, Јован и Јоаким) и четирите манастири („Гаврил Лесновски“, „Прохор Пчински“, „Јован Рилски“ и „Јоаким Осоговски“).

**„Ореол 2.“ – Регионална верска патека: Патека на цркви и манастири (Охрид – Преспа)**: Посета на манастири и цркви околу Охридското и Преспанското Езеро – дел од историската област „Кутмичевица“ (поврзување на РС Македонија, Р Албанија и Р Грција).

а) Посета на манастири и цркви околу Охридското Езеро: повеќе цркви во градот Охрид и манастирот „Св. Наум“ (РС Македонија); – цркви во градот Поградец и селото Лин (Р Албанија); – манастирот „Рождество на Пресвета Богородица“ во селото Калишта (РС Македонија).

б) Посета на манастири и цркви околу Преспанското Езеро: цркви и манастири „Св. Георгиј“ – с. Курбиново, „Пресвета Богородица“ – с. Сливница, „Св. Петка“ – с. Брајчино, „Св. Петар и Павле“ – с. Подмочани и други (во РС Македонија); црква „Св. Ахил“ – Мало Преспанско Езеро (во Р Грција); црква „Св. Воскресение Христово“ во градот Корча и црква „Св. Огнена Марија“, с. Туминец, Мала Преспа (во Р Албанија).

**„Ореол 3.“ – Регионална верска патека: По патот на црквите и манастирите во Струмичката Област** (РС Македонија, Р Бугарија и Р Грција)

а) По реката Струмица, Струма и Дојранското Езеро: црква „Пресвета Троица“ во Радовиш, манастир „Св. Леонтиј“ во селото Водоча, „Манастир Воведение Пресвета Богородица“ во селото Вељуса, црква „Св. 15 Тивериополски маченици“ во Струмица (РС Македонија); црква „Успение на Пресвета Богородица“ во Пе-

трич, локалитет „Хераклеја Синтика“ (во Р Бугарија); цркви „Св. Теодор Тирон“ и „Св. Никола“ во Сер, „Св. Пантелејмон и Св. Софија“ во Драма (во Р Грција); црква „Св. Илија“ и манастирски комплекс „Партениј Зографски“ во Дојран (РС Македонија).

б) По патот на Свети Апостол Павле во Македонија: црква „Св. 15 Тивериополски маченици“, катедрала „Успение на Пресвета Богородица“ во Струмица; црква „Св. Илија“ и манастирски комплекс „Партение Зографски“ во Дојран; католичка црква „Св. Кирил и Методиј“ и православна црква „Св. Атанасиј“ во Богданци и вештачкото езеро Паљурци изградено на местото на некогашното село Паљурци. Денес во близина на езерото има изградено капела „Мајка Божја Утешителка“. *(За селото Паљурци или, на турски, Павлерци, постои легенда дека името доаѓа од Апостол Павле, кој кога доаѓал да го проповеда христијанството, секое посетено место го нарекувале „Павлово место“. Подоцна во негова чест во близина на селото бил изграден манастирот „Апостол Павле“. Селото не постои и од 1924 година целосно е раселено)* (во РС Македонија); цркви „Св. Теодор Тирон“ и „Св. Никола“ во Сер; „Св. Пантелејмон“, „Св. Софија“ во Драма; црква „Св. Никола“ *(место каде што Апостол Павле стапнал во Македонија – Европа. Во 2000 година на ова место е изграден споменик)* и црква „Успение на Пресвета Богородица“ во Кавала (во Р Грција); црква „Успение на Пресвета Богородица“ во Петрич, локалитет „Хераклеја Синтика“ (во Р Бугарија).

**„Ореол 4.“ – Регионална верска патека: Патека на цркви, манастири и џамии** (РС Македонија, Р Косово, Р Албанија): Лешочки манастир „Пресвета Богородица“ и „Свети Атанасиј Велики“ и Шарена Џамија во Тетово (во РС Македонија); цркви „Св. Никола“, „Св. Георгиј“, католичка црква „Пресвета Богородица“, џамија „Бајракли“ и „Синанпашова џамија“ во Призрен (во Р Косово); цркви и џамии во Скадар: џамија „Ебу Бекр“, католичка црква „Свети Стефан“ и православен храм „Рождество Христово“ (во Р Албанија); цркви и џамии во Дебар, црква „Успение на Пресвета Богородица“, „Св. Петка“, џамија „Хунќар со Теќе“, џамија „Саат-кула“, манастир „Св. Георгиј“ во село Рајчица и Бигорски манастир „Свети Јован Крстител“ (во РС Македонија).

Други важни податоци за регионалната верска соработка реализирана преку туризмот се и следните факти, кои можат да бидат добар пример за регионот:

-целта на верскиот туризам е запознавање, разбирање на религиите и нивно поврзување преку идентични и слични пораки;

-историските списи тврдат дека за првпат масовно се возобновува православното монаштво во Македонија со доаѓањето на Светите Климент и Наум во тогашната погранична и неразвиена област – Кутмичевица, на бреговите на Охридското и Преспанското Езеро, во првата половина од X век, од каде што започнува да се проширува и на други простори;

-во Македонија, како мултирелигиозна држава, регистрирани се повеќе верски објекти што имаат свои празници. Познати верски празници за православните христијани се: Рождество на Господ Исус Христос – Божик, (7.1.); Велигден (со подвижен датум, според пасхалната таблица); за муслиманите се: Рамазан или

Фитер Бајрам (подвижен датум) и Курбан Бајрам (подвижен датум), а за христијаните католици: Раѓање на Господ Исус Христос – Божик, (25.12.); Велигден (со подвижен датум) и Мајка Тереза (5.9.). Други помасовно прославувани христијански празници, гледано хронолошки во текот на годината, се: Обрезание на Господ Исус Христос и Св. Василиј Велики (14.1.), Богојавление – Водици (19.1.), Собор на Св. Јован Крстител (20.1.), Сретение на Господ Исус Христос (15.2.), Св. Ѓорѓи (6.5.), Св. Наум (3.7.), Св. Архангел Михаил (26.7.), Св. Илија (2.8.), Св. Ана (7.8.), Св. Петка (8.8.), Св. Пантелејмон (9.8.), Успение на Пресвета Богородица (28.8.), Св. Димитрија (8.11.), Св. Никола (19.12.) и др. Дел од овие празници ги чествува и Католичката црква. Други верски празници кај муслиманите, покрај Рамазан Бајрам и Курбан Бајрам, се: Лејлетул Мираџ, Почеток на постот, Лејлетул Берат, Ноќта на Кадер, Нова Хиџретска година, Ашура, Мевлуд. Верски празници кај Евреите: Меѓународен ден на сеќавање на холокаустот – прогласен од Обединетите нации (27.1.), Ту Бишват, Таанит Естер, Пурим, Песах, Јом Хашоа, Јом Хазикарон, Јом Хаацмаут, Јом Јерушалаим, Шавуот, Типа Беав, Рош Хашана, Јом Кипур, Сукот, Симхат Тора, Ханука. Од празниците на Евангелската методистичка црква би го издвоиле празникот Мајчин ден (9.5) итн.;

-панаѓурите се свечени собири што најчесто се одржуваат во исто време со некој верски празник, близу до некој манастир или, пак, се организираат засебно на одредени локации (Неготински панаѓур, Кавадаречки панаѓур и др.);

-настани посветени на водите –во светски рамки е познато дека е водата ресурс што му е потребен на живиот свет, но и ресурс кој постојано се загадува. За таа цел, како заштита на чистата вода, кај нас се одржуваат одредени настани посветени на водите, како што е Денот на Езерото, но исто така, како ден за заштита на водите е и верскиот празник Водици (Водици во Охрид, во Скопје и во други градови и села низ Македонија);

-свадбарски обичаи – попознати се одредени свадбарски обичаи, кои од дамнешни времиња, па сѐ до денес се почитуваат. Овие настани се одржуваат во с. Галичник (Маврово) и во Пијанечко-малешевскиот дел на РС Македонија;

-празници за образованието – постојат денови што се посветени на образованието, како што е Денот на сесловенските просветители „Св. Кирил и Методиј“, Денот на албанската азбука и сл.;

-верските празници опфаќаат учесници што се, пред сѐ, припадници на определена конфесија. Тоа значи дека целната група во туристичката побарувачка се верниците и поклониците. Опсегот на туристичкиот пазар е определен со дисперзивниот карактер на манифестацијата (од локално до меѓународно ниво). Со тоа е утврдена и емитивната зона, односно просторните целини од кои можат да се очекуваат посетители. Туристичката побарувачка за одредени религиозни настани, како на пример, за Бајрам, се бара меѓу туристи што имаат исламска култура;

-локални верски празници, литии и други настани. Во **Скопје**: Пресвета Богородица (28.8. / 21.9.) – заштитничка на градот, Св. Димитрија (8.11.) и Св. Климент Охридски (8.12.); во **Битола**: Преп. Св. Нектариј Битолски (18.12.) – за-

штитник на градот; Св. мч. Агатангел Битолски (12.3), Св. 40 Севастилски маченици – Младенци и Св. 40 Битолски маченици (22.3.).; во **Штип**: Св. Никола (19.12.) – заштитник на градот, Св. 40 Севастилски маченици – Младенци (22.3.); во **Прилеп**: Св. Никола (19.12.) и Св. Благовештение; во **Свети Николе**: Св. Никола (19.12.) – заштитник на градот; во **Охрид**: Свети Еразмо Охридски (15.6.); Св. Пантелејмон и Св. Климент Охридски (09.8. / 08.12.), Св. Наум (5.1. / 3.7.); во **Струга**: Св. Георгиј (6.5.); во **Велес**: Св. Пантелејмон (9.8.) – заштитник на градот, Св. Димитриј (8.11.), Вознесение Христово; во **Ресен**: Св. Кирил и Методиј (24.5.), Св. Георгиј (6.5.); во **Крушево**: Св. Никола (19.12.); во **Кратово**: Св. мч. Георгиј Кратовски (24.2.); во **Струмица**: Св. 15 Тивериополски маченици (11.12.); во **Куманово**: Св. Никола (19.12.) и Пресвета Троица ; во **Кавадарци**: Св. Трифун (14.02); во **Неготино**: Св. Трифун (14.2.); во **Гевгелија**: Св. Спас – Спасовден ; во **Берово**: Успение на Пресвета Богородица (28.8.); во **Македонска Каменица**: Успение на Пресвета Богородица (28.8.); во **Крива Паланка**: Св. Јоаким Осоговски (29.8.) – заштитник на градот, Св. Димитрија (8.11.); во **Тетово**: Св. Кирил и Методиј (24.5.) и Св. Димитрија (8.11.); во **Гостивар**: Пресвета Богородица (28.8./21.9.); во **Кичево**: Св. Апостол Петар и Павле (12.7.); во **Дебар**: Св. Петка(27.10.); во **Пробиштип**: Успение на Пресвета Богородица (28.8.); во **Радовиш**: Св. Спасо Радовишки (21.8.) – заштитник на градот; во **Кочани**: Св. Георгиј (6.5.) и Св. Преображение (19.8.); во **Делчево**: Успение на Пресвета Богородица (28.8.); во **Виница**: Св. Архангел Михаил и Св. Апостол Павле (13.7.); во **Демир Хисар**: Св. Кирил и Методиј (24.5.); во **Богданци**: Св. Атанасиј (31.1.); во **Демир Капија**: Успение на Пресвета Богородица (28.8.); во **Пехчево**: Св. Петар и Павле (12.7.); во **Македонски Брод**: Рождество на Пресвета Богородица (21.9.); во **Валандово**: Св. Георгиј (06.5.) итн.;

-<u>Мултиконфесионален календар:</u> Само РС Македонија од државите во регионот, односно Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) изработува мултиконфесионален календар на пет различни конфесии: Македонската православна црква (МПЦ), Исламската верска заедница (ИВЗ), Католичката црква (КЦ), Еврејската заедница во Република Македонија (ЕЗРМ) и Евангелско методистичката црква (ЕМЦ). Во календарот се наведени 117 верски празници или празнични денови, од кои 18 се заеднички за две или за повеќе конфесии.

## 2.3. АНАЛИЗА НА ДОМАШНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ ПО РЕГИОНИ

Во текстот подолу, гледано по статистички плански региони, даваме опис и преглед со осврт на сите активни манастири и на најголем дел од верските ресурси во државата. За сите 40 активни манастири вреднуваме 15 потенцијали за развој, од кои пресметуваме и вредносни индексни поени, потоа даваме свот-анализа за можностите за развој на верски туризам во секој регион итн.

Во Стратегијата – прва од ваков вид, се дава и подолг опис на познати верски објекти гледано по статистички региони. Описот е во функција на добивање автентична претстава за состојбата на верските објекти што практикуваат активности во правец на верскиот туризам. Од описот треба да произлезе потребата за поддршка на повеќе активни манастири и други верски објекти, со цел во секој регион да се нудат разни активности на верски туризам (престој, молитва, богослужба, верска едукација, но и одржување работилници – за цртање икони, фрески, резба, изработка на одежди, свеќи, крстови, сувенири; посета на спомен-соби, музеи, музејски поставки – галерија на икони, фрески, резби, изложба на одежди, крстови; како и одржување ликовни колонии, резбарски колонии, верска едукација на млади и возрасни лица; и други активности преставени преку социјални медиуми, веб-страници итн.).

Анализата за секој регион вклучува:

►кратки податоци за секој плански регион;

►опис на сите активни манастири во регионот;

►табела на индекс за искористеност на потенцијалите за секој активен манастир;

►краток опис на други верски локалитети како дестинации со висок потенцијал за развој на верскиот туризам;

►осврт на други потенцијали;

►кратка swot-анализа за секој регион;

►топ-дестинации и локации на понуда;

►настани и атракции;

►табела за туристичка посета за секој регион со наведен број на туристи од топ 10 држави за 2019 година.

Република Северна Македонија е поделена на осум плански региони, кои служат за статистички, економски и административни цели. Во текстот што следува поместена е анализа за домашните потенцијали за развој на верскиот туризам по региони.

## 2.3.1. СКОПСКИ РЕГИОН




Скопскиот плански регион се наоѓа во северниот дел на РС Македонија и се граничи: на југ со Вардарскиот Регион, на запад со Полошкиот Регион, на југ и југозапад со Југозападниот Регион, на исток со Источниот и Североисточниот Регион и на север со Р Косово.

Центар на регионот е градот Скопје.

### КРАТКИ ПОДАТОЦИ ЗА СКОПСКИОТ РЕГИОН

Скопскиот регион ја опфаќа Скопската Котлина, а неговата вкупна површина изнесува 1.812 км$^2$ или 7,3 % од вкупната површина на РС Македонија. Тој е најмалиот регион според површина, но според населеност има изразито густа населеност од 319 жители/км$^2$ и апсорбира повеќе од една четвртина од вкупното население во државата. Регионот ги опфаќа општините од Градот Скопје (10 општини) и неговата непосредна околина (7 општини). Општини во град Скопје се: Општина Центар, Општина Аеродром, Општина Карпош, Општина Чаир, Општина Кисела Вода, Општина Бутел, Општина Ѓорче Петров, Општина Гази Баба, Општина Сарај и Општина Шуто Оризари; во непосредната околина, во котлината се општините: Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер Сандево.

Скопскиот Регион е поврзан со патен (автопати) и железнички сообраќај со Тетово, Куманово и со Велес, а меѓународно со патен и железнички сообраќај кон Р Косово преку граничкиот премин Блаце. Во регионот има повеќе регионални и локални патишта.

Во овој плански регион најразвиен центар е градот Скопје, кој е главен град на Републиката и како таков претставува посебна административна единица. Градското подрачје зафаќа површина од 225 км$^2$, со широчина 9 км (Водно–Радишани) и должина 23 км (Драчево – Ѓорче Петров). Станува збор за град со бо-

гата историја, култура и традиција, кој заедно со општините и руралните места што го опфаќаат регионот нудат многу места и атракции од интерес за туристите. Низ Скопје и Скопската Котлина протекува најголемата македонска река Вардар со своите притоки: Треска, Пчиња, Маркова Река, Лепенец и Кадина Река. Скопската Котлина ја опкружуваат планините: Водно, Караџица, Осој, Жеден и Скопска Црна Гора. Освен планинските масиви што нудат можности за развој на планинскиот туризам, регионот го има вештачкото езеро Матка, кое претставува особено атрактивна туристичка локација. Исто така, познати се и Салаковските глечерски езера на планината Јакупица. Значаен е и резерварот „Јасен“ со вештачкото езеро Козјак, како и Катлановска бања. Во овој регион има повеќе пештери, археолошки локалитети, верски објекти и разни културни споменици. Најпознати туристички дестинации се: езерото Матка со пештерата „Врело“, Камениот мост, планината Водно со Милениумскиот крст, Старата скопска чаршија, Скопското Кале, акведуктот, повеќе значајни верски објекти и многу други.

Скопскиот Регион е административно и верско седиште. Во него се наоѓа Владата, Собранието и претседателската резиденција, потоа седиштата на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, седиштето на Исламската верска заедница, на Католичката црква, на Евангелско-методистичката црква, на Еврејската заедница и на многу други помали верски субјекти, како и на голем број владини, културни, просветни, медиумски и образовни институции. Во регионот има неколку универзитети и голем број факултети, потоа повеќе музеи, спомен-куќи, театри, киносали, хотели, ресторани, туристички инфо-центри и сл. Инфраструктурата во овој регион е во добра состојба, а многу е развиен и јавниот, железничкиот, авионскиот и такси-превозот. Во Скопскиот Регион се застапени повеќе религии, а Скопје има докажана долга традиција на соживот меѓу повеќе религии. Според изјаснувањето на граѓаните во овој регион, најголем дел од жителите се православни христијани, потоа следуваат муслиманите и сите други вероисповеди. Во Скопскиот Регион присутни се пет уставни цркви и верски заедници со свои верски објекти, но и повеќе од малите регистрирани верски субјекти. На просторот на овој регион дејствува Скопската православна епархија на МПЦ-ОА, Скопското муфтиство на ИВЗ, потоа Скопската бискупија при КЦ, како и другите верски субјекти.

## АКТИВНИ МАНАСТИРИ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН

Има пет активни манастири во Скопскиот Регион:

1. Манастир „Свети вмч. Пантелејмон“ – с. Горно Нерези (машки манастир);
2. Марков манастир „Свети Димитриј“ – с. Маркова Сушица (женски манастир);
3. Манастир „Успение на Пресвета Богородица“ – Матка (женски манастир);
4. Манастир „Свети Никола“ – с. Љубанци (женски манастир);
5. Манастир „Свети архангели“– с. Кучевиште (женски манастир).

## 1. МАНАСТИР „СВЕТИ ВМЧ. ПАНТЕЛЕЈМОН" – С. ГОРНО НЕРЕЗИ, СКОПЈЕ



Манастирот посветен на светиот великомаченик Пантелејмон во с. Горно Нерези (Општина Карпош) се наоѓа на планината Водно, на само 8 километри југозападно од центарот на Скопје. Манастирската црква е подигната во македонски стил од византискиот принц Алексеј Ангел во 1164 година. Во црквата има зачувано фреско-сликарство, кое по своите квалитети се вбројува меѓу врвните дострели на византиското сликарство од времето на династијата Комнини. Манастирот е прогласен за споменик на културата. Овој манастир е од огромно значење за МПЦ-ОА, поради високата уметност на живописот на манастирската црква, кој е прогласен од световски научници како предвесник на ренесансата. Нерешкиот манастир има свои конаци, кои се познати по својот автентичен лик, а пошироката јавност е запознаена со нив преку Македонските народни приказни, кои голем дел се снимани во манастирскиот комплекс. Веднаш до манастирот се наоѓа комплексот „Етно-село", кој не е активен. Кај манастирскиот паркинг се наоѓаат и манастирските гробишта. Во моментот манастирот е во фаза на обнова на монашкиот живот и во него веќе живеат петмина монаси.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 5 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 1 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 2 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 2 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Манастирски ракотворби | 2 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 1 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 3 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 3 |
| | **Вкупно: 2,33 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува Нерешкиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,33. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Нерешкиот манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба како историски културен споменик од високо значење и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки на правците за развојот, воочлива е моменталната состојба на сосема недоволната искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува манастирот за привлекување туристи како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 2. МАРКОВ МАНАСТИР „СВЕТИ ДИМИТРИЈ“ – С. МАРКОВА СУШИЦА, СКОПЈЕ



Марковиот манастир е еден од највпечатливите живи манастири во Скопскиот Регион. Се наоѓа јужно од селото Маркова Сушица (Општина Студеничани), по долината на Маркова Река на нејзиниот лев брег, на 20 км од Скопје. Во самиот манастир се наоѓа црквата „Св. вмч. Димитриј“ и импозантната камбанарија. Манастирот е започнат да се гради во 1345 година, во времето на кралот Волкашин, а се завршил во дните на кралот Марко, поради што е познат и како Марков манастир. Марковиот манастир е прогласен за културно наследство и тој е под заштита. Значајно е да се напомене дека од 1801 до 1818 година игумен на манастирот бил јеромонахот Кирил, кој во овој манастир основал училиште и ја напишал книгата „Огледало“. Во минатото манастирот бил еден од најзначајните културно-просветни и книжевни центри. Манастирскиот комплекс денес поседува свои конаци и други помошни простории. Покрај конаците се наоѓа уште и фурна, казани за печење ракија, бунар со студена вода и мошне стара воденица. Меѓу зградите на конаците се наоѓа старата трпезарија, која има форма на еднокорабна црква со апсида на северната страна. Ѕидовите на трпезаријата порано биле покриени со фреско-живопис. Манастирскиот комплекс има и свои манастирски гробишта, а денес постои и параклис посветен на Свети апостол Марко, кој е граден во поново време. Исто

така, во манастирот постои и спомен-соба на отец Кирил Тетоец. Во манастирот суштествува женско монашко сестринство. Веднаш до манастирот се наоѓа и излетничкото место Маркова Река.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 4 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 4 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 5 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 3 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 4 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 5 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 5 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 3 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 3 |

**Вкупно: 3,46 индексни поени**

Според условите што ги поседува Марковиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 3,46. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Марковиот манастир има широки потенцијали за унапредување на својата туристичка понуда. Дадените параметри, ако ги разгледуваме и ако ни послужат како насоки за правците по кои манастирот треба да се доразвива за да биде туристички поактуелен, ќе увидиме дека, и покрај тоа што некои од потенцијалите се високо развиени, сепак, моменталната состојба има потреба од доразвивање во некои од дадените критериуми што се помалку искористени, сè со цел целосен развој на планот за исполнување на потенцијалите за туристичко-верска понуда.

## 3. МАНАСТИР „УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ – МАТКА, СКОПЈЕ



Манастирот „Успение на Пресвета Богородица (познат и како Манастир Матка) — е манастир во кањонот Матка (Општина Сарај) и е позициониран веднаш на левиот брег на реката Треска, по браната на езерото Матка, на околу 17 км од центарот на градот Скопје. Манастирот е изграден во средината на XIV век на старо култно место. Точното време на подигање на црквата не е познато, ниту првиот ктитор. Црквата има форма на стеснет крст впишан во квадратна основа. Манастирот е прогласен за културно наследство и е заштитен со закон. Манастирскиот комплекс поседува свои конаци и други помошни простории. Специфично за овој манастир е дека главната ракотворба и дејност на активното женско монаштво што живее во него е изработката на свештенички одежди. Во комплексот се наоѓаат и параклис и гробишта. Овој манастир, поради близината на излетничкото место – езерото Матка, е многу важен затоа што е често посетен и од современи важни јавни личности. Во непосредна близина се наоѓа и манастирот „Свети Андреја“, како и Шишевскиот манастир „Свети Никола“. Се смета дека во кањонот Матка во минатото имало повеќе од 60 цркви.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 4 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 2 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб страница | 5 |
| 8 | Социјални медиуми | 2 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 4 |
| 10 | Издаваштво | 2 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 5 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 5 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 5 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 4 |
| | **Вкупно: 3,46 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува манастирот како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 3,46. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир има широки потенцијали за унапредување на својата туристичка понуда. Дадените параметри, ако ги разгледуваме и ако ни послужат како насоки за правците по кои манастирот треба да се доразвива за да биде туристички поактуелен, ќе увидиме дека, и покрај тоа што некои од потенцијалите се високо развиени, сепак, моменталната состојба има потреба од доразвивање во некои од дадените критериуми што се помалку искористени, сѐ со цел целосен развој на планот за исполнување на потенцијалите за туристичка понуда.

## 4. ЉУБАНСКИ МАНАСТИР „СВЕТИ НИКОЛАЈ“ – С. ЉУБАНЦИ, СКОПЈЕ



Познатиот Љубански манастир посветен на Свети Николај Мириклиски е сместен на падините на планината Скопска Црна Гора, во областа Црногорија, веднаш над скопското село Љубанци (Општина Бутел), од каде што кон манастирот води тесен асфалтиран пат. Манастирот бил обновен во 1847 година. Манастирот е значаен културен споменик. Поради поволната клима, за време на Втората светска војна манастирот служел како воздушна бања за болните од туберкулоза. Кон крајот на XX век манастирот бил во лоша состојба, со полуразурнати конаци и пропадната црква. Од манастирскиот комплекс до денес се зачувани: манастирската црква, старите конаци и други помошни стопански објекти. Иконите на иконостасот се дело на познатиот Дичо Зограф. Во моментот манастирот е во фаза на обнова и во него функционира монашко сестринство.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 4 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 4 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 4 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 1 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 3 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 3 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 2 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 3 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 2 |
| | **Вкупно 2,20 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува Љубанскиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,20. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба, како историски културен споменик од високо значење и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на сосема недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите, кои ги поседува за да привлекува туристи, како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 5. МАНАСТИР „СВЕТИ АРХАНГЕЛИ"– С. КУЧЕВИШТЕ, СКОПЈЕ



Бисерот на Скопска Црна Гора – како што е познат Кучевишкиот манастир – е важен средновековен манастир, кој е сместен на падините на планината Скопска Црна Гора, веднаш над скопското село Кучевиште (општина Чучер-Сандево), од каде што води тесен асфалтиран пат во должина од 3-4 километри. Манастирот е подигнат во живописната долина на Кучевишка Река, на едно проширено плато. Се смета дека манастирот е изграден во XIV век. Надворешниот изглед на манастирската црква остава впечаток дека е од т.н. „класичен" средновековен период. Во XIX век манастирот ја доживеал својата преродба, кога станал богословски училиштен центар со богата библиотека и

вредни предмети за богослужба, а бил и додраден јужниот конак како пандан на постариот. Манастирот е прогласен за културно наследство. Кучевишкиот манастир бил инспирација за познатиот македонскиот поет Анте Поповски да ја напише песната „*Монахот од Кучевиште што создава ружи*“. Во Кучевишкиот манастир духовно се воспитал и познатиот охридски владика Натанаил Кучевишки. Од манастирскиот комплекс до денес се зачувани: манастирската црква, старите и понови конаци и други помошни стопански објекти. Манастирот отсекогаш имал монаси, а денес, повторно е жив женски манастир.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 3 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 2 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 3 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 2 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 5 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 1 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 3 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 3 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 3 |
| | **Вкупно: 2,13 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува Кучевишкиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,13. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба, како историски културен споменик од високо значење и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на сосема недоволна искористеност на потенцијалите што ги поседува за привлекување туристи како атрактивна верска туристичка дестинација.

# ДЕСТИНАЦИИ СО ВИСОК ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН

Дестинации со висок потенцијал за развој на верскиот туризам во Скопскиот Регион се: црквата „Свети Спас“; храмот „Свети Андреј“ во кањонот Матка; Милениумскиот крст на планината Водно, Скопје; Мустафа-пашината џамија; Соборниот храм во Скопје; Евангелско-методистичката црква; Саат-кулата кај Султан-муратовата џамија; катедралата „Пресвето срце Исусово“; Јахја-пашината џамија; Спомен-куќата на Мајка Тереза; Музејот на холокаустот и археолошкото наоѓалиште „Скупи“.

## 1. ЦРКВА „СВЕТИ СПАС“ – СКОПЈЕ



Еден од најзначајните споменици на културата во Скопје е храмот „Свети Спас“, кој се наоѓа источно од тврдината Кале, во Старата скопска чаршија. Овој православен храм, според стручната литература, бил подигнат кон крајот на XVII или во почетокот на XVIII век. Тој е особено значаен поради својата мошне убава уметничка резба на иконостасот, која била изработена од страна на тајфата на познатиот македонски копаничар Петре Гарката. Во црковниот двор се наоѓа и камен саркофаг во кој се сместени посмртните останки на македонскиот револуционер и борец за слобода Гоце Делчев (1872–1903). Богослужение и верски обреди во овој храм се извршуваат само за патрониот празник Спасовден. На мала оддалеченост од црквата се наоѓа и познатата Мустафа-пашина џамија.

## 2. МУСТАФА-ПАШИНА ЏАМИЈА – СКОПЈЕ



Мустафа-пашината џамија се наоѓа на потегот меѓу Куршумли ан, храмот „Св. Спас“ и Калето. Џамијата била изградена во 1492 година, како завештание на везирот Мустафа-паша, во чија чест и го добила своето име. Историски, во состав на градбата влегувале турбе, шадрван, имарет и медреса, од кои денес се зачувани турбето на Мустафа-паша, саркофагот на неговата ќерка Уми и шадрванот во дворот на џамијата, како и остатоци од надгробни пишани плочи и имаретот и медресата. Мустафа-пашината џамија е споменик на културата. Градбата на џамијата е карактеристичен претставник на раната цариградска архитектура. Минарето е високо 47 метри. Во оваа џамија се извршува настанот предавање на меншурата и инаугурацијата на новоизбраниот реис на ИВЗ. Најновата обнова на џамијата е завршена во 2011 година. Оваа џамија е богослужбено активна.

## 3. СААТ-КУЛАТА КАЈ СУЛТАН-МУРАТОВАТА ЏАМИЈА – СКОПЈЕ



Сааткулата во Скопје е шестокатница. Се наоѓа во состав на Султан-муратовата џамија. Џамијата е сместена источно од Битпазар, на местото на кое порано се наоѓал манастирот „Св. Ѓорѓи Горгос Скоропостижник“ – познат како Вергински манастир. Џамијата е изградена во 1436 година, како завештание на султанот Мурат II, и претставува најстара зачувана џамија на територијата на Балканот. Целокупниот комплекс е прогласен за културно наследство. Во дворот на џамијата се наоѓаат турбињата на Бикиј Хан и на Али-паша од Дагестан и Саат кула, која е подигната во периодот од 1566 до 1572 година. Таа била првата саат-кула на територијата на Османлиската Држава. Механизмот на саатот бил донесен од саат-кулата во Сигет, Унгарија, по неговото заземање од страна на Османлиите. Изградена е на темели на поранешна средновековна одбранбена кула. Саат-кулата некогаш била дрвена, но подоцна била преградена со тули. Денес е во добра состојба.

## 4. СПОМЕН-КУЌА НА МАЈКА ТЕРЕЗА – СКОПЈЕ



Спомен-куќата на Мајка Тереза се наоѓа во Скопје. Желбата да ѝ се оддаде почит на најпознатата скопјанка и нобеловка од Македонија се реализира на 30 јануари 2009 година со отворањето на спомен-куќата на Мајка Тереза. Спомен-куќата се наоѓа во строгиот центар на Скопје, на улица Македонија. Локацијата на самиот објект не е случајно избрана. Имено, на ова место до земјотресот во 1963 година се наоѓала католичката црква „Пресвето Срце Исусово", во која Мајка Тереза, тогаш Гонџа Бојаџиу, била крстена само еден ден по своето раѓање. Оваа спомен-куќа е единствениот музеј во светот посветен на Мајка Тереза. Спомен-куќата на Мајка Тереза работи седум дена во неделата, влезот е бесплатен, а кустосите зборуваат повеќе странски јазици. Во состав на спомен-куќата се наоѓа и капела, сувенирница, амфитеатар и музејска поставка. На само неколку метри од спомен-куќата се наоѓа и православниот храм „Свети цар Константин и царица Елена", кој е во изградба.

## 5. МЕМОРИЈАЛЕН ЦЕНТАР НА ХОЛОКАУСТОТ НА ЕВРЕИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ



Во близина на градскиот плоштад „Македонија" во Скопје се наоѓа еден од најубавите Меморијални центри на холокаустот. Овој центар е посветен на настраданите 7.148 Евреи од Македонија за време на холокаустот и на историјата на Евреите на Балканот. Градежните работи на центарот започнале со поставување на камен-темелник на објектот на 2 септември 2005 година со поддршка на македонската влада, а неговото официјално отворање се случило во 10 март 2011 година, 68 години по трагичниот настан. Центарот се наоѓа на местото на некогашното Еврејско Маало, во непосредна близина на храмот „Свети Димитрија" и на храмот „Свети Спас". Меморијалниот центар на холокаустот претставува мултимедијален центар, составен од неколку дела, кои се поединечно отворани.

## 6. СОБОРЕН ХРАМ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ



Храмот „Свети Климент Охридски“ во Скопје е соборен архиепископски храм на Македонската православна црква – Охридска архиепископија. Каменот-темелникот е поставен на 23 април 1972 година, по проект на архитектот Славко Брезоски. Црквата е од тип ротонда, со димензии 36 x 36 метри и се состои од куполи и лакови и под со опфатена површина од околу 1.000 м$^2$. На тој простор може да се соберат речиси 6000 верници. Главната црква му е посветена на св. Климент Охридски, а долната црква на Пресвета Богородица. Од капелите, едната им е посветена на Св. цар Константин и Св. царица Елена, а другата на светиот маченик Мина. Во состав на храмот се наоѓа и Свечена сала, а надвор има и камбанарија. Осветувањето е извршено по повод 1150-годишнината од раѓањето на патронот, Св. Климент Охридски, на 12 август 1990 во времето на архиепископот охридски и македонски Гаврил. Во дворот на Соборниот храм на 12 август 2007 бил поставен споменикот на архиепископот Доситеј, првиот поглавар на возобновената Македонска православна црква. Денес во храмот се чуваат моштите на свети Јоаникиј Ракотински и се извршува секојдневно богослужение.

## 7. КАТЕДРАЛА „ПРЕСВЕТО СРЦЕ ИСУСОВО“ – СКОПЈЕ



Црквата „Пресвето Срце Исусово“ е католички храм кој се наоѓа во Скопје. Оваа црква претставува катедрален храм и седиште на Скопската бискупија при Католичката црква. Црквата била изградена во 1977 година во модернистички стил. Посебен впечаток во црквата остава витражот, кој е претставен на 12 стаклени панели, дизајнирани со ликовите на 12-те апостоли. Панелите се рачно изработени во техника на фузирано (топено) стакло, секој од нив во природна големина, транспарентни, но со колоритна заднина. На 7 мај 2019 година папата Франциск беше на апостолско патување и ја посети и Македонија. Во текот на денот папата Франциск одржа литургија на главниот плоштад, ја посети спомен-куќата на Мајка Тереза и одржа средба со младите и со свештенството во катедралата „Пресвето Срце Исусово“.

## 8. ЈАХЈА-ПАШИНА ЏАМИЈА – СКОПЈЕ



Јахја-пашината џамија е муслимански храм што се наоѓа во Скопје. Врз основа на зачуваните документи, џамијата била изградена во 1504 година од Јахја-паша во Скопје. Во периодот на своето постоење, таа била неколкупати реновирена и реконструирена. Ѕидовите на џамијата се обложени со мермерни плочи, а внатрешниот естетски впечаток е збогатен со мермерната украсна оплата на мимбарот и михработ, со прецизно изработени сталактитни украси. Џамијата е прогласена за споменично културно наследство. Минарето на Јахја-пашината џамија е високо 50 метри и се смета за највисоко меѓу скопските минариња на другите џамии. Во оваа џамија се извршуваат богослуженија.

## 9. ХРАМ „СВЕТИ АНДРЕЈ“ – С. МАТКА, СКОПЈЕ



Познатиот манастир „Св. Андреа“ се наоѓа на крајбрежјето на езерото Матка, на 17 км од Скопје, во клисурата на реката Треска. Скриен е меѓу стрмните и високи карпи и претставува еден од ретките манастири во кој се зачувани повеќето натписи од времето на подигнувањето и живописувањето на црквата, значајни за нејзината историја. Подигнат е од Андреаш, еден од синовите на кралот Волкашин, во 1389 година. Фреските се дело на митрополитот Јован (брат на познатиот иконописец Макариј) и јеромонахот Григориј. Манастирот е прогласен за културно наследство. Во негова близина се наоѓа активниот женски манастир „Успение на Пресвета Богородица“, а на повидок е и манастирот „Свети Никола“ во с. Шишево.

## 10. МИЛЕНИУМСКИ КРСТ – ПЛАНИНА ВОДНО, СКОПЈЕ



Милениумскиот крст се наоѓа на планината Водно, непосредно над градот Скопје. Изграден е во 2002 година. Негови архитекти се Јован Стефановски-Жан и Оливер Петровски. Изграден е во чест на две илјади години христијанство во Македонија и доаѓањето на новиот милениум. Конструкцијата на крстот била иницирана од Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, а била финансирана од МПЦ-ОА, Владата и дарители од државата и од целиот свет. Крстот е изграден на највисоката точка на планината Водно, на местото познато како „Крстовар", што значи место на крстот, бидејќи таму во минатото се наоѓал помал крст. На 8 септември 2008 г., денот на независност на државата, во внатрешноста на крстот бил вграден лифт. Со 66 метри височина, тоа е една од највисоките градби во Македонија. До крстот се пристигнува преку планински патеки и преку жичарница, која служи за панорамско разгледување на градот и на планината.

## 11. ЕВАНГЕЛСКО-МЕТОДИСТИЧКА ЦРКВА – СКОПЈЕ



Евангелско-методистичката црква е сакрален објект во централното подрачје на Скопје, кој е осветен и отворен во 1978 година. Локацијата на објектот е во густо изградено градско ткиво, кое главно, е составено од објекти за домување и деловни простории во приземјето, а објектот е поставен на неправилна аголна парцела, која понатаму влијае врз архитектонската форма. Историјата на Евангелско-методистичката црква е блиску врзана со адаптацијата на објекти првично наменети за домување во сакрални објекти. Сегашниот храм е проект на етаблираниот архитект Јанко Константинов, творец на објектите што ја дефинираат современата силуета на Скопје. Влезот во црквата е првиот момент каде што се навестува

како комплексната геометрија влијае врз внатрешниот простор и врз атмосферата. Салата за служба е впечатлива по начинот на кој се внесува природната светлина во објектот и како таа се користи при дизајнот на религиозната атмосфера. Планот на црквата не е врзан со одреден канон на просторно обликување. Оваа специфична просторна композиција можеме да ја дефинираме како состав или кластер од вертикални полиедри.

## 12. АРХЕОЛОШКОТО НАОЃАЛИШТЕ „СКУПИ“ – СКОПЈЕ



Скупи (лат. Scupi; Colonia Flavia Scupinorum) е древен град и археолошко наоѓалиште од римското и доцноантичкото време. Се наоѓа на 5 км северозападно од Скопје, во непосредна близина на с. Злокуќани, лево од утоката на реката Лепенец во реката Вардар, во подножјето на Зајчев Рид. Пронајдените приградските објекти и некрополите се простираат на поширок простор. Почетоците на римскиот град Скупи се поврзани со римската војска, односно од времето на Тиберij (14 г. пр. н. е. – 37 г. н. е.). Во време на царот Домицијан (84–85 г.) Скупи добил статус на колонија. Во IV век во градот е забележано зголемување на градежната дејност. Тогаш е изградена и најрепрезентативната градба, Базиликата 1, а кон крајот на IV или во почетокот на V век во градот била издигната уште една ранохристијанска црква. Во IV век Скупи станал седиште на епископија, а подоцна и на архиепископија. Градот Скупи најверојатно не бил поштеден од стравотните разурнувачки напади на Хуните во 447 год., а во 518 г. настрадал во катастрофален земјотрес. При ископините е откриена христијанска базилика, која сведочи за ранохристијанскиот живот на овие простори.

# ОСВРТ НА ДРУГИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН

Скопскиот Регион, освен со активните манастири и погореспоменатите дестинации со висок потенцијал, изобилува и со други локации што имаат најразличен потенцијал за развој на верскиот туризам. Дел од тие локации се наоѓаат во градските, а дел во руралните средини, кои со својата природа и со своите излетнички места нудат одмор и релаксација на посетителите. Голем хендикеп е тоа што повеќето од привлечните верски локалитети не нудат повеќе видови туризам и соодветни услуги, иако поседуваат потенцијали за разновидна понуда. Тоа се должи на фактот дека овие места имаат потреба од програмско развивање и унапредување на своите услови за да прераснат во препознатливи места со потенцијал за туризам. Тоа ќе го достигнат доколку ги подобрат целокупните услови за развој, како и доколку започнат да работат на креација на своја автентична понуда и приказна, која може да биде: уметничка, културна, етнолошка, фолклорна, но и квалитетна угостителска, едукативна или рекреативна. Во редот на поетаблираните места со потенцијали од Скопскиот Регион би ги издвоиле и: манастирот „Свети Никола“ – с. Шишево; манастирот „Свети Илија“ – Чардак, манастирот „Свети Никита“ – с. Горњане, манастирот „Свети Илија“ – с. Бањане, црквата „Пресвета Богородица“ во Скопје, Турбето на Гази Баба, манастирот „Свети Георгиј“ – с. Кучково, Хусеин-шаховата џамија – Сарај во Скопје и други.

# SWOT-АНАЛИЗА НА СКОПСКИОТ РЕГИОН

| ГЛАВНИ ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ) | ГЛАВНИ СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
|---|---|
| Постоење етаблирани дестинации | Слаба промоција за верскиот туризам |
| Природни и антропогени ресурси | Немање соодветни водичи и познавачи на верскиот туризам |
| Постоење добра патна мрежа и паркинг | Недостапни верски објекти отворени за туристите |
| Одлична сообраќајна поврзаност (меѓународен аеродром „Скопје“, меѓународен железнички и автобуски превоз, градски автобуски превоз и такси-превоз) | Недоволно настани, атракции, приказни итн. |
| Добра туристичка посетеност на градот | Загаденост на воздухот и ниска еколошка свест; |
| Активни манастири со развиен верски туризам | Недостапен центар за туристички информации |
| Главен административен и верски центар | Просторна оддалеченост на дел од верските објекти |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ (РИЗИЦИ)** |
| Развој на верски туризам | Природни елементарни непогоди (пожари, земјотреси, поплави, одрони и сл.) |
| Поврзување на повеќе селективни видови туризам (верски, културен, рурален, планински и др.) | Кражби, разбојништва, тероризам и сл. |
| Поврзување на религиите преку одбележување одредени настани | Оштетување на вредни артефакти |
| Инсталирање современи телекомуникациски систем (интернет) | Дополнително загадување на природната и на животната средина |

## ТОП ДЕСТИНАЦИИ И ЛОКАЦИИ ВО ПОНУДАТА

▸МАНАСТИРОТ МАТКА – С. МАТКА, СКОПЈЕ;
▸МИЛЕНИУМСКИОТ КРСТ – ПЛАНИНА ВОДНО, СКОПЈЕ
▸МУСТАФА ПАШИНАТА ЏАМИЈА – СКОПЈЕ;
▸МАНАСТИРОТ „СВ. ВМЧ. ПАНТЕЛЕЈМОН“ – С. ГОРНО НЕРЕЗИ, СКОПЈЕ;
▸СПОМЕН-КУЌАТА НА МАЈКА ТЕРЕЗА, СКОПЈЕ;
▸МЕМОРИЈАЛЕН ЦЕНТАР НА ХОЛОКАУСТОТ НА ЕВРЕИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ.

## НАСТАНИ И АТРАКЦИИ

Славите на активните манастири:

►Манастир „Свети вмч. Пантелејмон“ – с. Горно Нерези, Скопје (9 август, Свети вмч. Пантелејмон);

►Манастир „Успение на Пресвета Богородица“ – с. Матка, Скопје (28 август, Успение на Пресвета Богородица);

►Манастир „Свети вмч. Димитриј Солунски“ (Марков манастир) – с. Маркова Сушица, Скопје (8 ноември, Свети вмч. Димитриј Солунски);

►Манастир „Свети архангел Михаил“ – с. , Скопје (26 јули/21 ноември, Свети архангел Михаил);

►Манастир „Свети Николај Чудотворец“ – с. Љубанци, Скопје (19 декември, Свети Николај Чудотворец);

►Литија на празникот Рождество на Пресвета Богородица во чест на Мајката Божја, која е заштитничка на Скопје (21 септември, Рождество на Пресвета Богородица);

►Искачување на Милениумскиот крст, планина Водно, Скопје;

►Прослава на Свети мч. Трифун во манастирот „Свети вмч. Георгиј“ во Кучково, Скопје (14 февруари, Свети мч. Трифун);

►Бадникови поворки и кумство за прославата на Бадник во Соборниот храм „Свети Климент Охридски“ – Скопје (6 јануари, Бадник);

►Прослава на празникот Богојавление – Водици и осветување на водите на реката Вардар, Скопје (19 јануари, Водици);

►Комеморација во чест на загинатите Евреи – Скопје (11 март, депортацијата на Евреите од Македонија).

## ТАБЕЛА – ТУРИСТИЧКА ПОСЕТА ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО 2019 ГОДИНА

| **СКОПСКИ РЕГИОН** | **Туристи** | **Ноќевање** | **Просек во денови** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 389182 | 688324 | 1,76 |
| **Домашни** | 47019 | 108156 | 2,30 |
| **Странски** | 342163 | 580168 | 1,69 |
| Турција | 62446 | 91244 | 1,46 |
| Србија | 27166 | 42387 | 1,56 |
| Бугарија | 18444 | 28616 | 1,55 |
| Германија | 16220 | 29258 | 1,80 |
| Хрватска | 13455 | 22926 | 1,70 |
| САД | 11927 | 22670 | 1,90 |
| Кина | 11204 | 14812 | 1,32 |
| Романија | 10908 | 16291 | 1,49 |
| Словенија | 10219 | 16186 | 1,58 |
| Албанија | 9475 | 14501 | 1,53 |
| Вкупно 10 држави: | 191464 | 298891 | 1,56 |
| Учество во % од вкупно странски туристи | 55,9% | 51,5% | / |

Најголем број од туристите се од Турција, Србија и Бугарија, а потоа следуваат туристи од Германија, Хрватска итн. Нивното доаѓање најчесто е со едно ноќевање. Значителен број од туристите престојуваат во регионот поради посета на природни и антропогени мотиви (планини, езера, манастири, археолошки локалитети, културно-историски споменици и сл.). Со добро осмислена туристичка маркетинг-промоција, голем број од наведените туристи можат да бидат и потенцијални верски туристи.

## 2.3.2. ПОЛОШКИ РЕГИОН




Овој регион се наоѓа во северниот и северозападниот дел на РС Македонија и се граничи: на исток со Скопскиот Регион, на југ со Југозападниот Регион, на север со Р Косово и на запад со Р Албанија. Центар на регионот е градот Тетово.

## КРАТКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОЛОШКИОТ РЕГИОН

Полошкиот плански регион ја опфаќа Полошката Котлина, Мавровската Висорамнина и долината на реката Радика. Вкупната површина е 2.416 км$^2$. Доминираат двата градски центри – Тетово и Гостивар, а се одликува и со рурални средини, кои се многу развиени и густо населени. Специфичност е долгиот македонски планински масив Шар Планина, кој е северозападно поставен во регионот. Значителна улога имаат и планините Бистра, Сува Гора и Жеден. Регионот изобилува со природни убавини, како што се вештачкото езеро – Маврово во националниот парк Маврово, пештерите на планината Сува Гора, „Шаркова Дупка“ на Бистра и Ѓоновица или „Убавица“ на планината Буковиќ, Беловишкиот Водопад, Дуфскиот Водопад и други, кои претставуваат привлечни дестинации за туристите.

Во регионот извира најголемата македонска река Вардар (с. Вруток), а планинските масиви изобилуваат и со природни леднички езера, потоци и реки (Радика, Пена и др.).

Регионот располага со добри сообраќајници и со еден автопатен правец: Скопје – Тетово – Гостивар, една железничка пруга Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево, неколку жичници и ски-лифтови на најпознатите туристички ски-центри: Попова Шапка и Маврово. Од овој регион се одвојуваат сообраќајници кон Мавровско-дебарскиот Крај, кон југозападниот регион и на север патниот граничен премин „Јажинце“ кон Р Косово.

Во овој плански регион постои многу богато културно-историско наследство од различен вид, чии остатоци сведочат за силно мешање на културите низ времето, но и за континуиран развој на регионот.

Најпознати туристички дестинации се скијачките центри Попова Шапка и Маврово, опремени со современа патна и туристичка инфраструктура. Во овие центри се организираат повеќе манифестации од кои најпознати се: Шарпланинскиот скијачки куп и Мавровскиот меморијал. Покрај нив во регионот има и други настани и манифестации: Галичката свадба, Снежниот град, Тетовски фестивал, Лешочкиот фолк-фест, Тетовските хорски одѕиви и други. Има голем број хотели и други објекти за преноќување, како и голем број ресторани и други угостителски објекти, кои им се на располагање на посетителите.

Во регионот има неколку универзитети и факултети, осум национални установи од културата, неколку локални и регионални медиуми. Полошкиот регион опфаќа девет општини: Тетово, Гостивар, Јегуновце, Теарце, Брвеница, Боговиње, Маврово и Ростуше, Врапчиште и Желино.

Граѓаните што го населуваат овој регион според својата вероисповед во најголема мера се изјаснуваат како православни христијани и муслимани. На просторот на овој регион дејствуваат Тетовско-гостиварската епархија на МПЦ-ОА, Тетовското и Гостиварското муфтиство на ИВЗ, како и дел од другите верски заедници.

## АКТИВНИ МАНАСТИРИ ВО ПОЛОШКИОТ РЕГИОН

Активни манастири со монашки живот во овој регион се:

1. Лешочки манастир „Св. Атанасиј Велики“ – с. Лешок, О. Теарце (машки манастир);

2. Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“ – О. Маврово и Ростуше (машки манастир).

## 1. ЛЕШОЧКИ МАНАСТИР „СВ. АТАНАСИЈ ВЕЛИКИ“ – С. ЛЕШОК, О. ТЕАРЦЕ



Лешочкиот манастир се наоѓа во подножјето на планината Шара, на 560 м н. в. (метри надморска височина), во близина на локалната река, опкружен е со бујна вегетација, флора и фауна. Тој е активен манастирски комплекс, кој се состои од повеќе објекти, а главна црква е „Св. Атанасиј Велики“. Манастирот е заштитено културно наследство, а манастирската црква „Пресвета Богородица“ од XIV век е исклучително значајно уметничко достигнување. Во непосредна близина се и остатоците од стариот манастир. Манастирот е седиште на митрополитот тетовско-гостиварски и има свој игумен. Манастирот бил повеќепати уриван, но секогаш повторно подигнуван. Манастирот е вечно почивалиште на преродбеникот и игумен Кирил Пејчиновиќ-Тетоец, за кого е поставена и спомен-соба во рамките на стариот конак, која, пак, има дотраен изглед. Во рамките на манастирот формиран е духовно-културен центар „Кирил Пејчиновиќ“, со сала со мултифункционален простор за одржување културни настани. Манастирот има свој ресторан, уреден пристапен пат и паркинг. Лешочкиот манастир од главниот град Скопје е оддалечен 48 км, а од најблискиот град Тетово – 10 км.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 5 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 легла) | 5 |
| 5 | Манастирски ресторан | 4 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 4 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 2 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 1 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 1 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 1 |
| 14 | Над еден масовен собири на граѓани | 4 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 4 |
| | **Вкупно 3,00 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува Лешочкиот манастир, како дестинација во верскиот туризам и потенцијалите што му се на располагање за развој, пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 3. Тоа е прикажано во табелата во прилог. Лешочкиот манастир има широки потенцијали и за понатамошен развој, бидејќи има многу поволна местоположба, опкружување, свои историски специфики, културно значење итн. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, видливи се повеќе и помалку искористените потенцијали за Лешочкиот манастир да привлекува повеќе верски туристи како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 2. БИГОРСКИ МАНАСТИР „СВ. ЈОВАН КРСТИТЕЛ“ – О. МАВРОВО И РОСТУШЕ



Бигорскиот манастир „Свети Јован Крстител“ се наоѓа на патот помеѓу Гостивар и Дебар, во непосредна близина на селата Ростуше, Битуше, Велебрдо и Требиште, по течението на реката Радика во Западна Македонија.

Манастирскиот комплекс „Свети Јован Крстител“ – Бигорски манастир е активен манастир, кој е жариште на македонската духовна и културна традиција,

поврзан со плејада истакнати личности по потекло од Мијачкиот Крај. Неговото опстојување силно се поврзува и со дејноста на црковните прелати на Охридската архиепископија.

Најубавиот украс во црквата и она по што е најпознат овој храм е, секако, прекрасниот и единствен од ваков вид иконостас во православието, изведен во длабока резба и облагороден со живописна изведба на мноштво сцени од Стариот и Новиот завет. Ова врвно дело е на мијачките копаничари, прочуените Петре Филиповски-Гарката од с. Гари со својата тајфа и Макариј Фрчковски од Галичник. Манастирот располага со уникатни свети икони и мошти од над триесет светители.

Денес Бигорскиот манастир претставува вистински духовен центар со милениумски континуитет (1020–2021). Во него се возобновени некогашните стари црковни традиции, уметноста, книжевно-просветните и други дејности, монашкиот живот, како и бројни хуманитарни дејности. Манастирскиот комплекс го сочинуваат манастирска црква посветена на Св. Јован Крстител и многу други простории посветени на дејствувањето и историјата на манастирот. Монашкиот живот во манастирот е обновен во 1995 година, со доаѓањето на сегашниот викарен епископ Партениј. Денес братството брои околу 25 монаси.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 4 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 5 |
| 5 | Манастирски ресторан | 5 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 4 |
| 7 | Веб-страница | 5 |
| 8 | Социјални медиуми | 5 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 3 |
| 10 | Издаваштво | 5 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 5 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 5 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 4 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 5 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 5 |

**Вкупно: 4,66 индексни поени**

Според условите што ги поседува Бигорскиот манастир, како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите што му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 4,66. Индексот е прикажан во горенаведената табела и според него може да се увидат повеќе и помалку искористените потенцијали за развој на манастирот. Овој манастир има широки потенцијали за доуредување на својата туристичка понуда, а од моменталната состојба во која се наоѓа има потреба од доразвивање во некои од дадените критериуми за потенцијал за да биде туристички уште попривлечен.

## ДЕСТИНАЦИИ СО ВИСОК ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ ВО ПОЛОШКИОТ РЕГИОН

Дестинации со висок потенцијал за развој на верскиот туризам во Полошкиот Регион се: „Шарена џамија“ – О. Тетово, „Арбати Баба Теќе“ – О. Тетово, манастир „Св. Наум“ – Попова Шапка, О. Тетово, црква „Св. Никола“ – Маврово, О. Маврово и Ростуше, „Саат џамија“ со „Саат кула“ – О. Гостивар, црква „Пресвета Богородица“ – О. Гостивар, црква „Св. Петка“ – месност Петочко водиче, с. Беловиште, О. Јегуновце, Македонска ранохристијанска епископија – с. Стенче, О. Брвеница, Соборен храм „Св. Кирил и Методиј“ – О. Тетово и црква „Свети Петар и Павле“ – с. Тресонче, О. Маврово и Ростуше.

### 1. „ШАРЕНА ЏАМИЈА“ – О. ТЕТОВО



Еден од најпознатите објекти и симболи на градот Тетово е Шарената џамија, која потекнува од XV век (1495 г.) и плени со автентичната и уникатна колоритна надворешност. Се наоѓа во стариот дел и поширокиот центар на градот, веднаш до коритото на реката Пена и спроти стариот градски амам, денес НУ Галерија – Тетово. Нејзиното првично име било Алаџа (басма, шарен памук), а во XIX век го добива име-

то Пашина џамија, по својот обновувач Абдурахман-паша. Се смета за еден од најинтересните споменици од исламските сакрални објекти подигнати во градот. Шарената џамија, покрај основните објекти, има турбе, шадрван, аман, ан, мал уреден зелен парк и управна зграда. Според преданието, за да се заштити живоста на боите што се користеле во декорирањето, употребени се 30.000 белки од јајца. На блиска пешачка дистанција од 10 минути се наоѓа и познатото Арабати Баба Теќе.

## 2. „АРБАТИ БАБА ТЕЌЕ“ – О. ТЕТОВО



Арабати Баба Теќе се наоѓа на излезот од Тетово кон Гостивар. Тоа е дервишко-бектешко теќе, кое е значајна локација за верниците муслимани и бектеши, но и за населението во градот Тетово и пошироко. Теќето е изградено во XIV век од страна на Реџеп-паша и неговиот син Абурахман-паша. Во теќето живееле 15 дервиши, на чие чело стоел старешина – баба. Арабати Баба Теќе со години било центар на повеќето случувања во градот, во рамките на комплексот бил сместен и градскиот музеј, а функционирал и ресторан. Денес Арабати Баба Теќе е заштитено со закон како културно наследство и се наоѓа во добра состојба, иако има далеку помалку посети од минатото. Во комплексот се издвојуваат по својата уникатност: сината кула, големиот шадрван, турбето, како и хортикултурното уредување на целокупниот простор.

## 3. МАНАСТИР „СВ. НАУМ“– ПОПОВА ШАПКА, О. ТЕТОВО



Манастирот „Св. Наум“ на Попова Шапка е атрактивна дестинација во сите годишни сезони, се наоѓа на идеална местоположба, во нашиот најпознат зимско-рекреативен центар, и е средиште и среќавалиште на сите посетители на Попова Шапка. Манастирот е возобновен во 1992 година, бидејќи претходната манастирска црква настрадала за време на Ото-

манската Империја. Манастирскиот комплекс има црква, каде што е изработен прекрасен фреско-живопис од академскиот сликар Никола Цонев. Манастирскиот конак е отворен за посетителите и нуди угостителски услуги, има ресторан и сместување во убаво уредени соби. Комплексот се наоѓа на самите ски-терени, па е особено посетуван во зимскиот период. Во текот на летото нуди и алтернативни форми на туризам, како планински велосипедизам. Дворот е со широк тревник, на кој има поставено неколку видиковци, кои можат да ги користат сите посетители.

## 4. ЦРКВА „СВ. НИКОЛА"– МАВРОВО, О. МАВРОВО И РОСТУШЕ





На сликите се потопената и новата црква „Св. Никола" во Маврово.

Кога во 1953 година, поради изградбата на Мавровското Езеро, доаѓа до потопување на црквата „Св. Никола" во Маврово, таа а станува прочуена како потопената црква. Во 2008 година се гради нова црква „Св. Никола" близу до старата. Двата храма се наоѓаат на прекрасна локација и се симбол на Мавровското Крајбрежје. Новиот храм се наоѓа веднаш до магистралниот пат, близу до викенд-населбата и угостителските капацитети. Стариот храм во поголемиот период од годината е на суво и можно е да се посети. Новата црква има убав екстериер и ентериер, а од нејзиниот двор се протега прекрасна панорама кон езерото и кон околните планини. Во фаза на изградба е манастирски комплекс со можности за верски туризам. Во околината

на Мавровското Езеро има повеќе важни цркви, кои може да бидат посетени наменски, како што се црквите „Св. Николај“ и „Пресвета Богородица“ во селото Леуново и црквата „Св. Пантелејмон“ во село Никифорово.

### 5. „САТ-ЏАМИЈА“ СО „САТ-КУЛА“– О. ГОСТИВАР



„Саат-џамијата“, која се наоѓа во централното градско подрачје на Гостивар, е изградена во 1676 година. Оваа џамија ја изградил Ебу Бекир, син на Кара Мустафа Паша, кој меѓу 1639 и 1644 година бил везир на Османлиското Царство. Џамијата на Ебу Бекир е урната и потоа обновена од неговиот стрико Исмаил Ага. Во 1920 година џамијата го претрпува првото реновирање, а во 1944 година се врши второто реновирање на оваа џамија, за по 50 години, во 1994 година, над темелите на оваа стара џамија да се изгради убав верски храм кој се наоѓа на центарот на градот. Гостиварската саат-кула, заедно со оние во Скопје, Битола и Прилеп, е една од најзачуваните оригинални саат-кули. Таа сè уште е во функција и го покажува точното време преку неколку часовници вградени на неа. Во непосредна близина е и црквата Пресвета Богородица на градскиот плоштад.

### 6. ЦРКВА „ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ – О. ГОСТИВАР



Црквата „Пресвета Богородица“ е главната и катедрална црква сместена на самиот плоштад во центарот на градот. Таа претставува импозантна градба со висока купола, во чиј состав се крстилница и административна зграда. Изградбата на црквата е започната во 1924 година, а нејзиното осветување е извршено во 1929 година. Во 2003 година на црквата е извршен поголем реставраторски зафат.

## 7. ЦРКВА „СВ. ПЕТКА“ – МЕСНОСТ ПЕТОЧКО ВОДИЧЕ, С. БЕЛОВИШТЕ, О. ЈЕГУНОВЦЕ





Црквата „Св. Петка“ е лоцирана во месноста Петочко водиче, Беловиште, веднаш пред Вратница, по Теарце и Доброште, на околу 680 м н. в. Оваа дестинација е атрактивна по својата местоположба длабоко во високостеблеста шума, по течението на Беловишка Река, надвор од населено место, каде што брзиот водотек создава многубројни водопади. Во живописниот предел на месноста Петочко водиче има две цркви – „Св. Петка“ и „Св. Јован Крстител“. Просторот е уреден со клупи и патека за прошетка блиску до водопадите. Блиску до комплексот има повеќе ресторани на пристапен пат со паркинг-простор.

## 8. МАКЕДОНСКА РАНОХРИСТИЈАНСКА ЕПИСКОПИЈА – С. СТЕНЧЕ, О. БРВЕНИЦА



Село Стенче, во подножјето на Сува Гора, е древно епископско седиште, во чиј атар се откриени неколку доцноантички археолошки локалитети. Над селото е откриена една од најстарите ранохристијански базилики, која, веројатно, по својот габарит е најголемата базилика, која датира од 435 година. Се смета дека постојат повеќе наоди, меѓу кои и големиот железен крст од V век, како и низа индиции дека во ископаниот ранохристијански објект во тој период се изведувале церемонии на крштавања. Познато е дека тој обред можел да го извршува само епископ, па археолозите заклучуваат дека Стенче во тоа време било епископски центар во Полог. На локалитетот Градиште во селото е откопан артефактот жртвеник „Големата мајка“, кој според археолозите датира од пред 8000 години. Во непосредна близина на базиликата има низа важни цркви и манастири, сите во прекрасна, речиси недопрена природа, кои, пак, се посетувани и преку спортската планинарска акција „Милениумска патека“, која се одржува секоја година.

## 9. СОБОРЕН ХРАМ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – О. ТЕТОВО



Во старата градска населба „Два бреста“ се наоѓа соборниот храм во Тетово, изграден во далечната и славна 1903 година од прочуени македонски градителски тајфи. На почетокот на градбата се јавиле тешкотии поради нестабилноста на земјиштето и за да не биде подложна на лизгање, се смета дека колку што е црквата висока толку е и длабока, а темелите биле полевани со олово. Иконостасот се одликува со особено квалитетен и зрел уметнички печат. Во рамките на храмот има изложбена поставка на стари и значајни икони од Тетово и од околината. Галеријата е една од најраните поставки на икони во црковен галериски простор во Македонија. Постари галерии на икони од неа се само новоселската (во црквата Успение на Богородица во Ново Село кај Штип) и штипската (во црквата Св. Никола). Оваа збирка икони заслужува внимание поради мошне интересните и автентични иконографски и стилско-ликовни примероци. Во непосредна близина на храмот е и Спомен-куќата на формирањето на Комунистичката партија на Македонија, како дел на Музејот на тетовскиот крај.

## 10. ЦРКВА „СВЕТИ ПЕТАР И ПАВЛЕ“ – С. ТРЕСОНЧЕ, О. МАВРОВО И РОСТУШЕ



Местоположбата на оваа црква е сред село, а тоа наведува на заклучок дека е главен православен храм во с. Тресонче. Ѕидана е во 1844 година по една голема пауза при градењето, односно додека ктиторот Сарџо Брадиноски бил во заточение во Призрен. Храмот е добро зачуван и повремено служи и за вршење литургии (на Петровден). Од ѕидното или фреско-сликарството има сосема мали остатоци, кои покажуваат вредно-

сти на непознати месни мајстори, но за жал, фреските се многу оштетени. Впечатливи се симболите *змија* и *птица*, кои градителот ги вдлабнал во два камени блока од северниот ѕид. Во состав на храмот „Свети Петар и Павле“ се наоѓа и камбанарија. Недопрената природа каде што се наоѓа манастирот нуди несекојдневно доживување преку посета на планинските предели на Бистра и Стогово, бистрите речни води и водопадите на Тресонечка Река, пештерата Алилица, како и разновидниот животински и растителен свет.

## ОСВРТ НА ДРУГИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ ВО ПОЛОШКИОТ РЕГИОН

Полошкиот Регион има многубројни места погодни за развој на верскиот туризам. Повеќето од нив се наоѓаат во руралните средини, бидејќи таму посетителите можат да ја ползуваат и природата за активен одмор, во недостиг на друга посебност и културна понуда што би ги заинтересирала посетителите. Се издвојуваат многу места кои се познати и како традиционални излетнички места кај месното население. Онаму каде што условите, поради грижата на верските одбори, заедниците или месното население се добри, таму и потенцијалот е поголем. Генерално, развојот на овие места од обични излетнички места до места со позначаен потенцијал за верски туризам е условен од подобрување на условите, но и креирање автентична приказна, автентична понуда, која може да биде културна, етнолошка или фолклорна, но и угостителска и едукативна или рекреативна. Од редот на поетаблираните места се издвојуваат: манастирите „Св. Георгиј“ во с. Волковија, во с. Мала Речица и с. Туденце, црквата „Св. Никола“ во с. Челопек, црквата „Св. Марена“ во с. Зубовце и „Св. Илија“ во с. Врапчиште, потоа храмот „Св. Свети Георгиј“ во с. Лазарополе и храмот „Свети Петар и Павле“ во с. Галичник.

# SWOT-АНАЛИЗА НА ПОЛОШКИОТ РЕГИОН

| ГЛАВНИ ПРЕДНОСТ (СИЛНИ СТРАНИ) | ГЛАВНИ СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
| --- | --- |
| Постоење етаблирани дестинации | Недоволни сместувачки капацитети |
| Постоење ресторански услуги блиску до дестинациите | Слаба промоција |
| Поволна патна мрежа и паркинг | Непостоење информативен центар или водичи |
| Природни и антропогени ресурси | Недоволна дополнителна понуда |
| Кратко растојание меѓу дестинациите | Малку настани, атракции и приказни |
| Зголемен поврат на иселеници во текот на летниот период | Недоволна соработка на верските заедници со единиците на локалната самоуправа за верскиот туризам |
| Близина до главниот град Скопје и до меѓународниот аеродром „Скопје“, меѓународен железнички и меѓународен автобуски транспорт | Недоволно свесност за можностите за развој |
| Чести автобуски линии од другите градови | Слаба посетеност од странски туристи |
| Активни манастири со развиен верски туризам | Слаба заинтересираност кај населението од странските погранични места |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ (РИЗИЦИ) |
| --- | --- |
| Развој на верски туризам | Природни елементарни непогоди (пожари, земјотреси, поплави, одрони и сл.) |
| Поврзување на повеќе селективни видови туризам (верски, културен, рурален, планински и др.) | Кражби, разбојништво, тероризам и сл. |
| Поврзување на религиите преку одбележување одредени настани | Оштетување на вредни артефакти |
| Инсталирање современи телекомуникациски системи (интернет) | Загадување на природната и на животната средина |

## ТОП ДЕСТИНАЦИИ И ЛОКАЦИИ ВО ПОНУДАТА

- ▸ЛЕШОЧКИ МАНАСТИР „СВ. АТАНАСИЈ ВЕЛИКИ“ – С. ЛЕШОК, О. ТЕАРЦЕ
- ▸БИГОРСКИ МАНАСТИР „СВ. ЈОВАН КРСТИТЕЛ“ – О. МАВРОВО И РОСТУШЕ
- ▸„ШАРЕНА ЏАМИЈА“ – О. ТЕТОВО
- ▸„АРАБАТИ БАБА ТЕЌЕ“ – О. ТЕТОВО
- ▸МАНАСТИР „СВ. НАУМ“ – ПОПОВА ШАПКА, О. ТЕТОВО

## НАСТАНИ И АТРАКЦИИ

Славите на активните манастири:

► „Лешочки манастир“ (28 август, Успение на Пресвета Богородица)

► „Бигорски манастир“ (11 септември, Св. Јован Крстител)

► Искачување и богослужба на Крчин – планина Кораб, О. Маврово и Ростуше (19 август, Свето Преображение)

► Духовно биенално издание на Меѓународниот хорски фестивал „ТЕХО“ – О. Тетово (јуни/септември)

► „Милениумската патека“ – планинарска акција на Сува Гора, О. Брвеница (октомври)

► Манифестација „Галичка свадба“– с. Галичник, О. Маврово и Ростуше (12 јули, Св. апостоли Петар и Павле – Петровден)

## ТАБЕЛА – ТУРИСТИЧКИ ДВИЖЕЊА ВО ПОЛОШКИОТ РЕГИОН ВО 2019 ГОДИНА

| **ПОЛОШКИ РЕГИОН** | **Туристи** | **Ноќевање** | **Просек во денови** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 41994 | 84138 | 2,00 |
| **Домашни** | 18560 | 35513 | 1,91 |
| **Странски** | 23434 | 48625 | 2,07 |
| Косово | 6385 | 13352 | 2,09 |
| Албанија | 3195 | 5673 | 1,77 |
| Турција | 1908 | 4701 | 2,46 |
| Германија | 1293 | 3136 | 2,42 |
| Швајцарија | 931 | 2037 | 2,18 |
| Србија | 923 | 2137 | 2,31 |
| Франција | 643 | 1125 | 1,75 |
| Бугарија | 579 | 1277 | 2,20 |
| Полска | 574 | 1134 | 1,97 |
| Италија | 565 | 1107 | 1,95 |
| Вкупно од десетте држави: | 16996 | 35679 | 1,56 |
| Учество во % од вкупниот број странски туристи | 72,5% | 73,3% | / |

Најголем број од туристите се од Косово и од Албанија, а потоа од Турција и од Германија. Нивното доаѓање најчесто е со две ноќевања. Значителен број од туристите престојуваат во регионот за посета на природни и антропогени мотиви (планини – скијање и планинарење, посета на манастири, археолошки локалитети, културно-историски споменици и сл.). Со добро осмислена туристичка маркетинг-промоција, голем број од наведените туристи можат да бидат и потенцијални верски туристи.

## 2.3.3.
## ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН




Југозападниот плански регион се наоѓа во западниот дел на земјата и се граничи со следните региони: на исток и југоисток со Пелагонискиот Регион, на исток со Вардарскиот Регион, на север со Полошкиот Регион и со Скопскиот Регион и на запад со Р Албанија.

## КРАТКИ ПОДАТОЦИ ЗА ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН

Овој регион го опфаќа басенот на Охридското Езеро и сливното подрачје на реката Треска, зафаќа површина од 3.340 км$^2$. Релјефот на планскиот Југозападен Регион е планински и котлински. Преовладуваат високи планини, чија надморска височина преминува 2000 м. Во регионот најголема е Охридско-струшката Котлина, сместена помеѓу планините Јабланица и Галичица, во еден дел исполнета со Охридското Езеро. Регионот е карактеристичен по извонредната застапеност на пештери, со оглед на варовничкиот состав на планините, изобилува со природни, вештачки и глацијални езера, и е еден од најпошумените во РС Македонија. Покрај басенот на Охридското Езеро, Југозападниот Регион ги опфаќа и Кичевската и Дебарската Котлина, областа Поречие и сливните подрачја на реките Треска и дел од Црн Дрим.

Југозападниот Регион го сочинуваат следните 13 општини: Охрид, Дебарца, Струга, Вевчани, Центар Жупа, Кичево, Македонски Брод, Дебар и Пласница.

Од планините во Југозападниот Регион се издвојуваат: Јабланица, Стогово, Галичица, Мокра Планина со Солунска Глава, Даутица, Сува Гора, Караорман, и др. Од изворите: Острово, Шум, Билјанини Извори, изворот на р. Треска кај с. Извор, Белички Извори, Вевчанските Извори, изворите кај Свети Наум и др. Од вештачките езера: Глобочичко, Дебарско, езеро Козјак; од планински езера: Вевчанско, Подгорско, Горно и Долно Лабунишко Езеро. Од археолошките локалитети од ранохристијанскиот период се издвојуваат: „Плаошник“, „Св. Еразмо“, Студенчишта во Охрид и Октиси во Струга. Националниот парк Галичица, Дебарските бањи и природниот резерват „Јасен“ се одликуваат со особено висок потенцијал за туризам.

Југозападниот Регион е сообраќајно поврзан со повеќе соседни региони. Главна сообраќајница е патниот правец Охрид – Кичево (автопат во изградба) и оттаму, преку Полошкиот Регион, автопатот Гостивар – Тетово – Скопје; неколку регионални патни: правци Охрид – Ресен – Битола, Кичево – Македонски Брод, Македонски Брод – Прилеп; а поврзаноста со Р Албанија е преку граничните премини Ќафасан, Св. Наум и Блато, додека, пак со светот, регионот е поврзан преку аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид. Во регионот присутни се и поголем број други локални патишта, а развиен е и такси-превозот.

Југозападниот Регион е туристички лидер во споредба со другите региони во Македонија. Националниот регистар на културно наследство содржи повеќе од 350 различни културно-историски знаменитости, објекти и споменици. Меѓу најпознатите туристички дестинации во Југозападниот Регион се: градовите Охрид и Струга, Охридското Езеро, Националниот парк Галичица, изворите кај Свети Наум, Дебарското Езеро, вештачкото езеро Козјак, реката Радика, како и активните манастири.

Поради богатството од верски храмови, Југозападниот Регион има изразито висок степен на развој на верскиот туризам. Исто така, верскиот туризам може да биде дел од комбинирана туристичка понуда со други селективни видови туризам (рурален, планински, езерски, бањски и сл.).

Во Југозападниот Регион со свои верски објекти присутни се МПЦ-ОА, ИВЗ и Католичката црква, но и повеќе од малите религиозни групи. На просторот на овој регион дејствува Дебарско-кичевската православна епархија на МПЦ-ОА, како и Охридското, Струшкото, Дебарското и Кичевското муфтиство на ИВЗ.

# АКТИВНИ МАНАСТИРИ ВО ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН

Постојат осум активни манастири во Југозападниот Регион:

1. Ставропигијалниот манастир „Пресвета Богородица" – с. Калишта, О. Струга (машки манастир);
2. Манастирот „Свети Наум Охридски" – О. Охрид (машки манастир);
3. Манастирот „Богородица Перивлепта" – О. Охрид (машки манастир);
4. Манастирот „Св. Георгиј Победоносец" – с. Рајчица, О. Дебар (женски манастир);
5. Манастирот „Рождество Богородично" – с. Горни Манастирец, О. Македонски Брод (машки манастир);
6. Манастирот „Сите Светители" – с. Лешани, О. Дебарца (машки манастир);
7. Манастирот „Свети Георгиј" – с. Кнежино, О. Кичево (женски манастир);
8. Манастирот „Воведение Богородично – Пречиста" – О. Кичево (женски манастир).

## 1. СТАВРОПИГИЈАЛЕН МАНАСТИР „ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА " – С. КАЛИШТА, О. СТРУГА



Ставропигијалниот манастир „Пресвета Богородица" се наоѓа на западниот брег на Охридското Езеро, во непосредна близина на струшкото село Калишта. По обновувањето на Охридската архиепископија во 1967 година, прогласен е за ставропигијален и веднаш потоа таму е изградена летната резиденција на Неговото Блаженство архиепископот охридски и македонски господин Доситеј. Денес таа е летна резиденција на архиепископот охридски и македонски и на Јустинијана прва, г. г. Стефан.

Само на неколку метри од езерото, во близина на манастирот, се наоѓаат две пештерни цркви, кои датираат од XV век. Едната е посветена на Мајката Божја,

а другата на Св. Атанасиј. Во непосредна близина се наоѓа манастирската црква „Св. Петар и Павле“. Целиот комплекс плени со својата убавина, која ги спојува природата и духовниот мир во една симетрична хармонија. Поради тоа, а посебно поради атрактивноста на пештерните цркви, овој манастирски комплекс го сместуваат во редот на манастири во Југозападниот Регион со висок потенцијал за верски туризам.

Со посебна убавина пленат и конаците, кои се возобновени и во чии топли пазуви престојуваат верниците. Охридското Езеро и околната костенова шума нудат одмор и можност за молитва, мир и созерцание (длабоко размислување). Слава на овој манастир е Рождество на Пресвета Богородица – Мала Богородица, на 21 септември.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 5 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 5 |
| 5 | Манастирски ресторан | 4 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 4 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 4 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 2 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 1 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 5 |

**Вкупно: 3,20 индексни поени**

Според условите што ги поседува манастирот во Калишта, како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите што му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 3,20. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Манастирот има широки потенцијали за унапредување на својата туристичка понуда. Ако ги разгледуваме дадените параметри и ако ни послужат како насоки за правците по кои манастирот треба да се доразвива за да биде туристички поактуелен, ќе увидиме дека, и покрај тоа што некои од потенцијалите се високо развиени, сепак, моменталната

состојба има потреба од развивање во некои од дадените критериуми што се помалку искористени, сè со цел целосен развој на планот за исполнување на потенцијалите за туристичката верска понуда.

## 2. МАНАСТИР „СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ" - О. ОХРИД



Манастирот „Свети Наум Охридски" се наоѓа во локалитетот „Свети Наум", на 30 километри јужно од градот Охрид. Издигнат е на карпа високо над охридскиот брег. Датира од 900 година, а негов ктитор бил најголем следбеник на Свети Климент, Наум Охридски Чудотворец, кој тогаш црквата ја посветил на Светите архангели Михаил и Гаврил. Во 910 година, по неговата смрт, Свети Наум Охридски бил погребан во малата капела во манастирот. Капелата постои и денес и е украсена со прекрасни фрески со сцени од животот и чудата на светителот. Секојдневно манастирот го посетуваат поклоници на култот на Свети Наум и туристи, а особено масовно е посетен во летниот период.

Во времето на турското владеење манастирот бил целосно разурнат. Бил повторно изграден врз темелите на стариот манастир во неколку фази помеѓу XVI и XVII век. Во манастирот денес не е зачувана фреско-декорацијата од X век, а постојните фрески датираат од 1806 година. Уникатен елемент во манастирот е неговиот иконостас во позлатена резба изработен во 1711 година. За жал, уметничките дела и поголем дел од манастирот од постариот период биле уништен во голем пожар во 1875 година. Подоцна бил целосно обновен. Манастирот Свети Наум има две слави. Едната е на 5 јануари, денот кога Свети Наум се преселил на небесата (Свети Наум Зимски), а другата е на 3 јули (Свети Наум Летен). На овој летен празник има голем народен собир во манастирот.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 5 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 5 |
| 5 | Манастирски ресторан | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 4 |
| 7 | Веб-страница | 4 |
| 8 | Социјални медиуми | 4 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 5 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 5 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 1 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 2 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 5 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 5 |

**Вкупно: 4,06 индексни поени**

Според условите што ги поседува манастирот „Свети Наум Охридски“ како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 4,06. Индексот е прикажан во горенаведената табела и според него може да се увидат повеќе и помалку искористените потенцијали за развој на манастирот. Овој манастир има широки потенцијали за доуредување на својата туристичка верска понуда, а од моменталната состојба во која се наоѓа има потреба од доразвивање во некои од дадените критериуми за потенцијалите за да биде туристички попривлечен.

## 3. МАНАСТИР „БОГОРОДИЦА ПЕРИВЛЕПТА“ - О. ОХРИД



Манастирот „Богородица Привлепта“ (односно, Пресвета Богородица, *онаа шшо іледа сè*) се наоѓа во стариот дел на Охрид – Горна порта. Во натписот што се наоѓа над западниот влез во нартексот се наведува дека ктитор на манастирот бил византискиот војсководец Прогон Згур, зет на византискиот император Андроник II Палеолог, кој го подигнал во 1295 година.

Откако Климентовиот манастир „Св. Пантелејмон“ бил урнат и претворен во џамија, моштите на Св. Климент биле пренесени во манастирот „Богородица Перивлепта“, па затоа овој манастир уште се нарекувал и „Св. Климент“. За време на турското владеење, „Св. Климент“ станал соборен храм на Охридската архиепископија, бидејќи најголемата охридска црква „Света Софија“ била претворена во џамија. Во него биле пренесени многубројни црковни реликвии, книги и икони, од кои некои се зачувани до денешни дни. Ваквата положба манастирот го направил вистинска ризница (музеј) на Охридската архиепископија, една од најстарите во Европа. Во 1916 година бил откриен печатот на „Музејот на Архиепископијата“, кој е најстар на Балканот.

Денес манастирот „Богородица Перивлепта“ во Охрид претставува дел од светското културно и природно наследство на Охридскиот Регион на Листата на УНЕСКО. Тој е еден од најзначајните средновековни споменици во РС Македонија. Галеријата на икони во Охрид се наоѓа во музејскиот комплекс на манастирот. На 19 јули 1967 г. во храмот на Свети Климент, Богородица Перивлепта, Неговото Блаженство г. Доситеј, следејќи ја традицијата на претходните охридски поглавари, беше интронизиран за архиепископ на возобновената Охридска архиепископија во лицето на Македонска православна црква. Тогаш архиепископот го стави својот потпис на одлуката, по што двајца архијереи, високопреосвештените г. Климент и г. Наум, го доведоа до тронот на старите охридски архиепископи, предавајќи му ги инсигниите и архиепископскиот жезол.

Од 2020 година во ова светилиште престојува еден монах, со што е отпочната фазата за негово заживување.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 1 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 5 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 1 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 1 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 1 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 1 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 3 |

**Вкупно: 2,26 индексни поени**

Според условите што ги поседува манастирот „Пресвета Богородица-Перивлепта“ во Охрид, како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите што му се на располагање за развој, пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,26. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба, како историски културен споменик од високо значење и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на воопшто недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува манастирот да привлекува туристи како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 4. МАНАСТИР „СВЕТИ ВМЧ. ГЕОРГИЈ ПОБЕДОНОСЕЦ“ – С. РАЈЧИЦА, О. ДЕБАР



Манастирот е имот на Бигорскиот манастир, се наоѓа во реканското село Рајчица и е составен дел на пошироката културна историја на познатиот манастирски комплекс „Св. Јован Крстител“. Манастирот е изграден во 1835 година, а на неговото живописување работеле повеќе зографи, меѓу нив и реномираниот Дичо Зограф.

Денес во манастирот живее монашко сестринство според установен ред, што вклучува целосен литургиски живот со редовни литургии, утрински и вечерни служби и сеноќни бденија спроти неделните и празничните денови. Овде се негува еден навистина редок занает, кој им е главно занимање на сестрите, а тоа е изработката на епископски митри. Тие се мајсторски дела, надалеку прочуени по својата оригиналност и уметничка уникатност. Освен ова, сестрите се вклучени и во изработката на икони, на светогорски темјан и во хумани и социјални дејности. Манастирот е надалеку прочуен по своите свети реликвии, меѓу кои:

моштите на светителот Георгиј Победоносец (дел од неговата рака), моштите на Свети Јован Кукузел и честичка од чесниот Крст. Моштите пристигнале од Атина во 2003 година, а денес се чуваат во посебен кивот. Конаците се комплетно обновени како нова градба во византиски стил. Слава на манастирот е Св. Ѓорги (6 мај), а како втора слава се слави Крстовден (27 септември).

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 2 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 1 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 2 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 4 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 3 |
| 10 | Издаваштво | 2 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 5 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 5 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 1 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 5 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 5 |

**Вкупно: 3,13 индексни поени**

Според условите што ги поседува манастирот како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 3,13. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Манастирот има широки потенцијали за унапредување на својата туристичка понуда. Дадените параметри, ако ги разгледуваме и ако ни послужат како насоки за правците по кои манастирот треба да се доразвива за да биде туристички поактуелен, ќе увидиме дека, и покрај тоа што некои од потенцијалите се високо развиени, сепак, моменталната состојба има потреба од развивање во некои од дадените критериуми што се помалку искористени, сè со цел целосен развој на планот на исполнување на потенцијалите за туристичка верска понуда.

## 5. МАНАСТИР „ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ – С. ГОРНИ МАНАСТИРЕЦ, О. МАКЕДОНСКИ БРОД



Манастирот „Пресвета Богородица“ се наоѓа високо над селото Горно Манастирец, северно од Македонски Брод, на оддалеченост од околу 21 километар од градот. Во минатото манастирот бил значаен духовен и книжевен центар. Најновите научни истражувања сведочат дека овој манастир не е од XIX век, како што досега се мислеше, туку дека тој датира од порано. Ова е потврдено на почетокот на XXI век, откако бил симнат горниот слој на фреските од XIX век и јасно се виделе фрески што датираат од XII век. Една фреска посебно импресионира со своите сцени и со убавината на средновековната византиско-словенска уметност, а тоа е фреската „Страшниот суд“, која е на три ѕида во задниот дел на храмот.

Во 1846 година манастирот бил обновен со реконструкција на старата градба и комплетно ново живописување. Од 1947 до 1957 година во конаците на манастирот работело основно училиште, во кое со образование се здобиле над 850 деца од Поречието. Повторното заживување и воздигнување на манастирот започнало во 2000 година, со доаѓањето на еден монах, кој започнал со неговата обнова. Во 2007 година осветен е новоизградениот конак, кој се наоѓа на источната страна од манастирот. На местото на стариот конак, кој потекнува од 1846 година, изграден е нов во 2015 година.

Денес манастирот има нови возобновени конаци и двор, како и добро уредена трпезарија. Манастирска слава е празникот посветен на Рождество на Пресвета Богородица – Мала Богородица, на 21 септември.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 2 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 2 |
| 7 | Веб-страница | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 1 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 1 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 2 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 4 |

**Вкупно: 2,33 индексни поени**

Според условите што ги поседува овој манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,33. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба, како значајно духовно светилиште од високо значење и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на воопшто недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува манастирот за привлекување туристи како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 6. МАНАСТИР „СИТЕ СВЕТИТЕЛИ“ – С. ЛЕШАНИ, О. ДЕБАРЦА



Манастирот „Сите Светители“ познат меѓу верниците како „Сисвети“ се наоѓа во селото Лешани, северно од Охрид, на крајниот јужен дел од областа Дебарца. До него се стигнува преку магистралниот пат Охрид – Кичево. На асфалтираниот пат уредно се поставени патокази.

Лешанскиот манастир претставувал женски манастир во текот на XIX и XX век, а сестринството сè до Втората светска војна броело до 30 монахињи. Денес во манастирот „Сите Светители“ живее единствениот монах – отец Вартоломеј, кој е воедно и негов настојател.

Во манастирскиот комплекс постојат две истоимени цркви, подигнати во различно време и посветени на Сите Светители. Старата манастирска црква била изградена во 1452 година на темели на постара црква од IX век, додека новата поголема црква веднаш до неа е подигната во 1911 година на темели на црква од XII век. Манастирот е тесно поврзан со историјата на Дебарца, бидејќи во време на НОБ во него се наоѓал штабот на партизанските единици и оттука се планирале ослободителните акции.

Манастирска слава е празникот „Сите Светители“, чиј датум е подвижен и се паѓа една недела по празникот Духовден.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 1 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 2 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 1 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 1 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 1 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 2 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 2 |

**Вкупно: 2,06 индексни поени**

Според условите што ги поседува овој манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,06. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба како значајно духовно светилиште од високо значење и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на воопшто недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува манастирот да привлекува туристи како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 7. МАНАСТИР „СВЕТИ ГЕОРГИЈ" – С. КНЕЖИНО, О. КИЧЕВО



Во атарот на селото Кнежино, западно од Кичево, на оддалеченост од 7 км од градот, се наоѓа Кнежинскиот манастир посветен на „Св. Вмч. Георгиј Победоносец". Низ центарот на Кичево постои обележан асфалтен пат кој води до селото Кнежино и до манастирот.

Се претпоставува дека манастирот датира од XII или XIII век и дека бил изграден врз темели на постара базилика, која датира од V–VI век од нашата ера. Во 70-тите години на XX век жителите на Кнежино изградиле мала црквичка, а во 80-тите години биле спроведени археолошки истражувања, при што се пронајдени поголем број фрагменти на фреско-живопис, камена пластика и подни мозаици. Денешниот манастир, во духот на минатото, започнал да се гради во 1999 година, а бил осветен во 2007 година.

Во текот на 2017 година е осветен и пуштен во употреба новоизградениот манастирски конак, кој плени со својата убавина. Во манастирскиот двор се наоѓаат две чешми низ кои протекува изворска вода, која народот ја смета за лековита. Патрон на манастирот е Св. Ѓорѓи, кој се празнува на 6 мај.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 4 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 1 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 2 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 3 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 1 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 1 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 3 |

**Вкупно: 2,40 индексни поени**

Според условите што ги поседува Кнежинскиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,40. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба, како значајно духовно светилиште од високо значење и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на воопшто недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува манастирот за привлекување туристи како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 8. МАНАСТИР „ВОВЕДЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА – ПРЕЧИСТА“ – О. КИЧЕВО



Манастирот „Света Богородица Пречиста“ или, како што порано, се нарекувал Крнински манастир, се наоѓа во живописните падини на планината Цоцан, на надморска височина од 920 метри. Во минатото манастирот претставувал стожер на македонската култура и писменост, што истрајно се бранел од нападите на иноверните, кога во 1558 година ќе пострадаат денес преподобните пречистански преподобномаченици Евнувиј, Пајсиј и Аверкиј.

Денешната манастирска црква настанала во 1848 година со заложбите на игуменот Теодосиј, кој ја срушил малата црква и ја подигнал актуелната грандиозна градба со прилози од народот на Западна Македонија.

Живописот на манастирската црква го авторизирал славниот зограф и иконописец Дичо Зограф од Тресонче, кој со својата ликовна тајфа го завршил живописувањето на олтарот во 1852 година. Живописот, пак, изведен во куполата над наосот и оној аплициран на неговите странични ѕидови датира од 1880 година и му се припишува на зографот Аврам, син на Дичо Зограф и наследник на неговите стилски настојувања.

Манастирот „Богородица Пречиста“, заедно со манастирот „Свети Ѓорѓи“ во село Кнежино, бил центар на ширењето на христијанството и на преродбата на македонскиот народ. Во него живееле и работеле Јоаким Крчоски и Кирил Пејчиновиќ. Пред и за време на Илинденската епопеја, во манастирот прибежиште наоѓале комитските чети што дејствувале во овој регион.

Манастирските конаци се возобновени и го носат белегот на старата македонска архитектура. Денес во манастирот живее и работи сестринство, кое ја продолжува некогашната манастирска монашка традиција. На 21 септември секоја година се собира голема маса народ, кој го празнува празникот посветен на Мајката Божја.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 4 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 3 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 2 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 3 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 5 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 3 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 5 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 5 |

**Вкупно: 3,26 индексни поени**

Според условите што ги поседува Кичевскиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 3,26. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Манастирот има широки потенцијали за унапредување на својата туристичка понуда. Дадените параметри, ако ги разгледуваме и ако ни послужат како насоки за правците по кои манастирот треба да се доразвива за да биде туристички поактуелен, ќе увидиме дека, и покрај тоа што некои од потенцијалите се високо развиени, сепак, моменталната состојба има потреба од развивање во некои од дадените критериуми што се по-

малку искористени, сè со цел целосен развој и исполнување на потенцијалите за туристичка верска понуда.

## ДЕСТИНАЦИИ СО ВИСОК ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ ВО ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН

Дестинации со висок потенцијал за развој на верскиот туризам во Југозападниот Регион се: Катедрална црква „Света Софија“ – Охрид, Манастирски комплекс „Свети Климент и св. Пантелејмон“ – Плаошник – Охрид, Али-пашината џамија – Охрид, Католичката црква – Охрид, црквата „Свети Јован Канео“ – Охрид, манастирот „Св. Стефан“, пештерската црква „Свети Еразмо Охридски“ – Охрид, манастирот „Пресвета Богородица“– Заум, црквата „Свети Ѓорѓи“ – Струга, „Мустафа Челеби џамијата“ – Струга, пештерската црква „Свети архангел Михаил“ – Радожда во Општина Струга, црквата „Свети Никола“ – Вевчани, „Хајати Баба Теќе“ – Кичево, храмот „Успение на Пресвета Богородица“ – Дебар, Инќар џамија – Дебар, манастирот „Свети Никола“ /„Хад`р Баба Теќе“ – Македонски Брод.

### 1. КАТЕДРАЛНА ЦРКВА „СВЕТА СОФИЈА“ – О. ОХРИД



Света Софија е катедрален црковен храм во стариот дел на градот Охрид во југозападниот дел на РС Македонија. Посветена е на Христос како Божествена премудрост, т. е. Св. Софија. Оваа црква претставува една од најзначајните знаменитости во Македонија, најубав израз на средновековниот период на овие простори. Нејзините особено вредни оригинални фрески од XI век се влезени во секоја антологија на средновековната уметност.

Во еден долг временски период таа била соборна црква на Охридската архиепископија, која својата црковна власт ја протегала на територијата на север до Дунав, до албанските брегови на запад и до Солунскиот Залив на исток.

Црквата Света Софија е подигната по големата мисија на Св. Кирил и Методиј, врз темели на стара сакрална градба. Најверојатно таа служела како катедрала уште во времето на цар Самуил, кој кон крајот на X век својата престолнина ја пренел од Преспа во Охрид.

Црквата во своето постоење била разурната и претворена во џамија, но сепак, обновена и нејзината внатрешност останала зачувана со фреските од XI век, XII и XIII век, кои го претставуваат врвот на византиското фреско-сликарство во Македонија и пошироко.

Денес, покрај нејзиното значење како знаменитост, внатрешноста на црквата Света Софија, заедно со нејзиниот двор и колонадата, претставуваат важно место за одржување на културни настани, какви што се: Охридското лето, концерти, драмски претстави и др. Во храмот на охридските архиепископи во Охрид се одржал историскиот Трет црковно-народен собор на кој на 18 јули 1967 година архиепископот Доситеј на соборјаните им ја прочитал синодската предлог-одлука за прогласување автокефалност. Таа била примена со безгранична радост и восхит, бидејќи со тој чин била отстранета една тешка и безочна неправда направена спрема народот страдалник со укинувањето на неговата света црква во 1767 година.

## 2. ЦРКВА „СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН И СВ. КЛИМЕНТ“ – ПЛАОШНИК, О. ОХРИД



Започнувајќи од првите археолошки истражувања од шеесеттите години на минатото столетие, па сè до најновите истражувања во периодот 2000–2010 во Охридско и во самиот Охрид, а најмногу на локалитетот „Плаошник“, откриени се наоди од речиси сите епохи од македонската историја. Светиклиментовиот манастир е можеби најсилната манифестација на словенскиот дух што владеел на овие простори. Манастирот, првично посветен на Св. Пантелејмон, бил подигнат во 893 година како ктиторски подвиг на големиот словенски просветител Свети Климент, кој не само што го избрал манастирот за свој дом туку и за негово вечно почивалиште. По неговата смрт манастирот имал улога на најзначаен центар на Охридската книжевна школа. Со доаѓањето на Свети Климент од Кутмичевица во Охрид, тука била воспоставена традицијата на оваа духовна и книжевна школа, која во палеославистиката се смета за своевиден Светиклиментов универзитет. По воспоставувањето на османлиската власт во Македонија во XV век, манастирот бил срушен, а врз неговите остатоци била подигната џамија. Моштите на светителот биле преместени во храмот посветен на Богородица Перивлепта, каде што останале сè до возобновувањето на храмот на Плаошник во 2002 година. На почетокот на новиот милениум моштите на Св. Климент се вратени на својата првобитна локација, во

возобновената црква на „Св. Пантелејмон и Св. Климент“. Во план е враќање на сјајот на некогашниот духовен и културен центар на словенството, во чии рамки треба да се подигнат повеќе институции.

## 3. АЛИ-ПАШИНА ЏАМИЈА – О. ОХРИД



Али-пашината џамија е сместена во Старата охридска чаршија. За годината на нејзината изградба и за нејзиниот ктитор не постојат точни податоци. Според еден документ, кој датира од 1491 година и во кој се споменуваат сарај и вакафи што му припаѓаат на Али-паша, се смета дека имало и џамија што го носела неговото име.

Али-пашината џамија е градена од камен и печена цигла и е меѓу првите џамии што е изградена во Македонија. Според архитектонските карактеристики и едноставноста на формите, џамијата била изградена кон крајот на XV или во почетокот на XVI век. Има квадратна основа, купола на двојни тромпи и е реновирана во XIX век. Во составот на џамијата во 1823 година била подигната и медреса, која денес не постои. Џамијата им го привлекува вниманието на минувачите со уникатната градба и со осветлувањето во вечерните часови.

## 4. КАТОЛИЧКА ЦРКВА „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ И СВ. БЕНЕДИКТ“ – О. ОХРИД



Католичката црква во Охрид се наоѓа во новиот дел на градот, во близина на крајбрежјето на Охридското Езеро, до хотелот „Пала““, а е посветена на тројцата заштитници на Европа, браќата Св. Кирил и Методиј и Св. Бенедикт. Изградена е во 2001 година, а во 2007  е осветена со пригодна верска свеченост. На осветувањето на Католичката црква присуствуваа дел од учесниците на  Првата светска конференција за меѓурелигиски и меѓуциви-

лизациски дијалог, одржана во Охрид, претставници на Ватикан, на МПЦ-ОА и на Владата. Автор на фреските во Католичката црква во Охрид е италијанскиот уметник Винченцо Бјанки. Во дворот на црквата е лоциран и објект со сместувачки капацитети за туристи и е достапен во текот на целата година.

## 5. ЦРКВА „СВЕТИ ЈОВАН БОГОСЛОВ КАНЕО“ – О. ОХРИД



Црквата „Свети Јован Богослов Канео“ – една од најпознатите цркви во Охрид, се наоѓа на атрактивниот карпест рид над надводната пештерска црква посветена на Воведението на Пресвета Богородица – Пречиста, во стариот дел на градот. Црквата е изградена пред XIV век. Од посебно значење за фреско-сликарството во црквата е заедничкиот приказ на тројцата големи проповедници: првиот велички епископ, учител и просветител, и патрон на Охрид, Св. Климент Охридски од X век, охридскиот архиепископ Константин Кавасила од XIII век и првиот ранохристијански мисионер во овие краишта, Св. Еразмо Лихнидски од III век. Исто така, значајни се двете насликани композиции во олтарната апсида на црквата: Пречистувањето на апостолите и Тајната вечера.

Во оваа црква, која плени со својата местоположба и со фреско-сликарството, исто така е крунисан за солунски цар епирскиот деспот Теодор и Ангел Дука од страна на охридскиот архиепископ Димитриј Хоматијан во првата половина на XIII век, времето кога е изградена и живописана оваа црква.

## 6. МАНАСТИР „СВ. СТЕФАН“ – О. ОХРИД



„Свети Стефан“ е македонска пештерна црква, која се наоѓа под охридското село Шипокно, веднаш над населбата „Свети Стефан“, на 5 км јужно од Охрид. Потекнува од средината на IX век и по неа е наречен целиот овој туристички комплекс, кој е најголем на охридската ривиера. Малечката полуоблесто сосидана црква во шуплината на карпата постоела и порано, но дури во времето на процутот на уметничката дејност во XV век добила фреско-живопис и тоа благодарение на помошта на широкиот круг ктитори

од Охрид и од околината. Внатрешноста на пештерната црква е насликана со извонреден фреско-живопис, но тој е во голема мера оштетен.

Конаците сместени во карпите и шумата нудат мирен престој на верниците, посетителите и туристите што одмараат тука и остануваат во неповторливата природа и живописниот пејзаж. Чинот на осветувањето го изврши митрополитот дебарско-кичевски Тимотеј во сослужение со повеќе свештенослужители. Пред изградбата на конаците, обновена е надворешната фасада на пештерната црква, а реновирана е и камбанаријата.

## 7. ПЕШТЕРНА ЦРКВА „СВЕТИ ЕРАЗМО ОХРИДСКИ“ – О. ОХРИД



Свети Еразмо е пештерна црква во близина на Охрид. Оваа црква, посветена на антиохискиот архиепископ Еразмо, се наоѓа на околу три километри од Охрид, во карпите десно од патот што води од Охрид кон Струга. Оваа пештерна црква со својата долга историја е повеќепати преправана. Добро е зачуван ликот на византискиот цар Андроник II Палеолог, кој датира од XVIII век. Осаменоста на оваа пештерна црква на овој дел од брегот на Охридското Езеро, стеснетоста на користениот простор и некои други елементи укажуваат дека се работи за поединечни испосници или сосема мало калуѓерско братство што живеело во малите конаци покрај пештерната црква.

## 8. МАНАСТИР „ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА – ЗАУМСКА“ – О. ОХРИД



„Св. Богородица Захумска“ – или позната меѓу пошироката јавност само како Заум – е средновековна манастирска црква што се наоѓа веднаш на самиот источниот брег од Охридското Езеро.

Се наоѓа веднаш крај самиот источен брег на потегот помеѓу селата Трпејца и Љубаништа. Се наоѓа на оддалеченост од 20 км од Охрид, на брегот на езерото, во подножјето на планината Галичи-

ца и во непосредна близина на рибарското село Трпејца. Сместена е во многу тешко пристапно место под карпестиот гребен на Галичица, наречен Голем Осој (висок 1005 м н. в.), непосредно на самиот брег на водите на Охридското Езеро на надморска височина од 695 метри.

Според зачуваниот натпис, кој се наоѓа над влезната врата, црквата е подигната во 1299 година, а е насликана со фреско-живопис во 1361 година од ќесарот Гргур за време на деволскиот епископ Григориј. Според изгледот на својата градба и начинот на фреско-живописот, црквата „Пресвета Богородица – Захумска“ е единствена и многу се разликува од сите други средновековни црковни храмови во Македонија и пошироко. Во 2016 година беа осветени манастирските конаци.

## 9. ЦРКВА „СВЕТИ ЃОРЃИ“ – О. СТРУГА



Црквата „Свети Ѓорѓи“ е сместена во центарот на Струга и претставува најстар христијански верски објект во градот, кој датира од средината на XIII век. Според преданијата, претставува едно од најстарите духовни светилишта на Балканот и во Европа. Староста на црквата досега била одредена по иконата на свети Ѓорѓи, која датира од 1267 година. Иконата на свети Ѓорѓи е една од десетте највредни и највпечатливи од периодот на доцнокомненскиот стилски израз, извонреден примерок и дело на уметноста, кој е влезен во сите светски енциклопедии.

Црквата постоела од XIII век,  егзистирала низ вековите и повеќепати била обновувана сѐ до XIX век, кога е извршена последната голема обнова и од кога датира денешниот нејзин изглед. Има голем дел на поствизантиски икони, односно икони од периодот на османлиската управа од XVI и XVII век. Тогаш имало скрипторски центар, каде што се препишувале стари книги во кои има потпишани имиња на познати скриптографи што работеле во црквата. Доминираат икони од доцниот среден век и од времето на преродбата, како и од последната обнова во 1835 година. Од оваа црква традиционално започнува голема Ѓурѓовденска литија, на која верниците се поклонуваат пред моштите на Св. Георгиј Победоносец и чудотворната икона на овој светец.

## 10. „МУСТАФА ЧЕЛЕБИ ЏАМИЈА“ – О. СТРУГА




„Мустафа Челеби џамијата“ во Струга или Градската џамија е споменично добро од шеснаесеттиот век. Таа е една од најстарите исламски верски објекти и е споменик на културата заштитен со закон. Делови од џамијата беа срушени во 2012 година, а денес џамијата е реставрирана. Таа плени со камената фасада и необичниот изглед на минарето со јасни агли. Муслиманските верници изразуваат голема почит кон овој верски објект.

## 11. ПЕШТЕРНА ЦРКВА „СВЕТИ АРХАНГЕЛ МИХАИЛ“ – С. РАДОЖДА, О. СТРУГА



„Свети Архангел Михаил“ е пештерна црква во еден од најубавите предели на западниот брег на Охридското Езеро, над с. Радожда. Најголемиот дел од откриените фрески потекнуваат од XIV век, а посебно се истакнува единствената зачувана композиција од XIII век насликана во чест на патронот на црквата. Зографот што го насликал овој лик ни се прикажува не само како надарен мајстор туку и како напреден творец што ги излага новите непознати уметнички идеали, внесувајќи во ликот внатрешна сугестивност. Оваа пештерна црква повторно е живописана кон крајот на XIV век, кога во Охрид и околината никнуваат многубројни споменици, придружени со процутот на сликарските работилници. Нема сомнение дека помладиот слој живопис на Свети архангел Михаил од пештерната црква е едно од последните дела на Охридската сликарска школа од XIV век.

## 12. ЦРКВА „СВЕТИ НИКОЛА“ – О. ВЕВЧАНИ



Црквата „Свети Никола“ (наречена уште и Горна црква) е главна селска црква во селото Вевчани, а воедно и парохиски храм на Вевчанската парохија. Изградбата или, можеби, обновата на оваа црква започнала во 1834 година, а била завршена во 1864 година.

Изградена е со рамен под, што во тоа време не било дозволено од турските власти. Црквата е градена од рачно делкан камен, а влезната врата е ѕидана со калај. Над неа, како и над другите отвори, во каменот се врежани библиски симболи. Каменот бил ваден од Мајдан, во планината над Вевчани, а бил носен со волови. Зографисувањето е дело на Аврам Дичов, најстариот син на Дичо Зограф, а се работело во исто време за да се заврши во 1879 година. Црквата со импозантни димензии, градена со фантазија и богато зографисана, е еден од најубавите преродбенски споменици во РС Македонија.

Иконите во црквата се изработени од Дичо Зограф, кој во овој свет храм оставил вредни дела. Првата негова икона за црквата најверојатно е изработена во 1849 година. Од раката на Дичо се изработени и престолните икони во 1876 година, која се смета и за година на осветување на црквата.

## 13. ХАЈАТИ БАБА ТЕЌЕ – О. КИЧЕВО




Хајати Баба Теќето е изградено 1540 година, а последен пат е реновирано кон крајот на деведесеттите години на минатиот век. Во теќето има три различни турбиња, од кои има податок само за Турбето на Шех Ахмед, изградено во 1585 година. Според преданието во XVIII век, во Македонија дошол Пир Мехмет Хајати, заштитникот на правецот хајати, и за време на неговиот четримесечен престој во Кичево се запознал со тогашниот оџа на џамијата, Ахмет Фитос. Оџата на џамијата прифатил да премине во тарикатот и џамијата ја претворил во теќе. Теќето сѐ уште е во функција и секој четврток навечер во него се изведува зикр (споменување на Господа).

## 14. ИНЌАР ЏАМИЈА – О. ДЕБАР



Инќар џамијата, или џамијата Фатих Султан Мехмед, е најстариот муслимански храм во Дебар. До џамијата може да се стигне по неименуваниот пат, нагоре по ридот, тргнувајќи од главната пешачка улица во градот.

Според натписот што е поставен над влезот во џамијата, таа била изградена во периодот од 1467-68 година, а обновена 1938 година. Инќар џамијата е изградена како задужбина на Мехмед II (1451–1481). Таа е сместена во простран двор со бројни постари гробови со надгробни нишани и богата декоративна обработка. Храмот претставува градба со правоаголна основа. Како остаток од автентичната градба е молитвениот простор, каде што старите ѕидови и формите на прозорите ја имаат зачувано својата оригинална форма и поставеност.

Во внатрешноста се наоѓа михработ – ниша со скромна сталактитна декорација. Минберот и махвилот биле подоцна доградени. Тремот, кој се наоѓа на северозападната страна, бил додаден со подоцнежните интервенции и обнови на објектот. Минарето, кое е сместено на југозападната страна од џамијата, е поставено на квадратен постамент и се издига вертикално. Телото на минарето е полигонално и тоа преку сталактитна декорација преминува во шерефето. Џамијата претставува одраз на локалното градителство од втората половина на XV век, во која доминираат чисти и прецизни форми, па затоа е и атрактивна. Во дворот на џамијата се наоѓа турбето на Шабан-баба.

## 15. МАНАСТИР „СВЕТИ НИКОЛА“/„ХАД’Р БАБА ТЕЌЕ“ – О. МАКЕДОНСКИ БРОД




Манастирот „Св. Никола“, или турбето „Хад’р Баба“, претставува храм за припадниците на православната вера, но и светилиште за муслиманите бекташи, што го прави посебно атрактивно за туристите. Сместено е над сами-

от град, а до него се стигнува качувајќи се на околу 150 камени скалила. Објектот има квадратна форма, со влез од западната страна, а подот е подигнат за две скалила над нивото на теренот и е послан со килими. Најважна карактеристика во внатрешноста на објектот е гробот на бекташкиот светец Хад`р Баба, сместен на југозападната страна, десно од самиот влез. Врз него се наоѓаат голем број крпи, бројаници, пари, масло за јадење и други предмети, кои како подароци ги оставаат посетителите. На еден дел од ѕидот се поставени икони на христијанските светци: Св. Никола, Пресвета Богородица, Господ Исус Христос, а на другиот слики од бекташкиот светец Али. Овој објект бил изграден од кралот Урош III како црква во XIV век, а потоа бил опустошен, кога во регионот дошле Турците Османлии. Но, извесен Асан-беј повторно ја обновил во XVIII век за да ја тргне клетвата од сарајот, кој преку ден го градел, а ноќе се уривал. Храмот бил обновен во 1933 година.

Денес храмот е отворен за посетителите кои секојдневно доаѓаат. Покрај редовните индивидуални посети, православните го посетуваат најмногу на празникот Св. Ѓорѓи, вечерта на 5 мај, додека муслиманите бекташи го посетуваат речиси секој петок.

## ОСВРТ НА ДРУГИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ ВО ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН

Во Југозападниот Регион градот Охрид претставува главен административен и туристички центар. Тој е жив град две илјади и четиристотини години, легитимен наследник на сјајната Лихнида, град чии достигнувања се вткаени во духот на една моќна античка цивилизација. Како епископски центар пред 2000 години и центар на надалеку прочуената Охридска архиепископија, градот низ вековите ја претставувал целата црковна историја на Македонија. Охрид бил најважната официјална престолнина на првата словенска македонска држава, на империјата на Самуил. Охрид во XIX век беше центар на преродбата на Македонија.

Културната историја на Југозападниот Регион покрај, Охрид, е присутна и во градовите Дебар, Струга, Кичево, Македонски Брод, областа Дебарца и населеното место Вевчани, кои ја испишуваат историјата на овие простори, чиј дух посебно живее во верските храмови. Тоа е историја на прогонства, но и на неверојатни духовни воздигнувања. Освен активните манастири и погореспоменатите дестинации со висок потенцијал, Југозападниот Регион изобилува и со други локации, кои имаат најразличен потенцијал за развој на верскиот туризам. Меѓу нив:

Општина Охрид: Опенички манастир „Св. Кузман и Дамјан“, џамија Хаџи Хамза – Охрид, храм „Успение на Пресвета Богородица – Каменско“ – Охрид, манастир „Вознесение Христово“ во село Горно Лакочереј, манастир „Св. Петка“ – с. Велгошти, црква „Пресвета Богородица“ – с. Скребатно, „Хаџи Дургут Џамија“ – Охрид;

Општина Дебарца: храм „Свети Димитриј“ – с. Издеглавје, црква „Св. Ѓорѓи“ – с. Врбјани;

Општина Струга: храм „Св. Никола Дримени“ – Струга, Халвети теќе Хасан баба – Струга, храм Св. Петка – Струга, Теќе-џамија (с. Велешта);

Општина Дебар: храм „Успение на Пресвета Богородица“ – Дебар, храм „Света Петка“ – Дебар, храм „Св. Варвара“ – с. Рајчица; црква „Успение на Пресвета Богородица“ – с. Гари;

Општина Вевчани: храм „Св. Ѓорѓи“ – с. Вевчани, храм „Св. Димитриј“ – с. Вевчани;

Општина Кичево: Шек Селим Теќе и Цули Баба Теќе во Кичево, црква „Свети апостоли Петар и Павле“ – Кичево, „Џума (Султан Бајазит)“ џамија – Кичево, „Златна џамија“ – Кичево;

Општина Македонски Брод: храм „Пресвета Богородица“ – Македонски брод, храм „Воведение на Пресвета Богородица“ – с. Здуње, Девичка црква, средновековна црква во урнатини – с. Девич, црква „Св. Атанасиј“ – с. Модриште.

## SWOT-АНАЛИЗА НА ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН

| ГЛАВНИ ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ) | ГЛАВНИ СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
|---|---|
| Постоење етаблирани дестинации | Недоволна промоција на делови од Југозападниот Регион |
| Разновидни природни и антропогени ресурси | Нема достапни канцеларии за информации за туристите |
| Кратко растојание помеѓу дестинациите и итн. | Немање водичи и познавачи на верскиот туризам |
| Одлична сообраќајна поврзаност (меѓународен аеродром „Св. Апостол Павле“, меѓународен автобуски превоз, меѓуградски автобуски превоз, такси-превоз) | Лоша патна инфраструктура на дел од патните правци кон дестинациите |
| Развиен езерски, планински, рурален и др. видови туризам | Лоша патна сигнализација на дел од дестинациите |
| Активни манастири со развиен верски туризам | Недоволно сместувачки капацитети надвор од Охрид |
| Близина до граничните премини со Р Албанија | Немање доволен капацитет за паркинг-простор |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ (РИЗИЦИ) |
|---|---|
| Развој на верскиот туризам | Природни елементарни непогоди (пожари, земјотреси, поплави, одрони и сл.) |
| Поврзување на повеќе селективни видови туризам (верски, културен, рурален, планински и др.) | Кражби, разбојништво, тероризам и сл. |
| Поврзување на религиите преку одбележување одредени настани | Оштетување на вредни артефакти |
| Инсталирање современи телекомуникациски системи (интернет) | Загадување на природната и на животната средина |

## ТОП ДЕСТИНАЦИИ И ЛОКАЦИИ ВО ПОНУДАТА

▸ЦРКВА „СВ. ЈОВАН КАНЕО“ – О. ОХРИД
▸„АЛИ-ПАШИНА ЏАМИЈА“ – О. ОХРИД
▸МАНАСТИР „СВ. НАУМ“ – О. ОХРИД
▸КАТЕДРАЛЕН ХРАМ „СВЕТА СОФИЈА“ – О. ОХРИД
▸МАНАСТИРСКИ КОМПЛЕКС ПЛАОШНИК – О. ОХРИД
▸ГАЛЕРИЈА НА ИКОНИ ПРИ ХРАМОТ „БОГОРОДИЦА ПЕРИВЛЕПТА“ – О. ОХРИД
▸МАНАСТИР „СВ. ВМЧ. ГЕОРГИЈ ПОБЕДОНОСЕЦ“ – С. РАЈЧИЦА, О. ДЕБАР
▸МАНАСТИР „ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА – ПРЕЧИСТА“ – О. КИЧЕВО
▸СТАВРОПИГИЈАЛЕН МАНАСТИР „ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ – С. КАЛИШТА, О. СТРУГА

## НАСТАНИ И АТРАКЦИИ

Славите на активните манастири:

►Ставропигијален манастир „Пресвета Богородица“ – с. Калишта (21 септември, Рождество на Пресвета Богородица – Мала Богородица);

►Манастир „Свети Наум Охридски“ – Охрид (5 јануари, Св. Наум Зимски и 3 јули, Св. Наум Летен);

►Манастир „Богородица Перивлепта“ – Охрид (28 август, Успение на Пресвета Богородица – Голема Богородица);

►Манастир „Св. Георгиј Победоносец“- с. Рајчица (6 мај, Св. Ѓорѓи и 27 септември, Крстовден);

►Манастир „Рождество Богородично“– с. Горни Манастирец (21 септември, Рождество на Пресвета Богородица- Мала Богородица);

►Манастир „Сите светители“– с. Лешани, празник Сите светители (1 недела по Духовден);

►Манастир „Свети Георгиј“ – с. Кнежино (6 мај Св. Ѓорѓи);

►Манастир „Воведение Богородично – Пречиста“ – Кичевско (21 септември, Рождество на Пресвета Богородица – Мала Богородица);

►„Голема Богородица“, с. Скребатно (28 август, Успение на Пресвета Богородица);

►Одбележување на денот на Свештеничкото собрание во с. Издеглавје (21 октомври);

►Празникот „Водици“ или „Богојавление“ (19 јануари, Водици);

►Празникот „Велигден“ во Охрид (подвижен празник);

►Свечена литија во Струга (7 мај, Св. Георгиј);

►„Бадникови поворки“ (6 јануари, Бадник),

## ТАБЕЛА - ТУРИСТИЧКИ ДВИЖЕЊА ВО ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН ВО 2019 Г.

| ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН | Туристи | Ноќевање | Просек во денови |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 445846 | 1618312 | 3,63 |
| Домашни | 194178 | 946574 | 4,87 |
| Странски | 251668 | 671738 | 2,67 |
| Турција | 44316 | 62730 | 1,41 |
| Полска | 23583 | 101180 | 4,29 |
| Холандија | 21989 | 143382 | 6,52 |
| Бугарија | 19306 | 37994 | 1,96 |
| Албанија | 12073 | 31754 | 2,63 |
| Србија | 11452 | 28840 | 2,52 |
| Германија | 11179 | 22383 | 2,00 |
| Косово | 9393 | 21501 | 2,29 |
| Хрватска | 9036 | 21092 | 2,33 |
| Израел | 7687 | 28882 | 3,76 |
| Вкупно 10те држави: | 170014 | 499738 | 2,93 |
| Учество во % од вкупно странски туристи | 67,5% | 74,4% | / |

Најголем број од туристите се од Турција, Полска, Холандија и Бугарија, а потоа од Албанија, Србија и Германија. Нивното доаѓање најчесто е со просек од едно до шест ноќевања. Значителен број туристи престојуваат во регионот заради посета на природни и антропогени мотиви (планини, езера, манастири, археолошки локалитети, културно-историски споменици, манифестации и сл.). Со добро осмислена туристичка маркетинг-промоција, голем број од наведените туристи можат да бидат и потенцијални верски туристи.

## 2.3.4. ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН




Пелагонискиот Регион го зафаќа јужниот дел од РС Македонија. Регионот се граничи: во правец север – исток со Вардарскиот Регион; во правец запад – север со Југозападниот Регион; на југ со Р Грција и Р Албанија. Овој регион е ограничен со планината Баба и врвот Пелистер (2.601 м), Илинска и Бушава Планина на запад, Мокра Планина со врвот Солунска Глава (2.540 м) на север, Бабуна, Селечка и Дрен Планина на исток и Ниџе со Кајмакчалан (2.520 м), како и државната граница со Грција во Пелагониската Рамнина на југ, а преку Преспанското Езеро и со Р Албанија. Главен центар на регионот е градот Битола.

### КРАТКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Пелагонискиот Регион ги опфаќа басените на Пелагониската и Преспанската Котлина. Според површина, овој регион е најголем и има најмногу населени места, околу 343, но се одликува со мала густина на населеност од 50 ж/км$^2$. Зафаќа вкупна површина од 4.717 км$^2$ или 18,9 % од територијата на РС Македонија. Вкупниот број на население во регионот изнесува 10,94 % од вкупниот број население во државата. Пелагонискиот Регион го сочинуваат следниве девет општини: Ресен, Битола, Новаци, Могила, Демир Хисар, Кривогаштани, Прилеп, Долнени и Крушево.

Главниот центар на овој регион, градот Битола, и другите градови во овој регион, изобилуваат со богата историја, култура, архитектура и традиција и тие заедно со другите општини во регионот, како и со руралните места што го опфаќаат, нудат многу места и атракции од интерес за туристите. Во Пелагониската и во Преспанската котлина поинтересни за посетителите се: Преспанското Езеро, клисурестите долини на Црна Река со своите притоки Шемница и Блато, планинските врвови, ски-центрите, пештерите и карактеристични денудациски форми на планината Баба, Бушава Планина, Ниџе, Бабуна и Селечка Планина. Регионот изобилува и со интересна и богата флора и фауна. Во оваа област особено значаен е Националниот парк Пелистер, во кој се наоѓаат глацијалните Големо и Мало Езеро. Интересни за посетители се и вештачките акумулации Стрежево во близина на Битола и Прилепското Езеро, а во последен период и Мермерното Езеро во близина на с. Беловодица. Во регионот се наоѓа и заштитниот резерват Езерани, како и повеќе археолошки локалитети. Главни туристички дестинации се градовите Битола, Прилеп, Крушево и Ресен со нивните околини, микрорегионот Преспа со Преспанското Езеро и националните паркови Пелистер и Галичица со своите природни убавини. Пелагонискиот Регион има голем број активни села, кои имаат конкретна туристичка понуда (Брајчино, Љубојно, Дихово, Нижополе, Трново, Магарево, Претор, Стење и др.).

Во овој регион функционира Универзитетот „Свети Климент Охридски“ во Битола, повеќе факултети, библиотеки, голем број владини, културни, верски, просветни, медиумски и образовни институции, потоа повеќе музеи, спомен-куќи, домови на култура, амами, бањи, театри, киносали, хотели, ресторани, спортски сали и сл. Инфраструктурата во овој регион е во прилично добра состојба. Пелагонискиот Регион е сообраќајно поврзан со повеќе соседни региони. Главна сообраќајница е патниот правец М4 на релација Охрид – Битола – Прилеп – Велес. Од него се делат патните правци од Битола преку граничниот премин Меџитлија кон Р Грција и железничкиот правец Битола - граничен премин Кременица (во моментот во прекин) кон Р Грција, потоа регионалниот пат од Битола преку Демир Хисар кон Кичево и Крушево и регионалните патишта Прилеп – Крушево и Прилеп – Македонски Брод – Кичево, како и патниот правец Битола – Ресен – граничен премин Стење со Р Албанија. Присутни се и поголем број локални патишта. Развиен е јавниот и такси-превозот. Во градот Битола како главен центар на регионот се наоѓа Центарот за развој на пелагонискиот плански регион. Во овој регион се застапени повеќе религии. Според изјаснувањето на граѓаните, во овој регион најголем дел од жителите се православни христијани, потоа следуваат муслиманите и сите други вероисповеди. Во регионот присутни се повеќе верски заедници со свои верски објекти, но и повеќе од малите религиозни групи. На просторот на овој регион дејствува Преспанско-пелагониската православна епархија на МПЦ-ОА, а ИВЗ ги има следниве муфтиства: Битолско, Прилепско и Ресенско. Други верски субјекти се Католичката црква, Евангелско-методистичката и други. Во Битола се наоѓаат и гробишта на еврејската заедница.

# АКТИВНИ МАНАСТИРИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Во Пелагонискиот регион има осум активни манастири:

1. Манастир „Свето Преображение“ – с. Зрзе, О. Долнени (машки манастир);

2. Манастир „Успение на Пресвета Богородица“ – Трескавец, О. Прилеп (машки манастир);

3. Манастир „Свети Архангел Михаил“ – Варош, О. Прилеп (женски манастир);

4. Манастир „Свети Никола“ – с. Манастир, О. Прилеп (машки манастир);

5. Манастир „Свети Петар“ – с. Црновец, О. Битола (машки манастир);

6. Манастир „Свети Јован Крстител“ – с. Слепче, О. Демир Хисар (женски манастир);

7. Манастир „Свети Атанасиј Велики“ – с. Журче, О. Демир Хисар (женски манастир);

8. Манастир „Успение на Пресвета Богородица“ – с. Јанковец, О. Ресен (машки манастир).

## 1. МАНАСТИР „СВЕТО ПРЕОБРАЖЕНИЕ“ – С. ЗРЗЕ, О. ДОЛНЕНИ



Манастирот „Св. Преображение“ се наоѓа во близина на село Зрзе, на 1000 метри надморска височина, на планинскиот масив Даутица. Манастирот е прогласен за културно наследство. Археолошките истражувања имаат потврдено дека на локалитетот на манастирот постоел живот и се создавала култура уште од почетокот на енеолитот и бронзеното време. Во минатото на локацијата на манастирот постоела монашка населба (од втората половина на IX век во Бигорната Карпа) и ранохристијанската базилика од V век, што дополнително сведочи за манастирот и за селото Зрзе како културен центар уште од најраната појава на христијанството на овие простори. Манастирот Св. Преображение, изграден во времето на Крал Марко, во

XIV век, е еден од најважните средновековни световни објекти во Македонија поради својата архитектура, фреско-живопис и континуираната културна дејност. Манастирот, до кој води нов асфалтен пат, е епископско седиште на секретарот на Светиот архијерејски синод на МПЦ-ОА, епископот хераклејски, како и живеалиште на машко монашко братство. Во рамките на манастирскиот комплекс изграден е нов монашки конак со работилница за иконопис и копаничарство, како и магерница.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 5 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 1 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 2 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 5 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 4 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 5 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 3 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 5 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 3 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 4 |

**Вкупно: 3,40 индексни поени**

Според условите што ги поседува Зрзевскиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 3,40. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Манастирот Зрзе има широки потенцијали за унапредување на својата туристичка понуда. Дадените параметри, ако ги разгледуваме и ако ни послужат како насоки за правците по кои манастирот треба да се доразвива за да биде туристички поактуелен, ќе увидиме дека, и покрај тоа што некои од потенцијалите се високо развиени, сепак, моменталната состојба има потреба од развивање во некои од дадените критериуми што се помалку искористени сѐ со цел целосен развој за исполнување на потенцијалите за туристичката верска понуда.

## 2. МАНАСТИР „УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ – ТРЕСКАВЕЦ, О. ПРИЛЕП



На околу 10 км. од Прилеп, под врвот Златоврв, подигнат е манастирот Трескавец, со манастирската црква Успение на Пресвета Богородица. До манастирот се стигнува по асфалтниот пат, како и преку планински патеки. Карактеристика на манастирот е уникатниот поглед кон цела Пелагонија, планините Бабуна, Баба и Кајмакчалан и градовите Прилеп, Битола и Крушево. Манастирот е прогласен за културно наследство. Комплексот Трескавец претставува сложен комплекс од градби кои и денес се во фаза на научно истражување. Врз основа на досега познатите податоци, утврдено е дека локацијата на која денес се наоѓа манастирот уште од античко време била свето место за локалните жители, кои се претпоставува дека живееле во античката населба Колобаиса. Денешната манастирска црква е подигната во XIII век. Најстарите фрески на црквата се смета дека се изработувани во текот на XIV век. До манастирот води асфалтен пат. Во манастирот моментално живее еден монах, кој се грижи за возобновувањето на комплексот, кој беше опожарен во 2013 година.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 4 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 4 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 3 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 1 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 1 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 1 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 4 |

**Вкупно: 2,60 индексни поени**

Според условите што ги поседува манастирот Трескавец како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,60. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, како историски културен споменик од високо значење и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развојот, воочлива е моменталната состојба на недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што поседува за привлекување туристи, како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 3. МАНАСТИР „СВЕТИ АРХАНГЕЛ МИХАИЛ“ – НАС. ВАРОШ, О. ПРИЛЕП



Над населбата Варош, под Марковите Кули, се наоѓа манастирот посветен на Свети архангел Михаил, со црква и манастирски конаци. Некаде во втората половина на XII век била подигната првобитната црква Св. архангел Михаил во нејзиниот источен дел. Денес манастирот е културен споменик. Во манастирскиот двор, како и на самиот црковен трем, можат да се најдат фрагменти од античко време. Монолитните камени столбови од тремот на црквата се остатоци од антиката, а на еден од нив е зачуван врежан натпис со кирилични букви од 991 година, во кој се споменува смртта на владетелот Андреа. По натписот на надгробната плоча на Самоиловите родители од 993 год, ова е втор по старост словенски натпис со кирилични букви. Во населбата Варош има повеќе цркви и манастири, но денес единствен активен е овој манастир, каде што се подвизува женско сестринство.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 4 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 2 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 2 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 3 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 2 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 4 |

**Вкупно: 2,53 индексни поени**

Според условите што ги поседува Варошкиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,53. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба, како историски културен споменик од високо значење и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развојот, воочлива е моменталната состојба на недоволна искористеност на голем дел потенцијалите, кои ги поседува за да привлекува туристи како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 4. МАНАСТИР „СВЕТИ НИКОЛА“ – С. МАНАСТИР, О. ПРИЛЕП



Манастирот „Свети Никола“ во селото Манастир – Мариовско се одликува со исклучителна архитектонска градба и прекрасен богат фреско-живопис, и како таква е една од ретките во земјава и пошироко. Овој манастир е познат и под името Мариовски манастир. Тој е оддалечен 40 километри од градот Прилеп. Црква започнала со градба во 1095 година, а нејзината сегашна градба потекнува од 1266 година, кога ја обновил

игуменот Акакиј. Самиот нејзин фреско-живопис бил изведен пет години подоцна, во 1271 година. Архитектонскиот тип на манастирската црква претставува трикорабна базилика. Оваа манастирска црква е една од најзначајните споменици на културата од византискиот период. Овој манастир е културно наследство. Во 2006 година започнува и обновата на монашкиот живот во манастирот, кој денес има статус на активен машки манастир и во него живеат тројца монаси. Во текот на 2015 година започнала да се изведува конзервација и реставрација на фреско-живописот во рамките на првата фаза од проектот за конзервација на црквата. Денес се вршат повеќе градителски зафати и обновата на манастирот е во завршна фаза.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 4 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 2 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 3 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 1 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 3 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 3 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 2 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 5 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 2 |

**Вкупно: 2,33 индексни поени**

Според условите што ги поседува манастирот како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,33. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Мариовскиот манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба, како историски културен споменик од високо значење и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на воопшто недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува Мариовскиот манастир за привлекување туристи како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 5. МАНАСТИР „СВЕТИ ПЕТАР“ – С. ЦРНОВЕЦ, О. БИТОЛА



Манастирот „Св. Петар и Павле“ во близина на село Црновец (Црнеец) е еден од ретките активни манастири во близина на Битола. Сместен во густа дабова шума, манастирот се наоѓа во непосредна близина на вештачката акумулација Стрежево. Според плочата што се наоѓа покрај манастирската црква, манастирот постои на ова место од XV век, а е обновен во 1999 година. На друга надгробна плоча веднаш до манастирската црква пишува дека манастирот е последно почивалиште на шест монаси од овој манастир, кои бранејќи ја христовата вера, храбро ги положиле своите животи во XVIII век. Денес манастирот повторно е живеалиште на монашко братство.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 3 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 2 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 4 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 1 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 2 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 2 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 1 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 2 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 3 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 3 |

**Вкупно: 1,93 индексни поени**

Според условите што ги поседува манастирот „Свети Петар“ во с. Црнеец како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 1,93. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба, како значаен храм и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на воопшто недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува манастирот да привлекува туристи како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 6. МАНАСТИР „СВЕТИ ЈОВАН КРСТИТЕЛ“ - С. СЛЕПЧЕ, О. ДЕМИР ХИСАР



Слепченскиот манастир „Св. Јован Претеча“ се наоѓа во непосредна близина на селото Слепче. За првпат во пишани документи се споменува во XIV век, но според народните преданија манастирот го подигнал цар Самуил во 1010 година. Денешната манастирска црква е изградена во 1862 година на местото каде што претходно постоела старата голема и живописана црква. Прогласен е за културен споменик. Важно е да се напомене дека манастирот претставувал важен резбарски и сликарски центар, но исто така, познат е и по својата книжевна дејност, бидејќи во него се преведувале и се препишувале богослужбени книги за црквите во Демирхисарско и пошироко. Манастирскиот комплекс е ограден со конаци. Во манастирот постои активен монашки живот и во него веќе долги години функционира сестринство. Манастирот е ставен под заштита на државата и е значаен културен споменик.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 3 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Веб-страница | 5 |
| 8 | Социјални медиуми | 3 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 3 |
| 10 | Издаваштво | 5 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 5 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 4 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 5 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 3 |
| | **Вкупно: 3,80 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува Слепчанскиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 3,80. Индексот е прикажан во горенаведената табела и според него може да се увидат повеќе и помалку искористените потенцијали за развој на манастирот. Овој манастир има широки потенцијали за доуредување на својата туристичка понуда, а од моменталната состојба во која се наоѓа, има потреба од доразвивање во некои од дадените критериуми за потенцијал за да биде туристички поопривлечен.

## 7. МАНАСТИР „СВЕТИ АТАНАСИЈ ВЕЛИКИ“ – С. ЖУРЧЕ, О. ДЕМИР ХИСАР



Лоциран е на три километри од село Журче, во прекрасен планински предел. Познато е дека манастирската црква е подигната во 1121 година и целосно живописана во 1622 година. По својата архитектурна форма, манастирската црква е меѓу ретките во Македонија и на Балканот. Во минатото во манастирот била развиена и просветно-книжевната дејност, така што во конаците имало библиотека во која се творела богослужбена литература, а библиотеката, исто така, имала улога и на училиште. Манастирот денес претставува важен споменик на културата. Во состав на манастирот денес се наоѓаат манастирската црква и конаците, а во него е развиен и монашкиот жи-

вот. Во манастирот е обновен монашкиот живот, како и преведувачката дејност во него и тој е ставен под заштита на државата.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 3 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 5 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 4 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 3 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 5 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 3 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 3 |

**Вкупно: 3,00 индексни поени**

Според условите што ги поседува Журчевскиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 3,00. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, како историски културен споменик од високо значење и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува за привлекување туристи, како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 8. МАНАСТИР „УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ – С. ЈАНКОВЕЦ, О. РЕСЕН



Манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ – Јанковец или Јанковечки манастир – е активен машки манастир. Тој се наоѓа на 800 метри североисточно од ресенското село Јанковец, во пријатна околина, обрасната со дабова шума. Според одредени сведоштва, манастирот датира од XV век. Манастирот се споменува во Зографскиот поменик. Во рамките на манастирот имало училиште со славјански книги и до 1860 година тука се одржувале собранија на кои се решавале црковно-училишните прашања. Во денешно време во манастирот е подигнат и храм посветен на Свети Игнатиј Богоносец.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 2 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 3 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 2 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 2 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 2 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 3 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 3 |

**Вкупно: 2,40 индексни поени**

Според условите што ги поседува манастирот како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2.40. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Јанковечкиот манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба, како историски културен споменик од високо значење и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на воопшто недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува Јанковечкиот манастир за привлекување туристи како атрактивна верска туристичка дестинација.

## ДЕСТИНАЦИИ СО ВИСОК ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Дестинации со висок потенцијал за развој на верскиот туризам во Пелагонискиот Регион се: црквата „Свети вмч. Димитриј“ – Битола, Големата базилика во Хераклеја Линкестис; уметничката галерија „Јени џамија“ – Битола, католичката црква „Пресвето срце Исусово“ – Битола; Еврејските гробишта – Битола; руската црква „Пресвета Троица“ и крст – Битола; „Исак Челеби џамија“ – Битола; црквата „Свети вмч. Георгиј“ – Курбиново; „Хаџирамадановата џамија“ – Ресен; храмот „Свето Благовештение“ – Прилеп; манастирот „Свето Преображение“ – Крушево и црквата „Свети Петар“ на врвот Кајмакчалан на планината Ниџе.

### 1. СОБОРЕН ХРАМ „СВЕТИ ВМЧ. ДИМИТРИЈ“ – О. БИТОЛА



Храмот „Свети вмч. Димитриј“ е соборен храм на Преспанско-пелагониската православна епархија. Тој е сместен во центарот на Битола. Годината 1830, кога е изградена оваа црква, не претставува само хронолошки знак туку и еден значаен фрагмент од вечноста. Црквата е изградена на местото на поранешен параклис, кој изгорел во 1726 година. Два реда масивни столбови, по шест од двете страни, ја делат црквата на три брода, од кои централниот е најголем. Централниот брод на црквата е засводен, а него-

вите краеви се потпираат на два реда столбови. Црквата е вкопана еден метар и површината на храмот е околу 650 м$^2$. Катните галерии и целокупниот црковен мобилијар му даваат посебна убавина на овој храм, кој е прогласен за културно наследство. Во црквата се чуваат и моштите на Свети Ататангел Битолски.

## 2. ХЕРАКЛЕЈА ЛИНКЕСТИС (ГОЛЕМА БАЗИЛИКА) – О. БИТОЛА



Хераклеја Линкестис се наоѓа во непосредна близина на Битола. Таа е еден од најзначајните македонски археолошки локалитети изграден во периодот на IV век пр. н. е. од страна на Филип II. Наоѓајќи се на најзначајната сообраќајница од тоа време, Виа Игнација (via Egnatia), Хераклеја своевремено се издигнала во нејзина најважна станица во целиот регион. Хераклеја денес е посетувана поради зачуваниот амфитеатар, мозаици, базилики и археолошки предмети од непроценливо значење. Од ранохристијанскиот период се датирани објектите Мала и Голема базилика и Епископската резиденција и Гробишната базилика со некропола надвор од градските бедеми. Во тој период (IV–VI в. н. е.) Хераклеја била епископско седиште. Некои од нејзините епископи се забележани во актите на неколку црковни собори. Мозаикот во нартексот на Големата базилика во Хераклеја претставува врвно уметничко достигнување од ранохристијанскиот период. Неговото симболичко прикажување на христијанските догми инспирира и многу од подоцнежните мозаици во регионот. Токму затоа, Големата базилика е заштитена како културно наследство.

## 3. УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА „ЈЕНИ ЏАМИЈА“ – О. БИТОЛА



Кади Мехмед Ефенди џамијата, или попозната како „Јени џамија“, е изградена во 1558/59 година. Оваа џамија по својот изглед е една од највпечатливите и можеби највредни градби во центарот на градот Битола. Најкарактеристичен детаљ на џамијата е нејзиното минаре, кое се извишува цели 40 метри над земјата. Заводот и музеј Битола повеќе години врши археолошки истражувања во внатрешноста на џамијата и во нејзи-

ниот двор, при што се откриени пет културни хоризонти од VII до XV век и остатоци од стара црква посветена на Св. Георгиј. Се очекува да заврши и целосната реставрација на џамијата и таа повторно да се користи како уметничка галерија. Целокупниот објект е под културна заштита. Овој објект е мултиконфесионален и го отсликува континуитетот на Битола од раниот среден век.

## 4. КАТОЛИЧКА ЦРКВА „ПРЕСВЕТО СРЦЕ ИСУСОВО“ – О. БИТОЛА



Црквата „Пресвето срце Исусово“ или Католичка црква ,како што е позната меѓу локалното население, е сместена на главната улица во Битола – Широк сокак. Во средината на XIX век во Битола биле отворени бројни конзуларни претставништва и голем број странски службеници, трговци и членови на нивните семејства дошле во градот. Зголемениот број католички верници барал постојано присуство на свештеник, кој би се грижел за духовните потреби на населението. За формирањето на црквата најзаслужни биле лазаристите. кои во XIX век започнале со идеја за ширење на католичката вера меѓу православното население во Отоманската Империја. Во 1870 година на сегашната локација била изградена нова католичка црква во барокен стил, која била опожарена во 1900 година. На истото место во 1909 година е изградена денешната Католичка црква во неоготски стил. Архитектонскиот план за изградба на црквата бил дизајниран од француски архитект, но реализиран од македонските мајстори. Внатрешноста на црквата се состои од три жртвеници, голем број икони и статуи во различни големини, крстилници и клупи за верниците.

## 5. ЕВРЕЈСКИ ГРОБИШТА – О. БИТОЛА



Еврејски гробишта во Битола — гробишта на еврејската заедница во Битола. Се наоѓаат на самиот влез во Битола, наспроти Светонеделските гробишта и црквата „Света Недела“, како и до старите турски гробишта. Влезот на гробиштата, како и заштитниот ѕид, изграден е во 1929 година по иницијатива на рабинот Цаен, кој собрал прилози

од Евреите печалбари во Америка родум од Битола. Денес еврејските гробишта се под заштита и од 2015 година се започнати конзерваторски работи, при што се извршува откопување на надгробни плочи и расчистување на теренот. Крај еврејските гробишта се пронајдени и археолошки остатоци од праисториско време.

## 6. РУСКА ЦРКВА „СВ ТРОИЦА“ И РУСКИ КРСТ ВО СПОМЕН НА АЛЕКСАНДАР АРКАДИЕВИЧ РОСТКОВСКИ – О. БИТОЛА





Руската црква во Битола била изградена за духовните потреби на руската заедница во градот. Во месеците март и април 1926 година членовите на Управата на Руската колонија испратиле три писма до Битолското градско поглаварство со молба да им се доделат две бараки што би биле приспособени за храм и библиотека, но им била доделена само една, која ја адаптирале во храм. Во црквата за време на својот престој во Битола како професор во Битолската богословија служел Свети Јован Шангајски, чии одежди до ден-денес се наоѓаат во храмот. Рускиот крст, пак, е подигнат во чест на Александар Аркадиевич Ростковски, кој бил руски конзул во Битола од 1895 до 1903 год. Неговото име често може да се сретне во македонската историографија како заштитник на обесправеното македонско население. Бил близок пријател со Крсте Петков Мисирков, а едно од омилените места за одмор му бил Буковски манастир во близина на Битола.

## 7. ИСАК ЧЕЛЕБИ ЏАМИЈА – О. БИТОЛА




Исак Челеби Ибн Иса Џамија е најголемата и главна џамија во Битола, сместена по должината на левиот брег на реката Драгор. Изградена во 1506 година, целиот комплекс на џамијата бил идеално поставен помеѓу тогашните управни објекти во близина на покриениот пазар Безистен и Големиот мост, кој џамијата на другата страна ја поврзувал со главната улица Широк сокак. Изградбата на џамијата била финансирана од страна на судијата Исак Челеби, син на Иса Факих. Исак Челеби прво бил судија во Солун, по што бил назначен за судија во Битола, каде што се преселил заедно со својата фамилија. Џамијата била само дел од големиот вакаф на ктиторот, кој, освен неа, изградил и медреса, мектеб, 103 дуќани, лозја, 20 воденици и други религиски и световни објекти. Денес Исак Џамија е споменик на културата на РС Македонија и со својата спектакуларна големина и 50-метарското минаре доминира во просторот.

## 8. ЦРКВА „СВЕТИ ГЕОРГИЈ“ - С. КУРБИНОВО, О. РЕСЕН



„Свети Ѓорѓи“ – главна и единствена манастирска црква на Курбиновскиот манастир, сместена над селото Курбиново, Преспа, во непосредна близина на Преспанското Езеро. Црквата е изградена кон крајот на XII век, поточно во 1191 година. Во кругот на црквата се наоѓале старите селски гробишта на Курбиново, кои се користеле до 1921 година. Црквата се наоѓа на еден километар над селото Курбиново, односно на 15 километри од центарот на Ресен. Манастирот е прогласен за споменик на културата и моментално се вршат конзерваторски работи. Убавината и естетиката на фреско-живописот во оваа црква ги надминува границите на Македонија и се вбројува меѓу најголемите вредности на човековата цивилизација. Претставувањето на архангел Гаврил е главно обележје на црквата, заедно со фреските на Света Ана и нејзината ќерка Пресвета Богородица, како и портретите на словенските просветители Свети Кирил и Методиј. Сегмент на фреската на светецот

архангел Гаврил, „Ангелот од Курбиново“ од оваа црква се наоѓа на задницата на банкнотата од 50 македонски денари.

### 9. ХАЏИ РАМАДАНОВА ЏАМИЈА – О. РЕСЕН



Еден од позначајните споменици од исламската култура, кој е изграден во 1592 година од страна на битолскиот бег Хаџи Рамадан. Во своето постоење џамијата е неколку пати реставрирана и така ѝ е зачувана карактеристичната форма. Покрај овој објект, сведок за присуството на Отоманската Империја и нејзината култура во овој крај е и прекрасниот замок на Нијази Бег, со кој тој започнал со остварување на својата визија Ресен да го направи „мал Париз“, преку градби што би потсетувале на париските улици. За жал, не успеал поради повлекувањето на Османлиите од градот. Ресен е опкружен со прекрасна природа, два национални парка: Галичица и Баба Планина, природното Преспанско Езеро, единствениот остров во земјата – Голем Град, како и уникатен непроценлив биодиверзитет.

### 10. ХРАМ „СВЕТО БЛАГОВЕШТЕНИЕ“ – О. ПРИЛЕП



„Св. Благовештение“, попозната и како Стара црква, се наоѓа во Прилеп. Изградбата на оваа црква во турско време била проследена со многу упорност и жртви од страна на локалното население, а нејзиното осветување пред 170 години го извршил митрополитот пелагониски Герасим. Црквата е изградена од познатите прилепски мајстори Коста Лауцо и Ристе Тасламиче во 1838 година. Во дворот на црквата се наоѓа гробот на македонскиот револуционер Пере Тошев. Храмот е прогласен за културно наследство. Тој е долг 32 метри, широк 26 метри, а висок 9 метри и е ѕидан во бигорлив делкан варовник, со многу колони од северната, западната и јужната страна. Со својата убавина, но и вредност, осо-

бено плени иконостасот во црквата. Не е помала вредноста и на владичкиот стол, амвонот и на троделниот стол на аџи Христо. Овие дела се одраз на карактерите на мајсторите што ги изработиле – предводници на своите тајфи: Петре Филипоски-Гарката и неговиот зет Димитар Станишев. Галериите се на јужната и на северната страна на црквата, во горниот дел на тремовите. Во близина на храмот се наоѓа и галерија на икони.

## 11. МАНАСТИР „СВЕТО ПРЕОБРАЖЕНИЕ“ – О. КРУШЕВО



Манастирот Свето Преображение се наоѓа надвор од Крушево на повеќе од 1700 м н. в. и се смета за втор дом на познатиот македонски пејач Тоше Проески. Изградбата е започната во 1986 година. Според пронајдоците, се смета дека на тој простор постоела помала црква од 13 или од 16 век. Овој манастир е преодна точка за планинските велосипедисти и планинарите на патот кон Мусица, на 1780 м н. в. Секој 18 август крушевчани се збираат тука, а помладите ја поминуваат ноќта во шумата со запален оган. Моментално манастирот се фреско-живописува.

## 12. ЦРКВА „СВ. ПЕТАР“ – КАЈМАКЧАЛАН, О. НОВАЦИ



Свети Петар е црква и спомен-капела подигната на врвот Кајмакчалан (2540 м н. в.) на планината Нице, во општина Новаци, на самата македонско-грчка граница. Спомен-капелата започнала да се гради во 1928 година на највисоката точка на планината Нице, врвот Кајмакчалан. На тоа место се одвивала една од најжестоките битки за време на Првата светска војна. Овој комплекс претставува културно наследство на Македонија, прогласен со одлука од 5 јануари 1953 година. Црквата е особено посетувана од скијачите, поради близината на скијачкиот центар „Кајмакчалан“ на грчката страна, како и од страна на планинари и велосипедисти. Во храмот се наоѓа урна во која почива срцето на д-р Родолф Арчибалд Рајс, кој сакал да почива заедно со другите ослободители од Солунскиот фронт.

# ОСВРТ НА ДРУГИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Пелагонискиот Регион, освен активните манастири и погореспоменатите дестинации со висок потенцијал, изобилува и со други локации што имаат најразличен потенцијал за развој на верскиот туризам. Дел од тие локации се наоѓаат во градските, а дел во руралните средини и тие со својата природа и излетнички места нудат одмор и релаксација за посетителите. Голем хендикеп е тоа што повеќето од привлечните верски локалитети не нудат повеќе видови туризам, иако поседуваат потенцијали за разновидна понуда. Тоа се должи на фактот дека овие места имаат потреба од програмско развивање и унапредување на своите услови за да прераснат во препознатливи места со потенцијал за туризам. Тоа ќе го достигнат доколку ги подобрат целокупните услови за развој, како и доколку започнат да работат на креација на своја автентична понуда и приказна, која може да биде: уметничка, културна, етнолошка, фолклорна, но и квалитетна угостителска, едукативна или рекреативна. Во редот на поетаблираните места со потенцијали од Пелагонискиот Регион би ги издвоиле и: храмот „Пресвета Богородица“, храмот „Света вмч. Недела“, влашката црква Св. Константин и Елена, Ајдар-кади џамија, Барешанскиот манастир „Свети вмч. Меркуриј“, Буковскиот манастир „Свето Преображение“, Крстоарскиот манастир „Свети Христофор“, Цапарскиот манастир „Света Петка“, Велушинскиот манастир „Свети Ѓоргиј“, Ротинскипт манастир „Свети Илија“, Маловишкиот манастир „Света Ана“ и црквата „Света Петка“ во Маловиште; црквата „Пресвета Богородица“ – с. Трново, О. Битола; храмот „Свети Кирил и Методиј“ – Ресен; црквите на островот Голем Град, манастирот „Пресвета Богородица“ во село Сливница, храмот „Света Петка“ – Брајчино, Преспанскиот крст во с. Подмочани, О. Ресен; манастирот „Свети Илија“ – Мелница, манастирот „Свети Илија“ – с. Дрен О. Прилеп; храмот „Свети Никола“ и манастирот „Свети Спас“ во О. Крушево; Топличкиот манастир, манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ во с. Судовол, црквата „Свети Димитриј“ во с. Жван и други во О. Демир Хисар; манастирот „Рождество на Пресвета Богородица“ во Новаци во О. Новаци; манастирот „Свети Никола“ – с. Слепче во О. Долнени и Лознанскиот манастир „Свети Кирил и Методиј“ – с. Лознани во О. Могила.

# SWOT-АНАЛИЗА НА ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

| ГЛАВНИ ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ) | ГЛАВНИ СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
|---|---|
| Огромен потенцијал, постоење етаблирани дестинации | Слаба промоција на целиот регион |
| Разновидни природни и антропогени ресурси | Необновена патна инфраструктура и слаба сигнализација |
| Востановена патна мрежа и паркинг-простор | Недоволни сместувачки капацитети |
| Езерски, планински, рурален и др. видови туризам | Немање соодветни водичи и познавачи на верскиот туризам |
| Близина до меѓународниот аеродром „Св. Апостол Павле“ – Охрид, меѓуградски автобуски превоз, такси-превоз | Малку настани, атракции и приказни итн. |
| Близина до гранични премини со Р Грција и Р Албанија | Недоволна грижа за културното наследство |
| Активни манастири со развиен верски туризам | Недоволна грижа за еко-системот во регионот |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ (РИЗИЦИ)** |
| Развој на верскиот туризам | Природни елементарни непогоди (пожари, земјотреси, поплави, одрони и сл.) |
| Поврзување на повеќе селективни видови туризам (верски, културен, рурален, планински и др.) | Кражби, разбојништва, тероризам и сл. |
| Поврзување на религиите преку одбележување одредени настани | Оштетување на вредни артефакти |
| Инсталирање современи телекомуникациски системи (интернет) | Загадување на природната и на животната средина |

# ТОП ДЕСТИНАЦИИ И ЛОКАЦИИ ВО ПОНУДАТА

- МАНАСТИР ЗРЗЕ – С. ЗРЗЕ, О. ПРИЛЕП
- МАНАСТИР ТРЕСКАВЕЦ – О. ДОЛНЕНИ
- ИСАК ЏЕЛЕБИ ЏАМИЈА – О. БИТОЛА
- КАТОЛИЧКА ЦРКВА – О. БИТОЛА

▸ЕВРЕЈСКИ ГРОБИШТА – О. БИТОЛА

▸ХРАМ „СВЕТИ ВМЧ. ГЕОРГИЈ“ – С. КУРБИНОВО, О. РЕСЕН

▸МАНАСТИР „СВ. ЈОВАН ПРЕТЕЧА“ – С. СЛЕПЧЕ, О. ДЕМИР ХИСАР

## НАСТАНИ И АТРАКЦИИ

Славите на активните манастири:

▸Манастир „Свети Атанасиј Велики“ – с. Журче, О. Демир Хисар (31 јануари, Свети Атанасиј Велики)

▸Манастир „Свети Јован Крстител“ – с. Слепче, О. Демир Хисар (7 јули /11 септември, Свети Јован Крстител )

▸Манастир „Свети Петар“ – с. Црновец, О. Битола (12 јули, Свети Петар )

▸Манастир „Свето Преображение“ – с. Зрзе, о. Прилеп (19 август, Свето Преображение)

▸Манастир „Успение на Пресвета Богородица“ – Трескавец, О. Долнени (28 август, Успение на Пресвета Богородица)

▸Манастир „Успение на Пресвета Богородица “ – с. Јанковец, О. Ресен (28 август, Успение на Пресвета Богородица)

▸Свети Архангел Михаил – манастир „Свети Архангел Михаил“ – Варош, О. Прилеп (21 ноември)

▸Манастир „Свети Никола“ – с. Манастир, О. Прилеп (19 декември)

▸„Воденичарки “ – нематеријално културно добро во с. Беранци, О. Могила (19 јануари)

▸Литија на празникот Нектариј Битолски, кој е заштитник на градот Битола (18 декември)

▸„Водици на Преспанско Езеро“ (19 јануари, Водици)

▸„Бадникови поворки“ (6 јануари, Бадник)

▸Фестивал на дуети „Константин и Елена“ – О. Могила (3 јуни, Св. Константин и Елена)

▸Прослава на Свети Никола, О. Прилеп (19 декември, Св. Никола Чудотворец)

▸Иселенички средби во храмот „Пресвета Богородица“ – с. Трново, О. Битола (28 август, Успение на Прес. Богородица – Голема Богородица)

▸Комеморација во чест на загинатите Евреи (11 март, депортацијата на Евреите од Македонија)

## ТАБЕЛА – ТУРИСТИЧКИ ДВИЖЕЊА ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН ВО 2019 Г.

| ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН | Туристи | Ноќевање | Просек во денови |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 72833 | 183520 | 2,52 |
| Домашни | 42168 | 103066 | 2,44 |
| Странски | 30665 | 80454 | 2,62 |
| Грција | 3237 | 5697 | 1,76 |
| Србија | 2950 | 6943 | 2,35 |
| Германија | 2204 | 4672 | 2,12 |
| Бугарија | 1790 | 3141 | 1,75 |
| Австралија | 1613 | 6282 | 3,89 |
| Албанија | 1389 | 2195 | 1,58 |
| Турција | 1296 | 2421 | 1,87 |
| Италија | 1070 | 2564 | 2,39 |
| Словенија | 1028 | 2042 | 1,98 |
| Хрватска | 957 | 2496 | 2,61 |
| Вкупно 10$^{те}$ држави: | 17534 | 38453 | 2,19 |
| Учество во % од вкупно странски туристи | 57,2% | 47,8% | / |

Најголем број од туристите се од Грција и Србија, а потоа од Германија, Бугарија, Австралија итн. Нивното доаѓање најчесто е со едно ноќевање до три ноќевања, или просечно за десетте држави – 2 ноќевања. Значителен број туристи престојуваат во регионот заради посета на природни и антропогени мотиви (планини, езера, манастири, археолошки локалитети, културно*историски споменици и сл.). Со добро осмислена туристичка маркетинг-промоција, голем број од наведените туристи можат да бидат и потенцијални верски туристи.

## 2.3.1 ВАРДАРСКИ РЕГИОН




Вардарскиот Регион се наоѓа во централна Македонија и се граничи со следниве региони: на југ и југозапад со Пелагонискиот, на запад со Југозападниот, на север со Скопскиот, на североисток и исток со Источниот Регион, на исток со Југоисточниот Регион и на југ со Р Грција. Главен центар на регионот е градот Велес.

## КРАТКИ ПОДАТОЦИ ЗА ВАРДАРСКИОТ РЕГИОН

Овој регион се простира во централниот дел на РС Македонија и го опфаќа средното сливно подрачје на реката Вардар, долните теченија на притоките Брегалница и Црна Река и крајниот западен дел од Овче Поле. Регионот има најмал број жители, односно 7,5% од вкупното население. Се простира на 16,2% од територијата на РС Македонија и истовремено е и најретко населен регион со само 38 жители на км$^2$.

Вардарскиот Регион има одлична сообраќајна поврзаност. Овде поминува еден од најзначајните патишта што ја поврзуваат РС Македонија со другите земји. Преку коридорот 10 и автопатот А1, регионот е поврзан со сите делови од земјата. Низ Вардарскиот плански регион минува и дел од железничката линија Скопје – Велес – Гевгелија – граница со Грција, како и дел од линијата Велес – Битола, линијата Градско

– Сивец и дел од линијата Велес – Кочани. Во овој регион се лоцирани три аеродроми за стопанска авијација (Пеширово – Свети Николе; Црвени брегови – Неготино и Росоман – Кавадарци), а бидејќи регионот граничи и со Скопскиот плански регион, има и релативно добар и брз пристап кон аеродромот во Скопје. Најпосетувани туристички места во Вардарскиот Регион се: Демиркаписката Клисура, Овчеполската Котлина, планината Кожув, археолошкото наоѓалиште „Стоби“, Тиквешкото Езеро, Полошкиот манастир „Свети вмч. Георгиј“, спомен-куќата на Кочо Рацин и други.

Богатството на водни ресурси, реки и вештачки езера, поволните климатски услови, односно влијанието на медитеранската клима, која во овој регион навлегува во долината на реката Вардар, како и специфичната геоморфолошка конфигурација на теренот, претставуваат главни предуслови овој регион да биде препознатлив по производството на овошје и вино со карактеристично географско потекло. Како резултат на ова, во овој регион се концентрирани најголем дел од сите визби и преработувачки капацитети за винова лоза во РС Македонија.

Најразвиен индустриски, трговски, транспортен и економски центар е градот Велес. Лежи на двата брега на реката Вардар, вгнезден на ридовите што претставуваат дел од страните на таканареченото велешко речно проширување. Велес бил дом на голем број македонски преродбеници, револуционери, писатели и поети. Тој е една од лулките на македонската култура, а низ историјата се среќава како град на првиот театар во Македонија, град на првата библиотека, првата гимназија, првото музичко училиште, како и првиот музеј.

Од природно наследство во Вардарскиот Регион посебно се издвојуваат:

планините: планинскиот масив Јакупица и планината Кожуф со ски-центарот;

заштитените подрачја: природниот резерват „Тиквешко Езеро“, споменикот на природата „Демир Капија“, флористичкиот локалитет Орлово Брдо;

пештерите: пештера Макаровец, пештера Бела Вода, пештера Горен Змејовец; Арамиска Пештера, пештера Дамјаница, пештера Црквиче, пештера Извор на р. Бабуна;

палеонтолошките локалитети: Караслари, Превалец и Калница;

природната карпеста појава Ѓаволски ѕид.

Од културно-историското наследство се издвојуваат:

археолошките наоѓалишта: античкиот град Стоби, пајонскиот град Градиште – Била Зора, античкиот град Градиште – Антигонеа, населбата од римско време Абдови Карпи, населбата од времето на неолитот Мрамор;

спомен-куќите: спомен-куќата на Кочо Рацин, спомен-куќата на Васил Главинов, спомен-куќата на Јордан Хаџи Константинов-Џинот, спомен-куќа на Страшо Пинџур, спомен-куќата на Петар Поп Арсов, спомен-куќата – седиште на президиумот на АСНОМ;

манифестациите и настаните: Тиквешки гроздобер, Св. Трифун, Рацинови средби, Вардарска регата, „Папрадишки мајстори“ и др.

Меѓу најпознатите туристички дестинации во Вардарскиот Регион се: Демиркаписката Клисура, Овчеполската Котлина, планината Кожув, како и археолошкото наоѓалиште Стоби и повеќе верски објекти.

Во Вардарскиот Регион во градот Велес се наоѓа епархиското седиште на Повардарската епархија на МПЦ-ОА. Исто така, Вардарскиот Регион зафаќа предели и православни храмови што црковно се под јурисдикција и на Брегалничката епархија на МПЦ-ОА. Покрај храмови од православната христијанска вероисповед, регионот располага и со џамии. Во Велес е сместено Велешкото муфтиство на Исламската верска заедница во Македонија. Во овој регион има само еден верски објект што ѝ припаѓа на Католичката црква.

## АКТИВНИ МАНАСТИРИ ВО ВАРДАРСКИОТ РЕГИОН

Постојат два активни манастири во Вардарскиот Регион:

1. Манастирот „Рождество на Пресвета Богородица" – с. Согле, О. Чашка (женски манастир); и

2. Полошкиот манастир „Свети вмч. Георгиј" – с. Полошко, О. Кавадарци (женски манастир).

### 1. МАНАСТИР „РОЖДЕСТВО НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА"- С. СОГЛЕ, О. ЧАШКА



Манастирот „Рождество на Пресвета Богородица" во селото Согле, Општина Чашка, е сместен над селото, во месноста Азот, на 30 км југозападно од Велес. До манастирот од селото Согле се стигнува пеш. Покрај манастирот изградени се и конаци. На 25 август 2007 година е поставен и осветен камен-темелник за изградба на нови конаци. Конаците се опремени и располагаат со кујна и 14 соби за престој, но истовремено, нудат и услови за одмор и рекреација.

За овој храм нема црковно-историски извори. Се претпоставува дека тој потекнува од многу постаро време, кога селото Согле не било исламизирано. Град-

бата на манастирот била изведена некаде во XIV или во XV век, кога уште немало доселено муслиманско население во Азот. Во периодот од 1850 до 1855 година биле поправени конаците и црквата.

Во манастирот постои дрвен иконостас на кој е поставена иконата на Пресвета Богородица, која е стара 150 години и ги има преживеано сите премрежиња на манастирот. Оваа икона во народот е позната како икона на Мајката Божја – Согленска.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 2 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 5 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 1 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 4 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 2 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 5 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 3 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 4 |

**Вкупно 2,60 индексни поени**

Според условите штоги поседува Согленскиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,60. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, како духовно светилиште од високо значење и како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува за да привлекува туристи како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 2. МАНАСТИР „СВ. ГЕОРГИЈ“ – ПОЛОШКИ МАНАСТИР, О. КАВАДАРЦИ



Полошкиот манастир се наоѓа во југоисточниот дел на РС Македонија, во близината на Кавадарци, на падините на планината Вишешница, на границата помеѓу областите Тиквеш и Мариово. Неговата положба некогаш била високо над левиот брег на реката Црна, спроти селото Полошко, по кое го добил името. По создавањето на вештачкото Тиквешко Езеро по долината на реката Црна (1964–1968), селото веќе не постои и до манастирот се доаѓа само по воден пат.

Манастирот е изграден во првата половина на XIV век, поточно пред 1340 година. Во него бил погребан Јован Драгушин на однапред одбрано место за таа цел. Непосредно по изградбата на црквата, од страна на ктиторката Марија – мајката на Драгушин, биле повикани и ангажирани врвни зографи, кои ја живописале сета внатрешност на црквата во периодот од 1343 и крајот на 1345 година.

Големиот иконостасен крст со Распетието Христово од 1584 година е извонредно резбарско остварување, поставено врз горниот дел од иконостасот, и се смета за една од **најрепрезентативните зачувани целини од овој вид во Македонија**.

На западната фасада над западниот влез има ниша во која е насликан Св. Ѓорѓи на коњ. Горниот слој со претставата на Св. Ѓорѓи, кој е насликан во 1881 година, е изваден (симнат), а под него е исто така Св. Ѓорѓи на коњ од 1609 година, кој изворно и денес стои во нишата.

Посетеноста на манастирот е најголема во деновите на патрониот празник – Св. Ѓорѓи. на 6 мај и при празнувањето на манастирскиот празник посветен на Успение на Пресвета Богородица на 28 август.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 1 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 2 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 4 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 3 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 3 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 2 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 5 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 2 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 5 |
| | **Вкупно 2,46 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува Полошкиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,46. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Полошкиот манастир, како историски културен споменик од високо значење и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на воопшто недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува Полошкиот манастир, иако необичниот пристап по воден пат ја зголемува можноста за привлекување туристи, како атрактивна верска туристичка дестинација.

## ДЕСТИНАЦИИ СО ВИСОК ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ ВО ВАРДАРСКИОТ РЕГИОН

Дестинации со висок потенцијал за развој на верскиот туризам во Вардарскиот Регион се: црквата „Свети Пантелејмон“, манастирот „Св. Димитрија“, пештерската црква „Св. Никола“ (Маркова црква) – кањон Пешти, „Фазли Ахмет Пашина Џамија“– „Црна Џамија“ во Велес; црквата „Пресвета Богородица“ во Демир Капија; манастирот „Св. Никола“ (Моклишки манастир) и црквата „Св. Петка“ во Општина Кавадарци; Синагогата и Епископската базилика во Стоби; манастирот „Свети Георгиј Победоносец“ – Неготино; Ѓуришкиот манастир; храмот „Свети Климент Охридски“ и џамијата во с. Горно Врановци – Чашка.

### 3. ЦРКВА „СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН“ – О. ВЕЛЕС



Црквата „Св. Пантелејмон“ се наоѓа во Велес. Изградена е во 1840 год. Воедно, таа е и соборен храм на Повардарската епархија при МПЦ. Нејзината изградба била извршена од познатиот македонски неимар и градител на цркви во Македонија и низ Балканот Андреја Дамјанов со своите браќа, од велешкото село Папрадиште. Во близина на црквата се наоѓа гробот на славниот и опеан македонски револуционер Миле Поп Јорданов.

Градската соборна црква „Св. Пантелејмон“ се наоѓа југозападно од градот, од десната страна на реката Вардар, стотина метри од последните куќи во една длабнатина. Теренот на кој е поставена е прилично стрмен, особено од западната страна, каде што над црквата високо се издига ридот Вршник, а од источната стрмно се спушта во Велешката Клисура дури до брегот на Вардар и главниот пат кон југ. Поради тоа, ѕоsидана е подлога за црквата, а како бедем од источната страна изграден е потпорен ѕид од делкан камен, како кај одбранбените тврдини. Во дворот на црквата, при самиот влез, поставена е камбанаријата.

Црквата е позната по прекрасната акустика добиена како резултат на вградувањето на грнчарски производи во ѕидовите, како и користењето на лушпи од јајца во малтерот. Од 2009 година Свети Пантелејмон е прогласен за светец заштитник на градот Велес.

### 4. МАНАСТИР „СВЕТИ ДИМИТРИЈ“ – О. ВЕЛЕС



Манастирот „Св. Димитрија“ се наоѓа на околу два километра јужно од градот Велес, во Велешката Клисура, на десната страна од реката Вардар, јужно од реката Тополка и нејзиниот влив во Вардар. Во дворот, од западната страна, поставена е убава зграда, која е подигната од месното население. Во нејзиното продолжение кон север се протега друга зграда од послаб

материјал, која ја подигнал терзискиот еснаф. Таа има високо приземје и чардаци со повеќе соби. Конаците се реновирани со капацитет за стотина гости. По падините на висорамнината, кои се спуштаат кон манастирот, се среќаваат урнатини, остатоци од стариот пајонски град Вила Зора од III век пр. н. е.

Денешниот манастир се претпоставува дека потекнува од XIV век, а обновен е во XIX век. Зограф на манастирот бил Хаџи Коста Крстев. Над северниот дел на манастирот се наоѓа фреска на светиот маченик Димитриј, насликана врз постара фреска на Богородица. Во поново време се откриени повеќе фрески, стари околу 7 века, меѓу кои на ктиторот, чие име не е познато, кој во раката ја држи минијатурата на манастирот, како и прочуената фреска „Страшниот суд“.

## 5. ПЕШТЕРНА ЦРКВА „СВ. НИКОЛА“ (МАРКОВА ЦРКВА) – КАЊОН ПЕШТИ, О. КАВАДАРЦИ



Кањонот Пешти се наоѓа по должината на реката Бабуна и располага со исклучителна природна убавина, дополнително збогатена со повеќе ендемски видови растителен и животински свет. На кањонот Пешти во 90-тите години се пронајдени неколку десетици ранохристијански пештерни цркви, меѓу кои пештерната црква „Св. Никола“, позната како „Маркова црква“. Според досегашните проучувања, се смета дека црквата е изградена и живописана во XIV век. Живописот е изведен во приземјето и на катот на црквата, а иконографската програма е сведена според димензиите на црквата, која е тесна и долга, карактеристично за источното христијанско градителство. Пештерните цркви претставуваат сведок за дел од некогашниот средновековен живот во Македонија. Досега се регистрирани преку 50 пештерни цркви на територијата на целата држава.

## 6. „ФАЗЛИ АХМЕТ ПАШИНА ЏАМИЈА“ („ЦРНА ЏАМИЈА“) – О. ВЕЛЕС



Во јужниот дел од левата страна на Велес се наоѓа маалото „Црна Џамија“. Него Турците го викале „Паша Маало“, зашто во него живееле најбогатите паши и аги и поради изградената џамија. „Црна Џамија“ го добила името поради тоа што била изградена од црн камен. Според записите, џамијата ја изградил Фазли Ахмет Паша во 1559 година, откако му починала единствената ќерка. Поради големата тага кон чедото, Фазли Ахмет Паша им наредил на мајсторите џамијата да ја изградат од црн камен, кој тој го плаќал со златници, а се носел од непозната далечина. Таа е единствената џамија што денес постои во градот Велес. Сместена е во подножјето на ридот Рамина, под црквата Свети Спас, од левата страна на Дервенскиот Поток.

## 7. ЦРКВА „УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ – О. ДЕМИР КАПИЈА



Црквата „Успение на Пресвета Богородица“ се наоѓа во градот Демир Капија, во јужниот дел на областа Тиквешија, пред Вардар да навлезе во Демиркаписката Клисура. Спаѓа во Повардарската православна епархија на МПЦ-ОА.

Црквата била пуштена во служба во 1937 година во рамките на панихидата посветена на починатиот крал Александар II Караѓорѓевиќ. На нејзиното отворање присуствувала и кралицата Марија. Архитектот на овој објект е Александар Дероко, кој овој храм го проектирал слично на големиот храм на Опленец. Честопати го споменуваат како мал Опленец. Најстарите археолошки пронајдоци докажуваат дека луѓето во овој реон одгледувале винова лоза и произведувале вино во XIII век пр. н. е.

По повод православниот празник „Успение на Пресвета Богородица“ (Голема Богородица), на 28 август секоја година во црквата се одржуваат богослужби.

## 8. МАНАСТИР „СВЕТИ НИКОЛА" – С. МОКЛИШТЕ, О. КАВАДАРЦИ



На три километри јужно од селото Ваташа, во убав шумски предел, се наоѓа манастирот „Моклишки" посветен на Св. Никола. Над влезот на црквата од внатрешна страна зачуван е натпис во кој се споменува Никола и неговите синови од селото Тимјаник, кои ја изградиле црквата. Манастирската црква е изградена во 1594/95 година, исто така запишано во натписот. По својата архитектурна форма таа е еднокорабна црква со полуобличест свод. Подоцна кон западниот дел е подигната припрата преку која се влегува во црквата од северната страна. Фреско-живописот во црквата е од времето кога била подигната и манастирската црква. Првобитно сите внатрешни површини биле зографисани, но подоцна фреските биле многу оштетени со опаѓањето на малтерот, особено на северниот ѕид. Во XIX век од непознат зограф биле фреско-живописани оштетените површини, кога биле изградени и манастирските конаци. Тие се обновени во поново време. Денес манастирот е во добра состојба.

## 9. ЦРКВА „СВ. ПЕТКА" – О. КАВАДАРЦИ



Црквата започнала да се гради на 8 август 2010 година, кога бил удрен камен-темелник на денот на празникот Св. Петка. Каменот за ѕидање на црквата бил донесен од Мариово, бидејќи со тој камен, кој има топла природна боја, се граделе цркви уште пред десет века. Целиот комплекс на црквата е со површина од 9 000 м$^2$, од кои околу две третини се покриени со зелена површина. На 18 октомври 2015 година било извршено осветувањето на храмот во присуство на архиепископот охридски и македонски г. г. Стефан, надлежниот митрополит повардарски г. Агатангел, митрополитот преспанско-пелагониски г. Петар, како и бројно свештенство и монаштво на Повардарската епархија и на целата Македонска православна црква. Од северната

и јужната страна на црквата поставени се два параклиси посветени на Св. Јован Крстител и Св. Климент Охридски. Покрај црквата, на нејзината југозападна страна, поставена е камбанарија со придружен објект – помошни црковни простории.

## 10. СИНАГОГАТА И ЕПИСКОПСКАТА БАЗИЛИКА ВО СТОБИ – О. ГРАДСКО



Еврејската заедница во Стоби се смета за една од најстарите заедници во Европа, но сепак, таа била со краток век, па се претпоставува дека била прогонета или уништена за време на престојот на императорот Теодосиј во Стоби во 388 година. Првите траги и сознанија за постоењето на романиотската организирана еврејска заедница во Стоби се појавиле при археолошки ископувања во 1931 година, кога археолошка екипа открила, меѓу другото, и убава зграда на базилика, во чиј перистил, меѓу срушените столбови, бил и еден столб со грчки натпис во 32 реда, кој потекнувал од II–III век. Се открило дека базиликата била изградена врз еврејски храм (подоцна означена како „Синагога II“), кој бил во добра и зачувана состојба и уште во употреба, но таа синагога не била првата подигната таму. Под нејзините темели биле пронајдени урнатини на уште постар храм („Синагогата на Полихарм“), а во урнатините биле пронајдени парички и делови од керамика со натписи што го носат името на Полихарм и со запишани прилози што ги давал за синагогата.

Старата епископска базилика во Стоби е една од најзначајните ранохристијански градби откриени во РС Македонија. Епископската базилика, заедно со Крстилницата, во стариот град Стоби го сочинуваат најголемиот, најзначаен и највеличествен ранохристијански комплекс во РС Македонија. Нивните архитектонски остатоци, мермерните декоративни елементи, мозаичните подови и ѕидната декорација ги следат достигнувањата во архитектурата и во уметноста на Источниот Медитеран во доцната антика, обезбедувајќи значајни информации за историскиот и за урбаниот развој на градот. Воедно, ја потврдуваат неговата важност како главен град на провинцијата Македонија Секунда и значаен епископски центар. Всушност, станува збор за две епископски базилики со неколку фази во изградбата и во декорирањето: Старата епископска базилика од доцниот IV век, Големата епископска базилика, позната и како Базилика на епископот Филип или Базилика на тераса од доцниот V век и четирилисната Крстилница на јужната страна, која датира од V век.

## 11. МАНАСТИР „СВЕТИ ГЕОРГИЈ ПОБЕДОНОСЕЦ“ – О. НЕГОТИНО



Во непосредна близина на градот Неготино, на десниот брег на реката Вардар, каде што брегот во блага угорница се издигнува околу 100 метри над нивото на реката, се наоѓа манастирот „Свети Георгиј Победоносец“. Со својата околина и посебно широкиот поглед, се шири на североисток, каде што се протега коритото на реката Вардар и Пепелишкото Поле, па сѐ до сртот на планината Серта.

Манастирот бил изграден со прилози од граѓаните на Неготино меѓу 1860 и 1866 година и е дело на познатиот градител Андон Китанов. Конаците имаат приземје и кат и располагаат со голем број простории, а источната страна на конаците нуди прекрасен поглед кон реката Вардар.

Во состав на манастирот постои винарија, во која неготинските винари имаат свој изложбен дел.

Најголема посетеност на овој манастир има за време на празникот Ѓурѓовден, на 6 мај, за манастирската слава на 21 септември и на зимскиот Свети Ѓорѓи, на 9 декември.

## 12. МАНАСТИР „РОЖДЕСТВО НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ – М. ЃУРИШТЕ, О. СВЕТИ НИКОЛЕ



Манастирот се наоѓа јужно од селото Крушица, на едно возвишение на надморска висина од 851 метар, во месноста Ѓуриште, која се наоѓа во западниот дел на Овчеполската Котлина, на 13 километри од Свети Николе. Влегува во составот на Брегалничката православна епархија на МПЦ-ОА. Денес тука води локалниот пат Свети Николе – Ѓуриште, кој поминува низ селото Крушица. Понатаму можат да се користат планинарските и извиднички патеки или со возило да се стигне до возвишението.

Манастирот денес е целосно реконструиран, со уреден двор, градина, чешма и манастирски конаци, во кои има соби отворени за секого. На местото од сегашната манастирска црква постоела друга, која била срушена од страна на Турците во XVI век. Сегашната црква е изградена во 1880 година, а возобновена во 1920–1930 година. Иконите и фреско-живописот се од XX век, но не е познато од кој зограф се.

Во 1953 година во близина на манастирот е откопан гробен наод, кој го сочинуваат еден златен медаљон, од кој е зачуван само горниот дел, и една златна обетка. Се смета дека накитот со карактеристики на византиското златарство ѝ припаѓал на Марија Палеолог, втората жена на царот Урош III (1355–1371). Таа по смртта на мажот го добила Овче Поле на вдовичко уживање. Марија Палеолог по смртта на мажот се повлекла во еден од манастирите во областа што ѝ била дадена. Покрај истиот манастир таа била и погребана.

## ОСВРТ НА ДРУГИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ ВО ВАРДАРСКИОТ РЕГИОН

Вардарскиот Регион, освен активните манастири и гореспоменатите дестинации со висок потенцијал, изобилува и со други локации што имаат најразличен потенцијал за развој на верскиот туризам. Дел од тие локации се наоѓаат во градските, а дел во руралните средини, кои со својата природа и со своите излетнички места нудат одмор и релаксација за посетителите. Голем хендикеп е тоа што повеќето од привлечните верски локалитети не нудат повеќе видови туризам, иако поседуваат потенцијали за разновидна понуда. Тоа се должи на фактот дека овие места имаат потреба од програмско развивање и унапредување на своите услови за да прераснат во препознатливи места со потенцијал за туризам. Тоа ќе го достигнат доколку ги подобрат целокупните услови за развој, како и доколку започнат да работат на создавање своја автентична понуда и приказна, која може да биде: уметничка, културна, етнолошка, фолклорна, верска, но и квалитетна угостителска, едукативна или рекреативна. Во редот на поетаблираните места со потенцијали од Вардарскиот Регион би ги издвоиле и:

Општина Велес: манастир „Свети Јован“ – Ветерско, црква „Успение на Пресвета Богородица“, црква „Свети Кирил и Методиј“;

Општина Градско: црква „Св. вмч. Георгиј“, црква „Свети Атанасиј“ во с. Свеќани, манастир „Св. Архангел Михаил“ во с. Долно Чичево;

Општина Росоман: црква „Пресвета Троица“;

Општина Демир Капија: црква „Свети Атанасиј“, с. Чифлик, црква „Св. Јосиф“ – католичка црква;

Општина Кавадарци: црква „Св.Димитрија“, црква „Св. Успение Богородично“ – с. Ваташа, црква „Св. Никола“ – с. Драдња, џамија во Кавадарци;

Општина Лозово: црква „Св. Ѓорѓи“ – Ѓуземелци, црква „Св. Петка“;

Општина Неготино: црква „Св. Атанасиј Велики“;

Општина Свети Николе: црква „Св. Никола“;

Општина Чашка: храм „Свети Климент Охридски“, црква „Св. Архангел Михаил“ – Теово, џамија во с. Горно Врановци.

## SWOT-АНАЛИЗА НА ВАРДАРСКИОТ РЕГИОН

| ГЛАВНИ ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ) | ГЛАВНИ СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
|---|---|
| Постоење етаблирани дестинации | Слаба промоција на верскиот туризам |
| Разновидни природни и антропогени ресурси | Слаба сигнализација |
| Постоење добра патна мрежа и паркинг | Недоволни сместувачки капацитети |
| Кратко растојание помеѓу дестинациите и итн. | Немање соодветни водичи и познавачи на верскиот туризам |
| Развиен вински туризам | Недоволна дополнителна понуда |
| | Малку настани, атракции и приказни итн. |
| | Непостоење добри патишта на некои патни правци кон дестинациите итн. |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ (РИЗИЦИ)** |
| Развој на верскиот туризам | Природни елементарни непогоди (пожари, земјотреси, поплави, одрони и сл.) |
| Поврзување повеќе селективни видови туризам (верски, културен, рурален, планински и др.) | Кражби, разбојништво, тероризам и сл. |
| Поврзување на религиите преку одбележување одредени настани | Оштетување на вредни артефакти |
| Инсталирање современи телекомуникациски системи (интернет) | Загадување на природната и на животната средина |

## ТОП ДЕСТИНАЦИИ И ЛОКАЦИИ ВО ПОНУДАТА

▸МАНАСТИР „СВЕТИ ВМЧ. ГЕОРГИЈ" – С. ПОЛОШКО, О. НЕГОТИНО

▸МАНАСТИР „РОЖДЕСТВО БОГОРОДИЧНО" – С. СОГЛЕ, О. ЧАШКА

▸МАНАСТИР „РОЖДЕСТВО НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА" – С. ЃУРИШТЕ, О. СВЕТИ НИКОЛЕ

▸АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ „СТОБИ" – О. ГРАДСКО

▸МАНАСТИР „СВ. АРХАНГЕЛ МИХАИЛ" – С. ГОРНО ЧИЧЕВО, О. ГРАДСКО

▸МОКЛИШКИ „СВ. ЃОРЃИ" – О. КАВАДАРЦИ

▸ЏАМИЈА ВО С. ГОРНО ВРАНОВЦИ – О. ЧАШКА

## НАСТАНИ И АТРАКЦИИ

Слави на активните манастири:

▸Празник на манастирот „Рождество на Пресвета Богородица" – с. Согле, О. Чашка (21 септември, Рождество на Пресвета Богородица – Мала Богородица);

▸Празник на манастирот „Св. Георгиј" – Полошки манастир, О. Кавадарци (28 август, Успение на Пресвета Богородица – Голема Богородица);

▸Водици во Велес (19 јануари, Водици);

▸„Недела на традицијата" – Демир Капија (14 февруари, Св. Трифун).

### ТАБЕЛА – ТУРИСТИЧКА ПОСЕТА ВО ВАРДАРСКИОТ РЕГИОН ВО 2019 Г.

| ВАРДАРСКИ РЕГИОН | Туристи | Ноќевање | Просек во денови |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 25136 | 48590 | 1,93 |
| Домашни | 8917 | 24556 | 2,75 |
| Странски | 16219 | 24034 | 1,48 |
| Србија | 4609 | 5405 | 1,17 |
| Романија | 1754 | 2142 | 1,22 |
| Германија | 1258 | 2071 | 1,64 |
| Бугарија | 1037 | 1694 | 1,63 |
| Унгарија | 652 | 698 | 1,07 |
| Холандија | 556 | 784 | 1,41 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Грција | 506 | 1027 | 2,03 |
| Турција | 445 | 836 | 1,87 |
| Полска | 422 | 613 | 1,45 |
| Словенија | 364 | 456 | 1,25 |
| Вкупно туристи од десетте држави: | 11603 | 15726 | 1,35 |
| Учество во % од вкупниот број странски туристи | 71,5% | 65,4% | / |

Доминираат туристите од Србија, а потоа следуваат од Романија, Германија, Бугарија итн. Најголем број од туристите се транзитни, кои на пат кон Грција попатно застануваат во регионот, и тоа најчесто со едно ноќевање. Но, има значителен број туристи што го посетуваат регионот заради посета на природните и на антропогените мотиви (планини, езера, манастири, археолошки локалитети, културно – историски споменици и сл.). Со добро осмислена туристичка маркетинг-промоција, голем број од наведените туристи можат да бидат и потенцијални верски туристи.

## 2.3.6. ИСТОЧЕН РЕГИОН




Источниот Регион се наоѓа во источниот дел на државата и граничи: на запад со Вардарскиот и со Скопскиот Регион, на север со Североисточниот, на југ со Југоисточниот Регион и на исток со Р Бугарија. Главен центар на регионот е градот Штип.

## КРАТКИ ПОДАТОЦИ ЗА ИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Источниот Регион го опфаќа сливното подрачје на реката Брегалница, зафаќа 14% од територијата на Македонија со површина од 3537 км$^2$. Во регионот живее 10% од вкупното население на Македонија. Густината на населеност изнесува 51 жител/км$^2$. Поделен е на 11 општини: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип. Од вкупно 217 населени места, 209 се рурални, а 8 населби се урбани: Штип, Кочани, Виница, Пехчево, Македонска Каменица, Делчево, Пробиштип и Берово.

Во овој регион најразвиен град е Штип и во него се наоѓа Центарот за развој на Источниот плански регион. Станува збор за град со богата историја, култура и традиција, тој е мултикултурен и мултиконфесионален. Освен Штип, и другите урбани и рурални средини во регионот нудат многу места и атракции од инте-

рес на туристите. Источниот Регион изобилува со природни убавини, од кои се издвојуваат: Осоговските Планини со врвовите Руен (2252 м) и Царев Врв (2085 м) и планините: Плачковица, Влаина, Огражден, Голак со Обозна, Малешевските Планини, Конечка Планина (Серта) и некои други помали планини, кои нудат одлични можности за голем број спортско-рекреативни активности. Освен планинските масиви, интересни за посетителите се и областите околу реката Брегалница, Беровското Езеро, езерото Гратче и Калиманци, како и термоминералните извори и бањите: Кежовица (Штипска Бања) и Истибања, Виничко. Значајни да се споменат се и Лесновскиот Кратер, кој изобилува со фосилни вулкански кратери, кањонот Камник на Кошевска Река и природните резервати Готен, Линак, Малеш, Зрновска Река, реката Уломија, потоа спомениците на природата: Звегор, Пештера Коњска Дупка, Мородвис, Мачево, Црна Топола и голем број села. Климатските услови во регионот се поволни за развој на земјоделството, а исто така, и за плодните котлини: Кочанско Поле, Делчевско Поле (Пијанец) и др. Од културно-историското наследство во Источниот Регион се издвојуваат: античкиот град Баргала кај с. Карбинци во близина на Штип, локалитетот Црквиште кај с. Мородвис во близина на Кочани; археолошкиот локалитет Виничко Кале, надалеку познат по теракотните икони; тврдината Исар во Штип; најстарата неолитска населба Грнчарица – Крупиште и други. Најпознати туристички дестинации во овој регион се: спортско-рекреативниот центар Пониква; туристичката населба околу Беровско Езеро – Малешевски Планини и Суви Лаки на планината Огражден; археолошките локалитети Виничко Кале и Баргала, Лесновскиот манастир, Беровските манастири и др.

Во овој регион функционира Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, повеќе факултети, библиотеки, голем број владини, културни, верски, просветни, медиумски и образовни институции, потоа повеќе музеи, спомен-куќи, домови на културата, амами, бањи, театри, киносали, хотели, ресторани, спортски сали и сл. Патната мрежа во регионот е просечно развиена. Овој регион сообраќајно е поврзан со неколку патни правци, од кои најважен е автопатот Скопје – Свети Николе – Штип, потоа патниот правец: Велес – Штип – Кочани – Каменица – Делчево – Пехчево – Берово и Штип – Радовиш – Струмица, потоа Берово – Струмица, па Кочани – Виница – Берово и други регионални и локални патишта. Значајна сообраќајница е и железничката пруга од Велес преку Штип до Кочани, како и меѓународниот патен правец Делчево – граничен премин „Делчево" со Р Бугарија. Најголем дел од населението се Македонци – православни, а има и муслимани и малку католици. Источниот плански регион ги опфаќа границите на Брегалничката епархија на МПЦ-ОА, со исклучок на општините Свети Николе и Радовиш, кои им припаѓаат на Вардарскиот и на Југоисточниот Регион. Во рамките на регионот припаѓаат и општините Берово и Пехчево, кои црковно ѝ припаѓаат на Струмичката епархија. Во Штип се наоѓа седиштето на Штипското муфтиство, кое ги опфаќа и општините во овој плански регион. Исто така, во овој плански регион со свој верски објект е застапена и Католичката црква, а се застапени и помалите религиозни и верски субјекти. Во овој регион се наоѓаат и гробишта на Еврејската заедница.

# АКТИВНИ МАНАСТИРИ ВО ИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Постојат седум активни манастири во Источниот Регион:

1. Лесновскиот манастир „Свети Гаврил Лесновски" – О. Пробиштип (машки манастир);

2. Манастирот „Свети Спиридон" – О. Злетово (женски манастир);

3. Манастирот „Свети вмч. Пантелејмон" – О. Кочани (женски манастир);

4, Манастирот „Источен Петок – Балаклија" – О. Делчево (машки манастир).

5. Манастирот „Успение на Пресвета Богородица" – О. Берово (машки манастир);

6. Манастирот „Свети Архангел Михаил" – О. Берово (женски манастир);

7. Ставропигијален манастир „Свети Гаврил Велички" – О. Берово (машки манастир).

## 1. МАНАСТИРСКИ КОМПЛЕКС „СВЕТИ ГАВРИЛ ЛЕСНОВСКИ" – С. ЛЕСНОВО, О. ПРОБИШТИП



Манастирскиот комплекс „Св. Гаврил Лесновски", познат меѓу луѓето како Лесновски манастир, се наоѓа во Осоговските Планини, на надморска височина од 890 метри, во Лесновскиот Кратер, кој е заштитен како природен споменик. Манастирот се наоѓа во селото Лесново (општина Пробиштип), 13 километри од градот Пробиштип. Во манастирскиот комплекс главно место зазема храмот посветен на Свети Архангел Михаил, кој бил изградена од страна на пречесниот Гаврил Лесновски во XI век. Со текот на времето почитувањето на Свети Гаврил Лесновски прераснало во култ. Манастирот бил обновен во 1341 година. Овој манастир е заштитен со закон како културен споменик. Значајно за овој манастир е тоа што од средината на XI век во него имало книжевно училиште (скрипториум), каде што во XIII век била основана калиграфска школа за препишувачи, а манастирот поседувал и огромна библиотека. Помеѓу 1811 и 1814 година на уникатниот иконостас од ореово дрво со длабок рез работел прочуениот македонски резбар Петре Филиповски-Гарката. Што се однесува до фреско-живописот, познато е дека него го изработувале четири зографи, кои започнале да

го сликаат храмот во 1341 година, а завршиле во 1346 или 1347 година. Денес комплексот на Лесновскиот манастир се протега на голема територија и има два влеза, конаци, трпезарија и кујна, како и продавница за сувенири. Манастирот има своја економија, во него живее и работи манастирско братство. Во манастирскиот храм се чуваат моштите на Свети Гаврил, епископот Велички. Во близина на манастирот се наоѓаат и пештерите во кои се подвизувал Свети Гаврил.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 4 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 4 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 5 |
| 5 | Манастирски ресторан | 3 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 2 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 3 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 4 |
| 10 | Издаваштво | 5 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 5 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 4 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 5 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 5 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 4 |
| | **Вкупно 3,93 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува Лесновскиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 3,93. Индексот е прикажан во горенаведената табела и според него може да се увидат повеќе и помалку искористените потенцијали за развој на манастирот. Овој манастир има широки потенцијали за доуредување на својата туристичка понуда, а од моменталната состојба во која се наоѓа има потреба од доразвивање во некои од дадените критериуми за потенцијал за да биде туристички попривлечен, особено во соработка со руралната средина – руралниот туризам во село Лесново.

## 2. ЗЕЛЕНГРАДСКИ МАНАСТИР „СВЕТИ СПИРИДОН“ – О. ЗЛЕТОВО



Манастирскиот комплекс посветен на Свети Спиридон Чудотворец се наоѓа на 7 километри од селото Злетово во Општина Пробиштип, во шумскиот амбиент на планината Осогово. До него може да се стигне од Лесново, од каде што постои патека покрај Злетовска Река која води преку селото Луково до манастирот „Свети Спиридон“. Манастирот претставува метох на Лесновскиот манастир и за првпат се споменува во Лесновскиот типик од XIII век. За него се знае многу малку. Познато е дека од самото негово основање бил машки манастир, а по паѓањето на Македонија под отоманска власт бил срушен. Во периодот по Втората светска војна манастирот бил целосно запуштен. Во 2006 година е започнато негово обновување на темелите на првобитниот манастир, при што изградбата траела 13 месеци и завршила во 2007 година. Градбата има правоаголна основа и се состои од два дела. Поради пожар, првобитниот живопис не е зачуван. Сегашниот живопис потекнува од 2006 година и е дело на Драган Ристески од Охрид и Лазар Лечиќ од Војводина. Денес манастирот е женски, со активен монашки живот.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 4 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 4 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 4 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 1 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 2 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 2 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 5 |
| | **Вкупно 2,53 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува Зеленградскиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,53. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, како значајно духовно светилиште и како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува за да привлекува туристи, како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 3. МАНАСТИР „СВЕТИ ВМЧ. ПАНТЕЛЕЈМОН“ – О. КОЧАНИ



Манастирот „Свети Пантелејмон“ доминира на една висорамнина триста метри над селото Пантелеј, Кочанско, распослано во подножјето на Осоговските Планини на 766 метри надморска височина. До манастирот се стигнува по асфалтен пат од три страни: преку Велес, Штип и Кочани, преку Куманово и Свети Николе, и преку Кратово и Злетово. Манастирот постоел уште во XII век, но бил разрушен за време на владеењето на султанот Мехмед 4 (1648–1687). Речиси два века подоцна, во 1885 година, бил подигнат денешниот манастирски комплекс. Според црковните книги, манастирот бил населен од монаси од Лесновскиот манастир, кои почнале со описменување на локалното население со кирилица. Манастирот претставува трикорабна базилика со три куполи и камбанарија. Внатрешноста на манастирот носи потпис на познатиот зограф Димитар Андонов-Папрадишки. Манастирот „Св. Пантелејмон“ денес е населен од монаси и е живеалиште на сестринство. Тој е едно од најомилените излетнички места на населението од регионот. Во состав на манастирот се наоѓаат манастирските конаци.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 4 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 2 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 3 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 2 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 1 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 3 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 3 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 4 |
| | **Вкупно 2,26 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува манастирот како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,26. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Манастирот „Св. вмч. Пателејмон" или Кочански манастирсе наоѓа на поволна местоположба и е светилиште од високо значење. Тој денес, како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на воопшто недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува манастирот „Свети Пантелејмон" за привлекување туристи, како атрактивна  верска туристичка дестинација.

## 4. МАНАСТИР „ИСТОЧЕН ПЕТОК – БАЛАКЛИЈА“ – О. ДЕЛЧЕВО



Манастирскиот комплекс „Источен Петок – Балаклија“ се наоѓа во подножјето на планината Голак на оддалеченост од 1,5 км од градот Делчево. Главната манастирска црква е посветена на Пресвета Богородица, односно на животоносниот извор – Балаклија. Податоците за нејзиното постоење датираат од 1915 година. Тогаш манастирот бил граден од плет и кал. Поради таквата градба тој не можел да опстои долги години и затоа бил срушен и обновен во текот на 1999 година. Втората црква е помала и е посветена на Покровот на Пресвета Богородица. Изградена е во 1920 година, а целосно е обновена во 1990 година. Не е осветена и во неа нема фреско-живопис и икони. Основата на манастирот е во вид на православен крст со едно централно кубе. Иконите и фреско-живописот се дело на зографот Драган Ристевски од Охрид. Иконостасот е направен од дрво. Денес целиот простор околу манастирот е репрезентативно уреден и облагороден со традиционални градби, патеки, места за одмор, летниковци, поток, чешма и водопад. Спроти главната манастирска црква се наоѓаат конаци со камена фасада. Во манастирот живее еден монах.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 4 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 5 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 4 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 3 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 1 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 1 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 2 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 4 |
| | **Вкупно 2,33 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува Делчевскиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,33. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба, е светилиште од високо значење. Тој денес како жив монашки центар има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на воопшто недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува манастирот „Источен Петок – Балаклија" за да привлекува туристи како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 5. МАНАСТИР „УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА" – О. БЕРОВО



На крајниот исток на РС Македонија, во пределите на Малешевските Планини, се наоѓа машкиот манастир „Успение на Пресвета Богородица". Сместен е на излезот од градот Берово кон беровското вештачко езеро, на левиот брег на реката Брегалница. Манастирската црква започнала да се гради во 1972 година, а била завршена во 1975 година. Со влегувањето во манастирскиот двор на „Успение на Пресвета Богородица", погледот се задржува на прекрасната еднокуполна црква со нејзината снежнобела фасада, што создава убав контраст со зеленилото на манастирскиот двор. Големите липови дрвја покрај камените ѕидови го затвораат кругот на дворот спојувајќи се со овошките и дивите лески од ридот, кој почнува од јужната страна на дворот и во својот највисок дел продолжува во густа борова шума. Во близина на манастирот се наоѓаат монашките конаци, кои имаат посебен двор. Под големите сенки на липите, во непосредна близина на реката, самата природа создала катче погодно за молитвено тихување. Од 2002 година овој манастир е монашки активен. Тогаш во Берово за првпат бил поставен темелот на машкото монаштво.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 4 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 1 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 3 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 5 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 5 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 1 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 2 |

**Вкупно 2,60 индексни поени**

Според условите што ги поседува машкиот Беровски манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,60. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, како значајно духовно светилиште и како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува за да привлекува туристи, како атрактивна верска туристичка дестинација.

### 6. МАНАСТИР „СВ. АРХАНГЕЛ МИХАИЛ“ – О. БЕРОВО



Женскиот манастир „Св. архангел Михаил“ се наоѓа над долината на реката Брегалница во градот Берово. Манастирот е изграден во XIX век и доминира во манастирскиот двор. Конаците со чардак се наоѓаат на северната, јужната и на западната страна и гледаат кон внатрешниот двор.

Манастирот е прогласен за културно наследство. Овој манастир е надалеку познат по својата монашка традиција. Прва игуменија на манастирот била Евгенија I, втора Евгенија II, трета Евгенија III, а четвртата игуменија – Евлампија била произведена во чин игуменија во 1958 година од првиот архиепископ охридски и македонски г. г. Доситеј.  Во својот најголем подем, а тоа е во првата половина од XX век, манастирот броел и до шеесет монахињи, имал развиена богата економија, богословско училиште и ткајачница. Првата монофазна хидроцентрала во овој крај била манастирската. Денес сестринството во манастирот „Св. Архангел Михаил“ изработува икони во византиски стил, за иконостаси или по нарачка.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 1 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 5 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 5 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 1 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 3 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 4 |
| | **Вкупно 2,6 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува женскиот Беровски манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,6. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, како значајно духовно светилиште и како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува за да привлекува туристи, како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 7. СТАВРОПИГИЈАЛЕН МАНАСТИР „СВЕТИ ГАВРИЛ ВЕЛИЧКИ" – О. БЕРОВО



Ставропигијалниот манастир во Беровскиот Крај го носи името на новоканонизираниот светец со потекло од Македонија – Гаврил Светогорец, епископ велички. Неговото величие е толку големо што во духовниот свет на православието ги запишал и Македонија, Штип, Света Гора и Лесново. Денес манастирот е во завршна фаза од изградбата и во него се подвизува машко монашко братство. Овој и Лесновскиот манастир се под духовно владение на поглаварот охридски и македонски и на Јустинијана прва на МПЦ-ОА.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 4 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 2 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 1 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 4 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 3 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 3 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 2 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 4 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 2 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 4 |

**Вкупно 2,26 индексни поени**

Според условите што ги поседува Ставропигијалниот манастир „Свети Гаврил Велички" во Беровско како привлечна дестинација во верскиот туризам

и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,26. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба како новоизграден храм и како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на воопшто недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува манастирот за да привлекува туристи, како атрактивна верска туристичка дестинација.

## ДЕСТИНАЦИИ СО ВИСОК ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ ВО ИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Дестинации со висок потенцијал за развој на верскиот туризам во Источниот Регион се: црквата „Свети Николај“, Штип; црквата „Успение на Пресвета Богородица“, нас. Ново Село, Штип; џамијата „Кадан Ана“, Штип; Католичката црква во Штип; Еврејските гробишта, Штип; тврдината Исар, Штип; локалитетот Баргала во О. Карбинци; локалитетот „Црквиште“ – Мородвис во О. Зрновци; Злетовскиот манастир „Пресвета Богородица – Балаклија“, с. Злетово, О. Пробиштип; црквата „Свети Георгиј“, Кочани; џамијата „Дуди Ханум“, Кочани; црквата „Св. Архангел Михаил“, Виница; Виничкото Кале, Виница; манастирот „Света Петка“ со археолошки локалитет, Пехчево.

### 1. ЦРКВА „СВЕТИ НИКОЛАЈ“– О. ШТИП



Храмот „Св. Никола“ е соборен храм на Брегалничката епархија на МПЦ-ОА. Сместен е во западниот дел на градот Штип, покрај патот за соседното Ново Село. Изградена е во XIX век врз темели на постара црква. Плени со својот живопис на сводовите, по ѕидовите и со големиот иконостас со икони и резба, на кои низ годините работеле повеќе зографи – Никола Дамјанов, потоа Костадин Иванов Вангелов од Штип и тројцата браќа зографи: Никола, Вангел и Коста Атанасови од Крушево, а олтарните икони се дело на прочуениот сликар Димитар Андонов-Папрадишки. Храмот е прогласен за културен споменик. Во 1990 година во овој храм е формирана галерија и во неа е сместен богат фонд уметнички творечки дела, не само од оваа црква туку и од црквите и манастирите на Брегалничката Област.

## 2. ЦРКВА „УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ – О. НОВО СЕЛО



Црквата „Успение на Пресвета Богородица“ се наоѓа во една од најстарите штипски населби, Ново Село, во клисурата на реката Брегалница, зад штипската тврдина Исар. До црквата може да се стигне и по течението на реката Отиња, која во самото село се влева во реката Брегалница. Црквата била изградена во 1850 година од страна на еден од најпознатите градители на Балканот во XIX век, Андреја Дамјанов и неговата тајфа. Во постојаната галерија на икони во црквата се презентирани повеќе дела на македонските зографите што работеле од крајот на XVI до почетокот на XX век, кои оставиле свој автентичен белег во македонската црковна уметност. Овој храм е прогласен за културно наследство. Во рамките на црковниот комплекс, покрај камбанаријата се наоѓаат и гробовите на војводата Христо Чернопеев и на свештеникот Михаил Панев. На јужната страна, непосредно до црквата, се наоѓа новоизградена куќа во автентичен македонски архитектонски стил, во која престојувал македонскиот револуционер Гоце Делчев.

## 3. ЏАМИЈА „КАДАН АНА“ – О. ШТИП



Џамијата „Кадан Ана“ е муслиманско светилиште изградено во XIX век, каде што и денес исламските верници ги извршуваат своите обреди. Оваа џамија е главниот верски објект на муслиманското население во Штип. Според легендата, овде се наоѓа најстарото дрво во регионот на Штип. Се претпоставува дека чинарот во дворот на штипската џамија е стар над 150 години. Тој е висок 25 метри и е широк метар и половина. Џамијата е изградена во 1850 година, а чинарот бил таму кога биле поставени нејзините темели. Поради својот импресивен изглед, штипјани ја раскажуваат приказната дека во турско време целата населба околу чинарот се викала Јаворско Маало.

## 4. КАТОЛИЧКА ЦРКВА „СВЕТО БЛАГОВЕШТЕНИЕ“ – О. ШТИП



Со звукот на црковните ѕвона, во 2013 година, по половина век молк, беше осветен новиот католички храм во Штип и беше одржана првата света миса. Новата католичка црква посветена на „Светото Благовештение“ е изградена на истото место во Штип, врз темелите на некогашниот католички храм. Денес во црквата се одржуваат редовни богослужби.

## 5. ЕВРЕЈСКИ ГРОБИШТА –О. ШТИП



Според археолошките истражувања, најстарите гробници на еврејските гробишта во Штип потекнуваат од XVII век и оттогаш, па сѐ до четириесеттите години на XX век, на исто место се погребувале мртвите. Меѓу двете светски војни во градот немало Евреи каменоресци, па учителот Менахем Меркадо Цион го цртал на картон со големи и јасни букви текстот на надгробните споменици, а каменоресците христијани ги „копирале“ тие натписи. Еврејските гробишта се заштитени со закон. Во септември 2009 година археолозите од Заводот за заштита на спомениците ја започнаа реконструкцијата на Еврејските гробишта. Проектот заврши во 2016 година, при што беа обновени околу 100 гробници, се изгради пристапен пат, се постави ограден ѕид, се направија пешачки патеки и паркинг-простор.

## 6. ТВРДИНАТА ИСАР – О. ШТИП



Тврдината Исар е главниот симбол на некогашниот пеонски град Астибо, подоцна византискиот Стипион, а денес Штип. Се издига високо на карпестиот рид Исар, во западниот дел на градот, од чиј врв се гледа панорама на реките Брегалница и Отиња и поради тоа претставувала стратегиско место за Римјаните. Во XIV век околу ридот биле изградени четири цркви кои формираат замислен крст: „Св. Архангел Михаил – Фитијата“ – од источната страна, „Св. Јован Крстител“ – од западната страна, „Св. Никола – Попсифиева“ – од северната страна и од јужната – црквата „Св. Власие“. Тврдината е прогласена за културно наследство. На 22 март на тврдината Исар се чествува големиот христијански празник „Свети 40 маченици“ и обичајот „Четрсе“, кој е *прв македонски обичај што се најде на светската листа на УНЕСКО за нематеријално културно наследство.* Обичајот налага при искачувањето до врвот на тврдината да се поздравите со 39 луѓе, а со 40-тиот да се бакнете.

## 7. ЛОКАЛИТЕТ „БАРГАЛА“ – О. КАРБИНЦИ



Баргала е еден од најрепрезентативните доцноантички и ранохристијански градови во Македонија. Се наоѓа на околу 20 км североисточно од градот Штип, лоциран во месноста Горни Козјак, во подножјето на планината Плачковица, во Општина Карбинци. Тврдината е изградена меѓу IV и VI век, опкружена со ѕидови и кули, со монументални влезови и порти. Тврдината ја изградиле Римјаните и претставувала воен логор, а потоа прераснала во цивилна населба и ранохристијански епископски центар на Брегалничкиот Регион. Својот врв во постоењето Баргала го имала во V век, особено за време на владеењето на Јустинијан I. Со археолошките истражувања на локалитетот Баргала започнати во 1967 година, кои траат сè досега, откриени се сакрални објекти што го потврдуваат градот Баргала како прво епископско седиште во Брегалничкиот Басен. Во средниот век тука се формирала нова населба, чиј белег е црквата „Св. Ѓоргија“ од втората половина на IX век, околу која е от-

криена некропола. Локалитетот е прогласен за културно наследство. Благодарение на археолошките ископувања, денес во Баргала можат да се видат базиликата, резервоарот за вода, импресивната порта и голем дел од инфраструктурата на градот. Дел од градскиот бедем и главната порта се целосно конзервирани.

### 8. ЛОКАЛИТЕТ „ЦРКВИШТЕ“ – С. МОРОДВИС, О. ЗРНОВЦИ



Некогашно црковно седиште, а денес археолошки локалитет, Мородвис во село Зрновци има посебно место во историјата на Источниот Регион. Најзначаен објект е откриената црква од V век, која според нејзините средновековни мотиви е една од ретките од ваков тип на Балканот. Од Мордовис и Баргала биле испратени епископи за да учествуваат на Петтиот црковно-вселенски собор од 552 година. Тоа се никулците на христијанството, кои започнуваат да се шират токму од овие простори. Денес овој локалитет е прогласен за културно наследство. Во непосредна близина на локалитетот е изградена етно-куќа со средства од Бирото за рамномерен регионален развој и Општина Зрновци. Таа е изградена во етно-стил и содржи етно-експонати од Источниот плански регион.

### 9. ЗЛЕТОВСКИ МАНАСТИР „ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА – БАЛАКЛИЈА“ – О. ЗЛЕТОВО



Злетовскиот манастир „Пресвета Богородица –Балаклија“ се наоѓа на падините на Осоговските Планини, во месноста Марена, на околу 5 км од селото Злетово. Основан и осветен е во 2010 година од страна на архиепископот охридски и македонски г. г. Стефан. На тоа место во минатото исто така постоел манастир посветен на Пресвета Богородица – Балаклија, во кој имало активен монашки живот. Како и манастирот „Свети Спиридон“, кој се наоѓа во негова непосредна близина, така и манастирот „Пресвета Богородица – Балаклија“ претставувал метох на Лесновскиот манастир, односно се споменува во Лесновскиот типик од XIII век. Градбата на храмот има правоаголна основа и по својот облик прет-

ставува крстокуполен храм, при што куполата има осумаголна основа и на секоја од осумте страни има монофора. Камбанаријата на црквата е сместена од десната страна на нејзиниот западен дел. Таа има квадратна основа и се состои од четири столбови покриени со ќерамиди.

## 10. ЦРКВА „СВЕТИ ГЕОРГИЈ“ – О. КОЧАНИ



Црквата „Свети Георгиј“ се наоѓа во централното градско подрачје на Кочани, на десниот брег по течението на Кочанска Река. Денес таа е седиште на Кочанското архиерејско намесништво, со дваесетина парохии, под директна надлежност на Брегалничката епархија. За изградба на црквата била ангажирана градителската тајфа предводена од Андон Китанов, роден во Папрадиште (1828–1914) од родот на Ангелкови. Според зачуваните автобиографски белешки на неговиот син Димитар Андонов-Папрадишки, изградбата била довршена во 1917 година. На највисокиот дел од камбанаријата се наоѓаат две ѕвона и часовник. На постарото ѕвоно видливо е испишан текст: Кочани, 5.12.1908 г., а на второто, кое е во комплет со часовникот, пишува дека е изработено во Земун во 1938 година. Дрвениот иконостас е дело на штипјанецот Коста Ванѓеловиќ, кој го изработил во 1920/21 година, под директно влијание од војводинските класицистички иконостаси. Денес,ж кочанската црква е сведок на историјата на македонскиот народ на овие простори.

## 11. ЏАМИЈА „ДУДИ ХАНУМ“ – О. КОЧАНИ



Џамијата „Дуди Ханум“ се наоѓа во непосредна близина на Кочанска Река. Името го добила по нејзината ктиторка. За изградбата на џамијата се споменуваат два периода, и тоа: 1854–1855 и 1754–1755 година. Фасадата од џамијата беше реконструирана во 2018 година и во неа се одржуваат редовни молитви. Се наоѓа во составот на Штипското муфтиство.

## 12. ЦРКВА „СВ. АРХАНГЕЛ МИХАИЛ“ – О. ВИНИЦА



Црквата „Св. Архангел Михаил“ се наоѓа во центарот на градот Виница и е изградена во 1850 година. Во 1970 година е срушена и на истото место во 1973 година е изградена поголема трикорабна базилика со полукружна апсида однатре и седмострана однадвор. Фреско-живописана е од страна на ликовниот уметник Цветков Венко од Штип. Над влезот на западната страна е декорирана со прекрасен мозаик, на кој е прикажан Св. Архангел Михаил. Во црквата се регистрирани 96 икони, од кои 69 на дрвениот иконостас се работени во XIX век. Две од овие икони се датирани: едната е со Св. Теодор Тирон, од 1890 година, а другата икона што е датирана е со Св. Богородица со Христос од 1899 год. Иконата на која е претставен Св. Пантелејмон од 1890 година е реставрирана во 1917 година. Црквата својот патрон го прославува на 21 ноември, на денот на Св. Архангел Михаил. Светителот на тие простори бил почитуван уште во ранохристијанскиот период и нему му е посветена теракотна икона Св. Архангел Михаил. Црквата располага со сопствена библиотека.

## 13. ВИНИЧКО КАЛЕ – О. ВИНИЦА



Виничкото Кале е утврдена населба од неолитот и доцната антика, со градби покрај градскиот бедем од IV–VI век, кои се целосно зачувани. Се наоѓа на југозападниот брег на градот Виница, висок околу 70 м, покрај патот Виница – Лески. Ова Кале е посебно познато по теракотните икони – релјефи, *единствени од ваков вид во светот*, пронајдени во него со сцени од Стариот и од Новиот завет, кои датираат од IV–VII век од н.е. Станува збор за доцноантичка и ранохристијанска населба, која зафаќа површина од 2,5 хектари и која има доминантна позиција над Кочанското Поле и долината на реката Брегалница. На иконите се претставени: Архангел Михаил, Исус Навин и Калеб, Даниел меѓу лавовите, 42. Давидов псалм, Константиновиот победнички крст, Св. Христифор и Св. Георгиј, Тобија и други. Калапени се со длабок релјеф и со натписи на латински јазик. Некои истражувачи сметаат дека тие датираат од

подоцна, од IX век, кога Константин Филозоф престојувал на Брегалница. Константин Филозоф за време на престојот рекол: „Ме зедоа мене со голема радост и ме доведоа во градот Равен на реката Брегалница. Јас им напишав 32 букви, малку ги учев, а тие самите многу додаваа.“ Од градбите денес можат да се видат профани градби од доцноримскиот период, бедем со кули, средновековна црква и некропола. Наодите се чуваат во Музејот во Виница.

### 14. МАНАСТИР „СВЕТА ПЕТКА“ СО АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ – О. ПЕХЧЕВО



На 4 километри од Пехчево, кај месноста Спиково, во подрачјето на Малешевијата, во крајниот источен дел од Македонија се наоѓа манастирот „Св. Петка“ со истоимениот археолошки локалитет. Спаѓа во Струмичката православна епархија. До археолошкиот локалитет и до манастирот Св. Петка во Пехчево води асфалтен пат во должина од 1,5 километри. Според локалните верувања и легенди, станува збор за манастир што порано бил дел од импозантен комплекс со камбанарија, чиј звук се слушал дури во Берово и Царево Село (Делчево). Во 2000 година Министерството за култура и МПЦ-ОА обезбедија средства за делумна конзервација на објектот. Неодамна до локалитетот е изграден асфалтен пат, со што е лесно достапен за посета на туристите. Поради одличната местоположба и височината на која се наоѓа (1045 m), од овде се протега восхитувачки поглед кон Малеш на југ и Пијанец на север.

## ОСВРТ НА ДРУГИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ ВО ИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Источниот Регион, освен активните манастири и гореспоменатите дестинации со висок потенцијал, изобилува и со други локации што имаат најразличен потенцијал за развој на верскиот туризам. Дел од тие локации се наоѓаат во градските средини, а дел во руралните, кои со својата природа и со своите излетнички места нудат одмор и релаксација на посетителите. Голем хендикеп е тоа што повеќето од привлечните верски локалитети не нудат повеќе видови туризам, иако поседуваат потенцијали за разновидна понуда. Тоа се должи на фактот дека

овие места имаат потреба од програмско развивање и унапредување на своите услови за да прераснат во препознатливи места со потенцијал за туризам. Тоа ќе го достигнат доколку ги подобрат целокупните услови за развој, како и доколку започнат да работат на креација на своја автентична понуда и приказна, која може да биде: уметничка, културна, етнолошка, фолклорна, но и квалитетна угостителска, едукативна или рекреативна. Во редот на поетаблираните места со потенцијали од Источниот Регион би ги издвоиле и:

Општина Штип: црква „Св. Спас“ во близина на тврдината Исар – Штип;

Општина Карбинци: црква „Вознесение Христово“ – с. Карбинци, џамија „Мехмед-агина“ – с. Радање, црква „Св. Никола“ – Крупиште;

Општина Чешиново–Облешево: црква „Св. Недела“ – Облешево; црква „Св. Константин и Елена“ с. Соколарци;

Општина Зрновци: црква „Св. Димитриј“ – Зрновци, црква „Св. Симеон Столпник“ – Мородвис;

Општина Пробиштип: пештерна црква „Св. Богородица“ – Лесново, црква „Успение на Пресвета Богородица“ – Злетово;

Општина Кочани: манастир „Св. Василиј Велики“ – Поникви, црква „Св. Климент Охридски“ – Пашаџиково, Свети Илија – манастирска црква на Белскиот манастир;

Општина Македонска Каменица: црква „Свети пророк Илија“ – Македонска Каменица; манастир „Покров на Пресвета Богородица“ – Еленец, с. Цера, црква „Успение на Пресвета Богородица“;

Општина Виница: џамија „Сефер Баба“ – Виница, црква „Св. Павле“ – Виница, црква „Св. Јоаким Осоговски“ – Јакимово; црква „Св. Пророк Илија“ – Блатец;

Општина Делчево: црква „Успение на Пресвета Богородица“, џамија „Султан Фатих Мехмед“ – Делчево, црква „Св. Архангел Михаил” – Драмче, црква „Св. Константин и Елена“ – Разловци;

Општина Берово: црква „Родество на Пресвета Богородица“, џамија „Хусеин Мехмет Беј“, црква „Св. Илија“ – Митрашинци, црква „Св. Кирил и Методиј“ – Суви Лаки, црква „Успение на Пресвета Богородица“ – Стојмирово;

Општина Пехчево: црква „Св. Петар и Павле“ – Пехчево, црква „Св. Јован Богослов“ – Чифлик, Џамија (Црник), црква „Успение на Пресвета Богородица“ – Робово.

# SWOT-АНАЛИЗА НА ИСТОЧНИОТ РЕГИОН

| ГЛАВНИ ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ) | ГЛАВНИ СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
|---|---|
| Постоење етаблирани дестинации | Слаба промоција |
| Разновидни природни и антропогени ресурси | Слаба сигнализација |
| Постоење добра патна мрежа и паркинг во дел од дестинациите | Недоволни сместувачки капацитети |
| Близина до граничните премини со Р Бугарија | Немање соодветни водичи и познавачи на верскиот туризам |
| Активни манастири со развиен верски туризам | Недоволна дополнителна понуда |
| | Непостоење добри патишта на некои патни правци кон дестинациите |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ (РИЗИЦИ) |
|---|---|
| Развој на верскиот туризам | Природни елементарни непогоди (пожари, земјотреси, поплави, одрони и сл.) |
| Поврзување на повеќе селективни видови туризам (верски, културен, рурален, планински и др.) | Кражби, разбојништва, тероризам и сл. |
| Поврзување на религиите преку одбележување одредени настани | Оштетување на вредни артефакти |
| Инсталирање современи телекомуникациски системи (интернет) | Загадување на природната и на животната средина |

# ТОП ДЕСТИНАЦИИ И ЛОКАЦИИ ВО ПОНУДАТА

- ЛЕСНОВСКИ МАНАСТИР „СВЕТИ ГАВРИЛ ЛЕСНОВСКИ“ – С. ЛЕСНОВО, О. ПРОБИШТИП
- ВИНИЧКО КАЛЕ, О. ВИНИЦА
- ТВРДИНА ИСАР, О. ШТИП
- ЛОКАЛИТЕТ „ЦРКВИШТЕ“, С. МОРОДВИС, О. ЗРНОВЦИ
- ЛОКАЛИТЕТ БАРГАЛА, О. КАРБИНЦИ
- ХРАМ „УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“, НАС. НОВО СЕЛО, О. ШТИП
- БЕРОВСКИТЕ МАНАСТИРИ
- СПОМЕНИК НА ЕВРЕИТЕ ЖРТВИ НА ФАШИЗМОТ (ЕВРЕЈСКИ ГРОБИШТА), О. ШТИП

## НАСТАНИ И АТРАКЦИИ

Славите на активните манастири:

►Лесновски манастир „Свети Гаврил Лесновски“ (28 јануари, Свети Гаврил Лесновски);

►Манастир „Свети Спиридон“ – Злетово (25 декември, Свети Спиридон);

►Манастир „Свети вмч. Пантелејмон“ – Кочани (9 август, Свети вмч. Пантелејмон);

►Манастир „Источен Петок – Балаклија“ – Делчево (подвижен датум);

►Беровски манастир „Успение на Пресвета Богородица“ (28 август, Успение на Пресвета Богородица);

►Беровски манастир „Свети Архангел Михаил“ (Свети Архангел Михаил – 21 ноември, Свети Архангел Михаил);

►Ставропигијален манастир „Свети Гаврил Велички“ – Беровско (12 јануари, Свети Гаврил Велички);

►Прослава на „Свети Никола“ во Штип (19 декември, Свети Никола );

►Прослава на „Св. Ѓорѓи Победоносец“ (Ѓурѓовден) во Кочани (6 мај, Св. Ѓорѓи Победоносец);

►Прослава на Свети апостол Павле во Виница (13 ,Св. Апостол Павле);

►Прослава на Петровден во Пехчево (12 јули, Св. Апостол);

►Комеморација во чест на загинатите Евреи на Еврејските гробишта во Штип (11 март, депортација на Евреите од Македонија)

### ТАБЕЛА – ТУРИСТИЧКИ ДВИЖЕЊА ВО ИСТОЧНИОТ РЕГИОН ВО 2019 Г.

| ИСТОЧЕН РЕГИОН | Туристи | Ноќевање | Просек во денови |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 32077 | 62878 | 1,96 |
| Домашни | 17657 | 34547 | 1,95 |
| Странски | 14420 | 28331 | 1,96 |
| Бугарија | 5989 | 8588 | 1,43 |
| Србија | 1492 | 2842 | 1,90 |
| Германија | 1118 | 2795 | 2,50 |
| Косово | 592 | 1097 | 1,85 |
| Холандија | 535 | 1007 | 1,88 |
| Турција | 465 | 801 | 1,72 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Словенија | 377 | 1350 | 3,58 |
| САД | 326 | 865 | 2,65 |
| Белгија | 320 | 615 | 1,92 |
| Италија | 311 | 1248 | 4,01 |
| Вкупно туристи од десетте држави: | 11525 | 21208 | 1,84 |
| Учество во % од вкупниот број странски туристи | 79,9% | 74,% | / |

Најголем број од туристите се од Бугарија, а потоа од Србија и од Германија. Нивното доаѓање најчесто е со едно ноќевање, со исклучок на германските туристи, со просек од две ноќевања. Значителен број од туристите престојуваат во регионот заради посета на природни и антропогени мотиви (планини, езера, манастири, археолошки локалитети, културно-историски споменици и сл.). Со добро осмислена туристичка маркетинг промоција, голем број од наведените туристи можат да бидат и потенцијални верски туристи.

# 2.3.7. ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН




Југоисточниот Регион се протега на крајниот југоисточен дел на РС Македонија и ја опфаќа областа на Струмичко-радовишката и на Гевгелиско-валандовската Котлина, односно долината на реката Струмица и долниот тек на реката Вардар. Регионот се граничи: на север со Источниот Регион, на исток со Р Бугарија, на запад со Вардарскиот Регион и на југ со Р Грција. Седиште на регионот е градот Струмица.

## КРАТКИ ПОДАТОЦИ ЗА ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Регионот има вкупна површина од 2.835 км$^2$, односно 10,9% од вкупната површина на државата, со густина на населеност од 63 жители на км$^2$. Во регионот живее 8,4% од вкупното население во РС Македонија. Вкупно десет општини го сочинуваат Југоисточниот плански регион: Општина Богданци, Општина Босилово, Општина Валандово, Општина Василево, Општина Гевгелија, Општина Дојран, Општина Конче, Општина Ново Село, Општина Радовиш и Општина Струмица.

Главни патни правци што го поврзуваат овој регион со другите региони се автопатот и железничката пруга Скопје – Велес – Гевгелија – граничен премин Богородица со Р Грција, магистралниот пат Радовиш – Струмица – граничен пре-

мин Ново Село со Р Бугарија, како и магистралниот пат Струмица – Валандово – Дојран – граничен премин Дојран со Р Грција, како и други регионални и локални патишта.

Туристичката понуда на Југоисточниот плански регион нуди можности за повеќе видови туризам. Езерски туризам: Дојранско Езеро и вештачките езера –Мантово, Водоча, Паљурци и Турија; бањски туризам: Бања Банско и Негорски бањи; планински туризам: Беласица, Огражден, Плачковица, Кожуф; селски туризам: Банско, Смоларе, Колешино, Габрово, Мокрино; културен туризам: музеи, галерии, театри и археолошки локалитети; верски туризам: бројни верски храмови.

Прва најпосетувана туристички дестинација е Дојранското Езеро, односно Стар и Нов Дојран. Езерото е посетено како од домашни така и од странски туристи. Туристичката сезона овде трае најдолго – од средината на мај до крајот на септември или полни четири месеци.

Второ важно туристичко подрачје е планината Кожуф, кон кој од гевгелиска страна има пристапен пат до ски-центарот „Кожуф“. Кожуф нуди одлични услови за планински и историски туризам, јавање коњи, параглајдерство, пешачење, како и за лов и речен риболов. Пределот нуди рекреација, чист воздух и посетеност во текот на целата година.

Други најпосетувани туристички места во регионот се: Бањата Банско, Негорски бањи, Смоларските и Колешинските водопади, Струмица, Гевгелија и др. Висок потенцијал за развој има и верскиот туризам, со оглед на тоа што археолозите во Струмица постојано откриваат нови сакрални наоди, а манастирите во Вељуса и во Водоча се вбројуваат меѓу најпосетуваните во Македонија. Апостол Павле токму во Југоисточниот Регион ја основал првата црква на европскиот континент, од каде што почнало да се шири Христовото евангелие. Тоа се случило во 51 година, а завршило во 54 година, кога според Библијата, во книгата „Дела на Светите апостоли“ на апостол Павле на сон му се јавил еден човек Македонец, кој молејќи го, му велел: „Премини во Македонија и помогни ни!“ По овој повик апостолот пристигнал во Македонија да го проповеда христијанството.

Главен центар на регионот е градот Струмица, сместен во Струмичкото Поле, на падините на планината Еленица. Струмичкиот Крај е богат со историја и посебно е познат по Битката на Беласица во 1014 година меѓу цар Самуил и византискиот император Василиј II, по што тогашната Охридска патријаршија била претворена во автокефална архиепископија. Струмичката епархија тогаш влегла во рамките на Охридската архиепископија. Името Струмица во пишаните извори за првпат се споменува во Асемановото евангелие, македонско духовно наследство од втората половина на X век, чие настанување се поврзува со Охридската книжевна школа. За време на турското владеење во Струмица поминале турските патописци Хаџи Калфа (1665) и Евлија Челебија (1670), кои дале јасен опис на градот со тогашните муслимански објекти во Струмица. Кон крајот на XVIII век и во почетокот на XIX век Струмичката каза влегла во составот на Солунскиот санџак.

Денес во Југоисточниот Регион живее население што припаѓа на православието, католицизмот, протестантизмот и исламот. По бројност, најзастапена е Македонската православна црква-ОА (Повардарска, Струмичка и Брегалничка епархија на МПЦ-ОА), потоа Католичката црква (Скопска бискупија и Струмичко-скопска епархија), Исламската верска заедница (Штипско муфтиство), Евангелско-методистичката црква во Струмица, како и други помали верски заедници. Иако Југоисточниот Регион бележи најмалку верски објекти во споредба со другите региони, сепак, богатството на историја и традицијата на соживотот го прави посебно атрактивен.

## АКТИВНИ МАНАСТИРИ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Постојат шест активни манастири во Југоисточниот Регион:

1. Вељушкиот манастир „Воведение на Пресвета Богородица" – с. Вељуса, О. Струмица (женски манастир);

2. Манастирот „Свети Леонтиј" – с. Водоча, О. Струмица (женски манастир);

3. Манастирот „Свети Климент и Наум Охридски" – с. Хамзали, О. Босилово (женски манастир);

4. Манастирот „Свети 40 севастиски маченици" – с. Банско, О. Струмица (машки манастир);

5. Манастирот „Свети Антониј и Георгиј" – с. Ново село, О. Ново Село (машки манастир);

6. Манастирскиот комплекс „Партениј Зографски" – О. Дојран (женски манастир).

### 1. МАНАСТИР „ВОВЕДЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА" – С. ВЕЉУСА, О. СТРУМИЦА



Манастирот „Воведение Богородично" претставува вистински монумент на културниот подем на византиската епоха, со одлики на една автентично духовна, градителска и ликовна креација. Неговата историја, имотно-правните односи, феудалниот статус и богатството на манастирската ри-

зница се мошне добро зачувани во историската архива, која се наоѓа во Светогорскиот манастир „Ивирон“, под чија духовна и економска власт бил Вељушкиот храм. Повелбите издадени од канцелариите на византиските императори од XI и од XII век даваат автентични податоци за најстарата историја на манастирот и неговото административно уредување, како и за ктиторскиот ангажман на неговиот основач, некогашниот струмички епископ Мануил, кој во 1080 година, во своите монашки денови го изградил манастирот посветен на Богородица Елеуса (Милостива).

Манастирот во струмичкото село Вељуса имал двојна функција, католикон (соборен храм) и гробна црква на ктиторот Мануил.

Фрагментарно зачуваниот живопис, во доградениот ексонартекс и во јужниот трем на црквата, изведен во втората половина на XII век, му припаѓа на најталентираниот мајстор на таа епоха, предводникот на зографското ателје, кое околу 1164 година ќе го создаде фреско-ансамблот на црквата Свети Пантелејмон во Нерези.

Од некогашниот автентичен средновековен изглед на манастирскиот комплекс денес не останало ништо, со исклучок на обновените конаци на западната страна на манастирот. Живописот е, исто така, фрагментарно зачуван, а на подот можат да се забележат и оригинални фрагменти од мозаик и дел од мермерниот иконостас. На јужниот ѕид се наоѓа Македонскиот крст, познат и како Вељушки крст, кој претставува варијација на христијанскиот крст, а е поврзан со Македонија и со Македонската православна црква. Од 1996 година монасите од овој манастир се преселија во Водочкиот манастир, а Вељушкиот стана женски манастир.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 3 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 3 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 4 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 4 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 5 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 2 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 4 |
| | **Вкупно: 3,06 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува Вељушкиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 3,06. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Манастирот во Вељуса има широки потенцијали за унапредување на својата туристичка понуда. Дадените параметри, ако ги разгледуваме и ако ни послужат како насоки за правците по кои манастирот треба да се доразвива за да биде туристички поактуелен, ќе увидиме дека, и покрај тоа што некои од потенцијалите се високо развиени, сепак, моменталната состојба има потреба од развивање во некои од дадените критериуми што се помалку искористеним сѐ со цел целосен развој на планот за исполнување на потенцијалите за туристичка понуда.

## 2. МАНАСТИР „СВЕТИ ЛЕОНТИЈ“ – С. ВОДОЧА, О. СТРУМИЦА



Еден од најстарите сакрални монументи во средновековна Македонија е манастирот посветен на Свети Леонтиј во струмичкото село Водоча, подигнат недалеку од патеката по која поминале мачните стапки на ослепените Самуилови војници по трагичниот пораз во битката на Беласица во 1014 година. Граден, пресоградуван, уриван и реконструиран во текот на долгите столетија од средновековната епоха и подоцна, архитектонскиот ансамбл на Водочкиот храм и неговата ликовна декорација не поседуваат историско портфолио, т. е. документи и записи за ктиторите, неимарите, мајсторите и зографите што го граделе, го украсувале, го сликале и го декорирале. Историските случувања, воените судири, разновидните конфликти и временските непогоди придонеле денес од живописот да бидат зачувани единствено остатоци.

Најстарата, Источна црква, во Водочкиот манастирски комплекс е најпросторната и, воедно, најенигматична градба. Нејзиниот временски хоризонт на настанување, токму поради големите оштетувања и подоцнежните преѕидувања, се трасира од VI–VIII до почетокот на XI век. Со голема веројатност е претпоставката дека и зад подигањето на Источната црква во Водоча може да стои лично цар

Самуил или, пак, високодојстојници од неговиот најблизок круг.

Зачуваните делови од живописаниот ансамбл создаваат слика за вредно остварување на византиската уметност од XI столетие. Западната црква, живописана околу 1025 година, ја содржи најстарата илустрација на Богородичиното апокрифно житие во историјата на византиското сликарство. Сите специфичности по кои се издвојува Водочкиот манастир прават тој да се впишува во редот на најатрактивни и најпосетувани манастири кај нас.

Денес Водочкиот комплекс го сочинуваат три цркви што се споени во една – „Св. Леонтиј", две манастирски бањи, манастирски конак со стопански придружни објекти на манастирското сестринство, како и огромна средновековна некропола со повеќе од илјада гробови. Во манастирот се наоѓа седиштето, односно резиденцијата на владиката на Струмичката епархија, а во него живее и женско монашко сестринство. Манастирска слава се празнува на 1 јули, Св. Леонтиј.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 4 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 4 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 3 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 3 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 3 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 3 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 4 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 2 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 4 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 4 |
| | **Вкупно 2,93 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува Водочкиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,93. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, како историски

културен споменик од високо значење и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува за да привлекува туристи, како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 3. МАНАСТИР „СВЕТИ КЛИМЕНТ И НАУМ ОХРИДСКИ“ – С. ХАМЗАЛИ, О. БОСИЛОВО



Манастирот „Свети Климент и Наум Охридски“ се наоѓа во село Хамзали, Општина Босилово, во подножјето на планината Огражден, на 17 км далечина од Струмица. Почеток на изградбата на манастирот е 2000 година. Во 2003 година бил подигнат монашкиот конак со внатрешен параклис посветен на големиот учител и покров на монасите исихасти, Григориј Палама. Во манастирот од 2004 година започнало да живее петчлено монашко братство. Во непосредна близина на конакот имало манастирското трло во кое братството одгледувало стадо од овци и кози. Денес манастирот е женски. Монахињите во Хамзали се занимаваат со изработка на икони и монашки ракоделија. Манастирска слава се празнува на 9 август, Св. Климент.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 4 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 1 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Манастирски ракотворби | 3 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 2 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 3 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 2 |
| | **Вкупно 2,13 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува манастирот во Хамзали како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,13. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба и како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на разво,ј воочлива е моменталната состојба на воопшто недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува за да привлекува туристи, како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 4. МАНАСТИР „СВЕТИ 40 СЕВАСТИСКИ МАЧЕНИЦИ“ – С. БАНСКО, О. СТРУМИЦА



Под падините на Беласица, во предел издигнат на ридесто плато над Струмичкото Поле, на само еден и пол километар северно од селото Банско, се наоѓа манастирот посветен на Светите 40 Севастиски маченици. Почитувањето на култот на Св. 40 Севастиски маченици на овие простори го потврдуваат живописот на Света Софија во Охрид, оштетениот живопис на Водочкиот манастир, пронајдените предмети во гробниците веднаш до самиот манастир, што дава одговор за поврзаноста на овој манастир во Банско со Водочките цркви, но и со онаа во Струмица, посветена на „Светите 15 тивериополски свештеномаченици“.

На 1 септември 2001 година манастирот го возобнови своето монаштво, примајќи ги своите први монаси дојдени од Водочкиот манастир. Истата година, во најтивкиот и најживописен дел од комплексот, беше подигнато ново ателје за иконопис. Од ноември 2004 година во манастирот на „Светите четириесет Севастиски маченици“ во Банско активно работи печатницата „Свети Теодосиј Синајски “ со книговезница. Првата книга што излезе од печат во манастирската печатница во Банско е „Школа за исихазам“ на струмичкиот митрополит г. Наум, издание на манастирот на Пресвета Богородица Елеуса од Велјуса.

Слава на манастирот е на 22 март – Младенци, воедно и денот кога светата православна црква го празнува споменот на четириесетте војници од Севастија, кои маченички загинале за Христовата вера.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 4 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 4 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 1 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 2 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 3 |
| 10 | Издаваштво | 3 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 2 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 3 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 2 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 3 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 3 |

**Вкупно 2,53 индексни поени**

Според условите што ги поседува манастирот во Банско како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,53. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир е жив монашки центар и има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува за да привлекува туристи, како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 5. МАНАСТИР „СВЕТИ АНТОНИЈ И ГЕОРГИЈ“ – С. НОВО СЕЛО, О НОВО СЕЛО



Манастирот „Св. Георгиј и Антониј“ се наоѓа на рид на планината Огражден што се наоѓа над Ново Село близу Струмица. Од манастирот се простира глетка што допира сè до врвовите на Беласица. Во непосредна близина во североисточен правец се наоѓа езерото Новоселка. Во 2004 година до манастирот „Свети Георгиј и Антониј“ бил изграден монашки конак. Во манастирот, покрај целодневниот исихастички типик, братството се занимава со уредување на пространата дворна површина, која содржи прекрасен парк со тревници, како и со вообичаените монашки ракоделија. Во манастирскиот двор се наоѓа и крстилница под отворено небо. Манастирот, воедно, претставува и седиште на епископот стобиски. Евхаристија се служи секој ден. Манастирот празнува две слави – на 30 јануари, Св. Антониј и на 6 мај, Св. Ѓорѓи.

### ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 4 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 2 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 2 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 3 |
| 10 | Издаваштво | 2 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 3 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 2 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 4 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 3 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 3 |

**Вкупно 2.60 индексни поени**

Според условите што ги поседува Новоселскиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,60. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува за да привлекува туристи, како атрактивна верска туристичка дестинација.

## 6. МАНАСТИРСКИ КОМПЛЕКС „ПАРТЕНИЈ ЗОГРАФСКИ“ – О. ДОЈРАН



Манастирскиот комплекс „Партениј Зографски“ претставува женски манастирски комплекс над пределот крај брегот на Стар Дојран, во југоисточниот предел на РС Македонија. Манастирскиот комплекс ги опфаќа следниве цркви: „Св. Марија Магдалена“ – главната манастирска црква, „Св. Максим Исповедник и Св. Григориј Палама“ – манастирска црква во затворениот дел и „Св. царско семејство Романови“. Посетителите можат да го посетат манастирот на „Света Марија Магдалена“, во чиј состав е новоизградената црква посветена на руските новомаченици – царското семејство Романови. Учител на царското семејство бил токму Партениј Зографски, преродбеник и прв македонски полјански епископ, хиротонисан од Цариградската патријаршија во XIX век. Делото на митрополитот Партениј Зографски е особено значајно за македонското духовно и просветно-културно осознавање во времето на преродбата.

Возобновувањето започна на 2 август 2000 година, со првата архијерејска литургија на струмичкиот митрополит Наум под отворено небо во полуразурнатиот соборен храм на Св. Илија. Некогаш во непосредна близина на овој најголем храм во Македонија се наоѓала резиденцијата на Партениј Зографски. Комплексот бил востановен во 2001 година.

Денес во манастирскиот комплекс активно живее монашко сестринство во конаците и во малата црквичка посветена на Св. Максим Исповедник и на Св. Григориј Палама. Сестринството е мало и типикот на манастирот е од затворен карактер. Иконописот и плетењето бројаници, како и изработката на мали и уникатни монашки ракоделија е главната дејност на сестрите меѓу часовите за молитвено тихување и богослужби.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 4 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 1 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 4 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 1 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 2 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 1 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 3 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 2 |
| | **Вкупно 2,20 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува манастирскиот комплекс „Свети Партениј Зографски“ како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 2,20. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба и како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на воопшто недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува за да привлекува туристи, како атрактивна верска туристичка дестинација.

# ДЕСТИНАЦИИ СО ВИСОК ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Дестинации со висок потенцијал за развој на верскиот туризам во Југоисточниот Регион се: храмот „Свети 15 Тивериополски маченици“ – Струмица, Евангелско-методистичка црква – Струмица, католичката црква катедрала „Успение на Пресвета Богородица“ – Струмица, храмот „Свети Атанасиј“ – Богданци, католичката црква „Свети Кирил и Методиј“ – Богданци, католичкиот храм „Свети пророк Илија“ – Радово, манастирот „Свети Георгиј“ – Валандово, манастирскиот комплекс „Свето Вознесение – Спас“ – Гевгелија, католичкиот храм „Свети Петар и Павле“ – Гевгелија, манастирот „Свети Стефан“ – Конче, Џамија – Конче, црквата „Пресвета Троица“ – Радовиш, храмот „Свети Илија“ – Дојран.

## 1. ХРАМ „СВЕТИ 15 ТИВЕРИОПОЛСКИ МАЧЕНИЦИ“ – О. СТРУМИЦА



Во храмот „Свети 15 Тивериополски маченици“ се пронајдени уникатни крстови со проширени краци, живописани со темнокафеава боја, за кои се смета дека датираат од првото апостолско време, кога апостол Павле, ширејќи го христијанството на овие простори, ги оставил првите траги на организирана црковна општина.

Култот на Светите 15 маченици, или Струмички маченици, на овој простор бил многу голем, што и самиот Свети Климент Охридски во IX век ги пренел нивните мошти во Баргала, како повод да ја формира најстарата словенска христијанска организација – епископијата на Брегалница.

Во 1921 година на светото место била подигната една мала капела, која постои и денес. Во 1972 година се пристапило кон изградба на нова црква, но изградбата била прекината поради откриени наоди што укажувале дека тука постоело нешто

древно и се преминало на темелни археолошки истражувања.

На западниот ѕид од гробницата се наоѓа портрет на Петнаесетте мартири, насликани до појас, кој потекнува од IX век и е најстариот групен портрет пронајден на Балканот.

Во 90-тите години се премина кон градењето на денешната црква „Свети 15 Тивериополски маченици“ веднаш до археолошкиот локалитет.

Во рамките на комплексот се возобновени и конаците, а во приземјето е познатата галерија на икони. Еднокреветните и повеќекреветните соби во конаците можат да сместат до 50 луѓе.

Патрон на храмот и заштитници на градот Струмица се Светите Петнаесет, кој црквата го слави на 11 декември и во храмот се одржува богослужба.

## 2. ЕВАНГЕЛСКО-МЕТОДИСТИЧКА ЦРКВА – О. СТРУМИЦА



Првите евангелско-методистички заедници во Македонија се основале во периодот од 1882 до 1890 г., најмногу во Југоисточниот Регион, во Струмица и во околните села. Во 60-тите години на минатиот век во Југоисточниот Регион, посебно во Струмица, Радовиш и селата Вељуса, Муртино, Колешино, Моноспитово и Раклиш, верскиот живот на методистичката црква бил мошне активен. Денес Евангелско-методистичката црква брои 13 заедници, во кои членуваат околу 5.000 верници. Седиштето на ЕМЦ се наоѓа во Струмица.

Почетоците на Евангелско-методистичката црква во Струмица датираат во 1906 година, кога била изградена и првата црква со додатна просторија за училиште. Во 1987 година била добиена дозвола за изградба на нова црква, а старата црква била срушена и на нејзино место започнала изградбата на новата црква. Новата црква била осветена на 15 октомври 1989 година.

Денес во рамките на црквата дејствува и прифатниот центар за социјално загрозени лица „Мис Стон“ – Дијаконија Македонија, а редовни богослужби имаат секоја недела и четврток, придружени со библиско-молитвен час.

### 3. КАТОЛИЧКА ЦРКВА КАТЕДРАЛА „УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ – О. СТРУМИЦА




Католичката црква „Успение на Пресвета Богородица“ е македонска католичка црква за верниците од византиски обред. Изградена е во 1925 година од страна на монсињор отец Атанасие Иванов. Првата литургија била отслужена на празникот Велики четврток истата година. На 1 мај 2001 година црквата „Успение на Пресвета Богородица“ е прогласена за катедрална црква на апостолскиот егзархат во Македонија. За нејзин прв егзарх беше именуван епископот д-р Јоаким Хербут. Во текот на своето постоење црквата е повеќепати обновувана, а денешниот изглед го добила по неколкугодишното обновување започнато во 2002 г.

Католичката црква во РС Македонија во 2018 година прерасна во епархија, прва во регионот од државите што имаат апостолски егзархати. Свечената академија за инаугурацијата на новоснованата епархија и на првиот македонски епарх се одржа во катедралата „Успение на Пресвета Богородица“ во Струмица.

Патронен празник на катедралата е 28 август, Голема Богородица, кога во присуство на бројни верници скопскиот бискуп и струмички епарх, д-р Киро Стојанов, одржува свечена литургија.

### 4. „ОРТА ЏАМИЈА“ (АРХЕОЛОШКИ КОМПЛЕКС) – О. СТРУМИЦА



„Орта џамија“ – археолошки комплекс од објекти што се наоѓаат во стариот дел на градот Струмица. Во ова наоѓалиште при истражувањата биле пронајдени наоди од хелинистичкиот, од римскиот и од средновековниот период.

Кон крајот на XI век и во почетокот на XII век била изградена трикорабна црква посветена на

Пресвета Богородица, за која се говори и во повелбите на српскиот цар Стефан Душан и на византискиот цар Јован VI Кантакузин. Градбата на црквата е создадена од камен и кал.

На местото каде што се наоѓала црквата била изградена денешната Орта (Средна) џамија во 1613–1614 година, а своето име го добила по местоположбата на која се наоѓа – помеѓу тврдината и долниот град. Од натписот што се наоѓа над влезната порта, испишан со нефис писмо во десет полиња, се дознава дека џамијата била изградена од страна на Дурак-ефенди.

Осветлувањето на внатрешноста е преку прозорските отвори поставени во два реда на секоја од страните. Со својата форма се издвојуваат прозорите во долната зона на северозападната страна во тремот сместени во просторот на михрабието и завршуваат со декоративна орнаментика. Ова е редок пример на вакво поставување, а можеби и единствен на просторот на Македонија.

Објектот е реновиран е во 1984 година. Денес овој објект претставува археолошко наоѓалиште и музеј и е вклучен во списокот на културното наследство на Македонија.

## 5. ХРАМ „СВЕТИ АТАНАСИЈ“ – О. БОГДАНЦИ



Свети Атанасиј е главна црква во Богданци и седиште на Богданската парохија. Црквата е сместена во центарот на градот Богданци. Првичната црква била изградена во првата половина на XIX век, а низ историјата била неколкупати обновувана. Црквата била оштетена во пожар во 2014 година во кој била зафатена внатрешноста на самата црква и покривот, додека иконите биле спасени благодарение на свештениците и на месното население.

На 20 јануари 2015 година бил осветен камен-темелник на новата црква, која се гради на местото на опожарената. Црквата е осветена на 14.11.2021 година. Црквата е изградена со средства од Повардарската епархија, како и со доброволни прилози на донатори и голем број верници. Внатрешноста на црквата е живописана, што е најзабележливо во горните делови од средишниот кораб, чии фрески потекнуваат од XIX век. Иконостасот е со стари царски двери, изработени во резба со мотиви од растителниот и од животинскиот свет, како и стари икони што потекнуваат од XIX век. Во 1983/84 година била изградена нова камбанарија со градски часовник во нејзиниот горен дел, а во 1986/87 била изградена и крстилница, осветена со благослов на тогашниот поглавар на МПЦ г. г. Гаврил.

## 6. КАТОЛИЧКА ЦРКВА „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – О. БОГДАНЦИ



Со католичката црква „Св. Кирил и Методиј“ во Богданци е поврзана необична приказна. За време на бугарската Егзархија, под влијание на егзархистите, богданчани побарале од турските власти да им се одобри градење друга црква покрај веќе постојната Свети Атанасиј. Црквата била изградена во Лештовите дворови, со помош на некој богат кукушанец по име Тенчев, кој се понудил да им даде пари да ја доградат црквата, но во неа да се служи католичка богослужба со источен обред. Помошта била прифатена и црквата била доградена. Новата црква била именувана „Св. Кирил и Методиј“.

За време на Уриетот турската власт овозможила изјаснување на населението која црква кому да му припадне. Егзархистите биле во мнозинство и ја презеле црквата „Свети Атанасиј Велики“, додека другата црква – „Св. Кирил и Методиј“ била ослободена и таа им припаднала на католиците.

Во католичката црква „Св. Кирил и Методиј“ во Богданци, во чест на солунските браќа и во чест на 150-годишнината од потпишувањето на Кукушката унија, на 24 мај 2014 година, Денот на светите солунски браќа и сесловенски и македонски просветители, Кирил и Методиј, беа донесени сертифицирани примероци од моштите на Свети Кирил, пред кои богданчани масовно се поклонија.

## 7. КАТОЛИЧКИ ХРАМ „СВЕТИ ПРОРОК ИЛИЈА“ – С. РАДОВО, О. БОСИЛОВО



Католичкиот храм во селото Радово во Општина Босилово има посебна историја поврзана со католицизмот на овие простори. Имено, по Балканските и по Првата светска војна во Радово и во Гевгелиско-валандовскиот Крај, од Егејска Македонија се доселиле голем број унијатски семејства (католици од источен обред). Верници унијати во ова време имало во Богданци, Стојаково, Гевгелија, Богородица, Моин и во Пирава, како и во колонистичките населби во Дојранско. Унијатите по Втората светска

војна сѐ повеќе го добивале името католици, но нивниот број се намалил, особено по прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква. Од Радово денес потекнуваат повеќе католички свештеници, меѓу кои и негово високо преосвештенство, бискупот скопски и епарх струмички, монсињор д-р Киро Стојанов.

Католичкиот храм „Св. пророк Илија" е средиште на плодна верска активност за припадниците на Католичката црква. Храмот има своја веб-страница, списание „Светлина", кое излегува од 1995 година, и во него се одржуваат редовни богослужби.

## 8. МАНАСТИР „СВЕТИ ГЕОРГИЈ" – О. ВАЛАНДОВО



Манастирот „Свети Георгиј" во Валандово се наоѓа во еден живописен предел на планината Плавуш, северозападно од Валандово. Во средниот век на овој простор постоела мошне убава црква, посветена на Свети Георгиј. Неа ја подигнал српскиот цар Стефан Душан во 1349 година, а ја граделе неимари со развиена смисла за естетика. Во манастирската повелба било нагласено дека средновековната црква Св. Ѓорѓи има свои имоти во атарите на Валандово, Пирава и на Раброво.

Внатрешноста на малата манастирска црква е исполнета со скромен фонд икони, слики и дрвен мебел. Некои од иконите се изработени по земјотресот, кој бил во 1931 година и ја разурнал црквата, но има и такви што се изработени во поново време. Во средината на јужниот ѕид се наоѓа владичкиот стол. Денес манастирскиот простор е прекрасно среден и претворен во излетничко место, место за уживање и одмор. Околу манастирската црква има три чешми со исцртани фрески и со многу пивка вода.

## 9. МАНАСТИРСКИ КОМПЛЕКС „СВЕТО ВОЗНЕСЕНИЕ – СПАС" – О. ГЕВГЕЛИЈА



Главната црква во манастирскиот комплекс „Св. Спас" се наоѓа во југоисточниот дел на Гевгелија. Таа е воедно и најстарата црква во градот и, според преданието, била изградена во 1842 година. До почетокот на Првата балканска војна била неколкупати доградувана

и реновирана. Црквата е зографисана, но во неа нема насликано постар фреско-живопис. Иконостасот е нов, со три реда икони. Иконографскиот репертоар го сочинуваат: престолните икони, иконите на големите празници и иконите на светите апостоли. Во 2006 година е извршна реконструкција на тремот со масивен камен и нов покрив од ќерамиди. Тремот е од западната страна, а на север се наоѓа камбанаријата. Храмов празник е празникот на Христовото вознесение – Спасовден, кој се празнува 40 дена по Велигден. Воедно, Спасовден е и заштитник на градот Гевгелија.

## 10. КАТОЛИЧКИ ХРАМ „СВЕТИ ПЕТАР И ПАВЛЕ“ – О. ГЕВГЕЛИЈА



Католичката енорија во Гевгелија била обновена во периодот меѓу 1868 и 1870 година од страна на француските лазаристи – католици од Солун, кога била изградена црква од дрвен материјал. Црквата потоа била запалена, по што богослужбите почнале да се вршат во манастирската капела што е посветена на апостолите Петар и Павле. Во Гевгелија главен носител на католичката активност, покрај храмот „Свети Петар и Павле“, биле и сестрите евхаристинки, кои на овој простор дејствуваат од 1902 година. Во 2017 година храмот беше обновен и денес во него се одвиваат редовни богослужби.

## 11. МАНАСТИР „СВЕТИ СТЕФАН“ – О. КОНЧЕ



Манастирот Конче датира од XIV век. Сместен е во селото Конче, на 20 км јужно од Радовиш. Овој манастир во минатото бил многу важен духовен и религиозен центар, со добро развиен монашки живот. Денес е целосно вообновен со прекрасни и пространи конаци. Обновено е кубето, како и фасадата на која преовладуваат тулите во стилот на византиските средновековни цркви.

## 12. ЏАМИЈА – О. КОНЧЕ



Во центарот на Конче се наоѓа единствената џамија во општината и во неа муслиманите од овој крај доаѓаат на молитва. Според исказите на локалните оџи, џамијата во Конче некогаш настрадала во голем пожар, а во пожарот настрадала и голема колекција од книги и записи за историјата и за животот во селото Конче и во неговата околина.

Според архитектонските и според уметничките особености, се претпоставува дека џамијата потекнува од доцноосманлискиот период и дека врз неа се извршени неколку преуредувања низ годините. Претпоставка е дека последната интервенција датира од XIX век. На местото на старото минаре со едно шерефе, во 2011 година е изградено повисоко минаре со две шерефиња. Внатрешноста на џамијата е богато декорирана. Ѕидовите се насликани со керамички плочки, кои прикажуваат флористички елементи во традиционален исламски стил и пораки од Куранот. Како и кај другите џамии, и во оваа организацијата на внатрешноста е поставена на тој начин просторот да дозволува сите верници да го гледаат имамот при проповедањето и при вршењето на обредот.

## 13. ЦРКВА „ПРЕСВЕТА ТРОИЦА“ – О. РАДОВИШ



Црквата „Пресвета Троица“ во Радовиш се смета за една од најграндиозните на Балканот. Камен-темелникот на соборниот храм посветен на Светата Троица беше поставен на 24 април 1997 година, а црквата беше осветена на 12 октомври 2003 година од страна на архиепископот охридски и македонски г. г. Стефан со сите архијереи на МПЦ.

Храмот има партерно уреден простор околу самата црква, а во нејзин состав се камбанаријата, фонтаната, чешмата, административната зграда и паркиралиштето. Иконостасот и столбовите се изработени од 24-каратно злато. Царските двери, владичкиот трон и поголемиот дел од декорот во храмот се, исто така, позлатени.

### 14. ХРАМ „СВЕТИ ИЛИЈА“ – СТАР ДОЈРАН, О. ДОЈРАН



Свети пророк Илија – главната црква во Стар Дојран, претставувала катедрална црква на разрушениот град Дојран. Црквата е изградена во 1848 година со доброволни прилози од дојранските верници.

Во пожар што ја зафатил црквата изгорел голем дел покуќнина и од богатството на дојранчани. Црквата Св. Илија со својата должина од 30 метри, широчина од 20 метри и висина од 10 метри претставува вистинска архитектонска убавица на овие простори во Македонија. Со своите 600 $м^2$ внатрешен простор и на два ката, таа можела да собере околу 600 верници. Градителите ја удостоиле со „акустични“ стомни, кои се гледаат во самите ѕидови од црквата, симетрично подредени како по висина така и по должина. Во 2003 година започната е комплетна реконструкција на црквата, со цел да се врати некогашниот нејзин сјај, а и самите жители на Стар Дојран и туристите да имаат можност да посетат достоен храм. Обновата на црквата заврши во 2016 г., на стогодишнината од нејзиното бомбардирање.

## ОСВРТ НА ДРУГИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Југоисточниот Регион поседува значаен потенцијал за развој на верскиот туризам, особено со акцент на различните верски заедници, кои на релативно мал простор егзистираат овде. Регионот, исто така, има долга историска традиција на меѓурелигиска толеранција во која верниците од сите присутни религии живеат во мир и љубов. Како типичен пример е селото Колешино, во кое околу 1000 жители повеќе од сто години го чуваат мирот и единството, иако во него има дури четири различни христијански цркви и една религиозна група: православна, католичка, методистичка, адвентистистичка и Јеховини сведоци.

Голем хендикеп е тоа што повеќето верски локалитети во Југоисточниот Регион не се маркирани за да прераснат во препознатливи места со потенцијал за туризам. Придружено со недоволна промоција на значајните светилишта, кои датираат уште од самите мугри на христијанството, регионот е неискористен во поглед на верскиот потенцијал. Тоа ќе се достигне доколку бидат подобрени целокупните услови за развој, патната инфраструктура и можностите за сместување, како и доколку самите локалитети започнат да работат на креација на своја автентична понуда и приказна, која ќе биде повеќе застапена на медиумите.

Во редот на поетаблираните места со потенцијали за развој на верскиот туризам од Југоисточниот Регион би ги издвоиле и:

Општина Струмица: црква „Свети Кирил и Методиј", храм „Свети Григориј Палама", католички храм „Иван Крстител", џамија „Сејид Нур Ел Араби";

Општина Валандово: спомен-костурница и параклис и црква „Свети Атанасиј" во с. Удово;

Општина Босилово: црква „Свети Атанасиј Велики", католички храм „Свети Кирил и Методиј" – с. Петралинци;

Општина Василево: црква „Успение на Пресвета Богородица", католичка црква „Успение на Пресвета Богородица" – Нова Маала, џамија Мелек Румели Џамиси – Градошорци, храм „Св. Петка" во селото Требичино, џамија „Нова маала", католички храм „Свети вмч. Георгиј" – с. Чанаклија, храм „Свети Никола" – с. Градошорци;

Општина Гевгелија: црква „Свети Кирил и Методиј" – Гевгелија, храм „Свети Димитриј" – с. Смоквица;

Општина Богданци: католичка црква „Свети апостол Павле" – с. Паљурци, црква „Света Недела" во Стојаково;

Општина Валандово: храм „Свети Димитриј" – Валандово, џамија „Хаџи Салих Џамиси" – с. Калково;

Општина Дојран: црква „Свети Георгиј" во Нов Дојран, џамија во с. Куртамзали, црква „Пресвета Богородица" – с. Фурка

Општина Ново Село: црква „Св. Георгиј", Евангелско-методистичка црква – с. Колешино и манастир „Света Петка" – с. Смолари, црква „Св. Георгиј";

Општина Радовиш: џамија „Јени Џамиси" – Радовиш и црква „Вознесение Христово" во с. Ињево;

Општина Конче: црква „Св. Илија" – с. Лубница.

# SWOT-АНАЛИЗА НА ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

| ГЛАВНИ ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ) | ГЛАВНИ СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
| --- | --- |
| Постоење етаблирани дестинации | Слаба промоција на дел од дестинациите |
| Разновидни природни и антропогени ресурси | Слаба сигнализација на патната инфраструктура |
| Голема застапеност на верската разноликост на релативно мал простор | Недоволни сместувачки капацитети во нискоразвиените дестинации |
| Силен меѓуверски соживот и толеранција | Немање соодветни водичи и познавачи на верскиот туризам |
| Постоење добра патна мрежа и паркинг во дел од дестинациите | Непостоење добри патишта на некои патни правци кон дестинациите |
| Близина до граничните премини со Р Грција и со Р Бугарија | |
| Активни манастири со развиен верски туризам | |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ (РИЗИЦИ) |
| --- | --- |
| Развој на верскиот туризам | Природни елементарни непогоди (пожари, земјотреси, поплави, одрони и сл.) |
| Поврзување на повеќе селективни видови туризам (верски, културен, рурален, планински, бањски и др.) | Кражби, разбојништва, тероризам и сл. |
| Поврзување на религиите преку одбележување одредени настани | Оштетување на вредни артефакти |
| Инсталирање современи телекомуникациски системи (интернет) | Загадување на природната и на животната средина |

## ТОП ДЕСТИНАЦИИ И ЛОКАЦИИ ВО ПОНУДАТА

▸МАНАСТИР „ВОВЕДЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ – С. ВЕЉУСА, О. СТРУМИЦА
▸МАНАСТИР „СВЕТИ ЛЕОНТИЈ“ – С. ВОДОЧА, О. СТРУМИЦА
▸МАНАСТИР „СВЕТИ 15 ТИВЕРИОПОЛСКИ МАЧЕНИЦИ“ – О. СТРУМИЦА
▸ХРАМ „ ПРЕСВЕТА ТРОИЦА“ – О. РАДОВИШ
▸МАНАСТИР „ СВЕТИ СТЕФАН “ – О. КОНЧЕ
▸МАНАСТИРСКИ КОМПЛЕКС „ПАРТЕНИЈ ЗОГРАФСКИ“ – О. ДОЈРАН

## НАСТАНИ И АТРАКЦИИ

Славите на активните манастири:

▸Манастир „Воведение на Пресвета Богородица“ – с. Вељуса, О. Струмица (4 декември, Воведение на Пресвета Богородица);

▸Манастир „Свети Леонтиј“ – с. Водоча, О. Струмица (1 јули, Св. Леонтиј);

▸Манастир „Свети Климент и Наум Охридски“ – с. Хамзали, О. Босилово (9 август, Св. Климент);

▸Манастир „Свети 40 Севастиски маченици“ – с. Банско, О. Струмица (22 март, Младенци);

▸Манастир „Свети Антониј и Георгиј“ – с. Ново Село, О. Ново Село (30 јануари, Св. Антониј и 6 мај, Св. Георгиј);

▸Манастирски комплекс „Партениј Зографски“– О. Дојран (7 февруари);

▸Прослава на Свети Тивериополски свештеномаченици – О. Струмица (11 декември, Свети Тивериополски свештеномаченици );

▸Струмичка литија – О. Струмица;

▸Денови на Мајка Тереза и на Мајка Божја Назаретска – О. Струмица (5 септември и 1 недела од октомври);

▸Фестивал на Источно црковно пеење – О. Струмица;

## ТАБЕЛА – ТУРИСТИЧКИ ДВИЖЕЊА ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН ВО 2019 Г.

| ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН | Туристи | Ноќевање | Просек во денови |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 167451 | 562422 | 3,36 |
| Домашни | 96678 | 429062 | 4,44 |
| Странски | 70773 | 133360 | 1,88 |
| Грција | 38087 | 49913 | 1,31 |
| Србија | 9854 | 15726 | 1,59 |
| Бугарија | 5371 | 8354 | 1,55 |
| Косово | 1737 | 3182 | 1,83 |
| Романија | 1519 | 2566 | 1,69 |
| Турција | 1435 | 2372 | 1,65 |
| Полска | 1132 | 6802 | 6,01 |
| Чешка | 1021 | 3613 | 3,54 |
| Унгарија | 951 | 5648 | 5,93 |
| Хрватска | 892 | 3100 | 3,47 |
| Вкупно десетте држави: | 61999 | 101276 | 1,63 |
| Учество во % од вкупно странски туристи | 87% | 75,9% | / |

Најголем број од туристите се од Грција, Србија и од Бугарија. Нивното доаѓање најчесто е со едно ноќевање, со исклучок на туристите од Полска и од Чешка, како и други странски туристи кои, транзитирајќи кон или од Грција, неколку дена се задржуваат во Дојран. Значителен број туристи престојуваат во регионот заради посета на природни и антропогени мотиви (планини, езера, манастири, археолошки локалитети, културно – историски споменици и сл.). Со добро осмислена туристичка маркетинг-промоција, голем број од наведените туристи можат да бидат и потенцијални верски туристи.

## 2.3.8.
## СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН




Североисточниот плански регион го опфаќа крајниот североисточен дел на РС Македонија и се простира по течението на реките Пчиња и Крива Река. Регионот се граничи: на запад со Скопскиот Регион, на југ со Источниот Регион, на север со Р Србија и на исток со Р Бугарија. Главен центар на регионот е градот Куманово.

## КРАТКИ ПОДАТОЦИ ЗА СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Североисточниот плански регион го опфаќа крајниот североисточен дел на РС Македонија и се простира по течението на реките Пчиња и Крива Река. Неговата вкупна површина изнесува 2.310 км$^2$, односно 8,98% од вкупната територија на државата. Во Североисточниот Регион живее 9% од населението на РС Македонија. Североисточниот плански регион се состои од шест општини: Липково, Куманово, Старо Нагоричане, Кратово, Ранковце, Крива Паланка. Во планскиот Североисточен Регион има вкупно 192 населени места, 189 од нив рурални населени места и 3 урбани населби: Куманово, Крива Паланка и Кратово.

Главен центар на регионот е градот Куманово, каде што се наоѓа и седиштето на Центарот за развој на Североисточниот плански регион. Како резултат на богатата историја и преплетот на религиите и културите, на територијата на градот и во околината се среќаваат голем број верски објекти, како и значајни културно-историски обележја. Регионот располага со значајни природни ресурси и богато културно-историско наследство, кое е недоволно искористено. Бројната сакрална архитектура во овој регион претставува значајна основа за развој на верскиот туризам. Во овој регион најразвиени се планинскиот, руралниот и бањскиот туризам. Од позначајните природни ресурси се издвојуваат: реката Пчиња, Крива Река, Липковска Река, Липковско Езеро, изворот на топли термални води Пројевци; Осоговските Планини (планински масив над 2000 м надморска висина, втор по површина во Македонија), како и неколкуте средно-високи планини: Скопска Црна Гора, Козјак, Герман и Билино. Од локалитетите се издвојуваат: Кокино, Куклици и Цоцев Камен. Значајни за туризмот се и: Калин Камен (врв на Осоговските Планини); Испосницата на Свети Јоаким Осоговски во село Градец, која се наоѓа на 7 километри северно од Крива Паланка; меморијалниот центар АСНОМ во с. Пелинце; манастирот „Свети Георгиј" во кумановското село Старо Нагоричане; Кратовските средновековни кули и др.

Градовите во овој регион имаат развиен културен живот преку повеќето спомен-куќи што функционираат. Главни патни правци кшто го поврзуваат овој регион со другите региони се автопатот и железничката Скопје – Куманово – граничен премин Табановце со Р Србија, магистралниот пат Куманово – Крива Паланка – граничен премин Деве Баир со Р Бугарија и повеќе други регионални и локални патишта. Во непосредна близина на Куманово се наоѓа меѓународниот аеродром „Скопје". Според изјаснувањето на граѓаните, во овој регион најголем дел од жителите се православни христијани, потоа следуваат муслиманите и другите вероисповеди. Во Куманово, во црквата Свети Никола, се наоѓа седиштето на Кумановско-осоговската православна епархија. Исто така, во Куманово се наоѓа седиштето на Кумановското муфтиство при Исламската верска заедница во Македонија. Припадниците на католичката вероисповед своите обреди ги извршуваат во католичката капела „Свети Јован Крстител" во Куманово. Во Североисточниот Регион застапени се и помалите верски субјекти, како што се Евангелската црква, Адевентистичката црква во Македонија и други. Значајно е да се спомене дека во Кратово постоела синагога, која подоцна била преуредена во куќа.

## АКТИВНИ МАНАСТИРИ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Постојат два активни манастири во Североисточниот Регион:

1. Манастирот „Свети Јоаким Осоговски" – Крива Паланка (машки манастир);
2. Манастирот „Свети вмч. Георгиј" – с. Биљановце, О. Куманово (машки манастир).

## 1. МАНАСТИР „СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“ – О. КРИВА ПАЛАНКА



Манастирот Свети Јоаким Осоговски се наоѓа на 3 км источно од Крива Паланка. Манастирот е духовно поврзан со еден од четворицата пустиножители, кои според легендите заедно се подвизувале во пештерите во Лесновската Гора – Свети Јован Рилски, Свети Прохор Пчињски, Свети Гаврил Лесновски и Свети Јоаким Осоговски, кој го основал својот манастир на падините на Осоговските Планини.

Најмонументалниот објект на манастирскиот комплекс е големата манастирска црква посветена на големиот пустиножител и чудотворец Свети Јоаким Осоговски. Изградена во преродбенската епоха (1847–1851 година), црквата претставува израз на сеопштото градителско и свето дело на македонскиот народ. Работите за изградбата му биле доверени на најголемиот градител на Балканот од почетокот на XIX век, протомајсторот Андреја Дамјанов. Сликаната декорација во Осоговскиот манастир ја извел талентираниот сликар Димитар Андонов-Папрадишки. Во внатрешноста на црквата, во подножјето на западниот ѕид, се наоѓа камен саркофаг, во кој се положени моштите на преподобниот и богоносен отец и пустиножител Свети Јоаким Осоговски. Североисточно од Големата манастирска црква „Свети Јоаким Осоговски“, во непосредна близина се наоѓа помала и постара црква посветена на Рождеството на Пресвета Богородица од XI/XII век. Манастирските конаци и големата трпезарија, како и другите помошни згради, сведочат за постоењето богата монашка традиција.

Манастирот е прогласен за културно наследство. Тој е сведок на една долга христијанска традиција на овие простори, која трае од XI век до ден-денешен. Овој манастир е со активен монашки живот. Во него на почетокот од XIX век престојувал и творел и македонскиот книжевник и просветител Јоаким Крчовски. Манастирот е денес возобновен и особено прочуен по бројните конаци. Во рамките на манастирот се наоѓа и ресторан со голем број локални јадења на менито, како и манастирско бифе. Природата околу манастирот нуди идеални услови за рекреативни прошетки. Секоја година на 29 август, на патрониот празник на манастирот, се одржува масовен традиционален собир и архијерејска литургија, кога верници од целата држава доаѓаат во манастирот да му оддадат почит на својот патрон и заштитник Свети Јоаким Осоговски.

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 5 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 5 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 5 |
| 5 | Манастирски ресторан | 4 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 3 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 3 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 2 |
| 10 | Издаваштво | 2 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 5 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 2 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 1 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 5 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 5 |
| | **Вкупно: 3,53 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува Осоговскиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 3,53. Индексот е прикажан во горенаведената табела и според него може да се увидат повеќе и помалку искористените потенцијали за развој на манастирот. Овој манастир има широки потенцијали за доуредување на својата туристичка понуда, а од моменталната состојба во која се наоѓа има потреба од доразвивање во некои од дадените критериуми за потенцијал, за да биде туристички поприvлечен.

## 2. МАНАСТИР „СВЕТИ ГЕОРГИЈ“ – С. БИЉАНОВЦЕ, О. КУМАНОВО



Манастирот „Свети Георгиј“ се наоѓа во село Биљановце, Општина Куманово, во околината на градот Куманово. Спаѓа во рамките на Кумановско-осоговската епархија при Македонската православна црква – Охридска архиепископија, во редот на манастирите со активен монашки живот.

Изграден е во 1952 година. Во моментот на него се изведуваат градежни активности, кои дополнително треба да ги зацврстат ѕидовите со нови столбови. Слава на манастирот е празникот „Св. Георгиј Победоносец".

## ИНДЕКС ЗА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Инфраструктура – пристапен пат | 4 |
| 2 | Инфраструктура – паркинг | 3 |
| 3 | Инфраструктура – електрично напојување | 5 |
| 4 | Сместувачки капацитет за посетители (над 10 лица) | 1 |
| 5 | Манастирски ресторан | 1 |
| 6 | Дополнителна културна понуда (галерија, спомен-соба, изложба, концерт, колонија) | 1 |
| 7 | Веб-страница | 1 |
| 8 | Социјални медиуми | 1 |
| 9 | Дополнителна рекреативна понуда (пешачки патеки, детско катче, работилници, мала ЗОО) | 1 |
| 10 | Издаваштво | 1 |
| 11 | Органско производство на храна и домашно производство | 1 |
| 12 | Манастирски ракотворби | 1 |
| 13 | Одгледување домашни животни и/или пчели | 1 |
| 14 | Над еден масовен собир на граѓани | 3 |
| 15 | Состојба на конаците и на манастирскиот имот | 2 |
| | **Вкупно: 1,80 индексни поени** | |

Според условите што ги поседува Биљановскиот манастир како привлечна дестинација во верскиот туризам и потенцијалите кои му се на располагање за развој – пресметан е индексот за искористеност на потенцијалите, кој изнесува 1,80. Индексот е прикажан во горенаведената табела. Овој манастир, наоѓајќи се на поволна местоположба и како историски културен споменик од високо значење и денес повторно како жив монашки центар, има широки потенцијали за понатамошен развој. Доколку параметрите ги разгледуваме како насоки за правците на развој, воочлива е моменталната состојба на воопшто недоволна искористеност на голем дел од потенцијалите што ги поседува за привлекување туристи, како атрактивна верска туристичка дестинација.

# ДЕСТИНАЦИИ СО ВИСОК ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Дестинации со висок потенцијал за развој на верскиот туризам во Североисточниот Регион се: митрополитскиот соборен храм „Св. Николај“ – Куманово, Татар Синан Бег џамијата – Куманово, манастирот „Пресвета Троица“ – с. Скачковце, О. Куманово, Жеглиговскиот манастир „Успение на Пресвета Богородица“ – с. Матејче, О. Липково, Џамија Јусуф Ефенди – с. Липково, манастирот „Свети вмч. Георгиј“ – с. Старо Нагоричане, Карпинскиот манастир „Воведение на Пресвета Богородица – Пречиста“ – с. Орах, О. Старо Нагоричане; црквата „Свети Јован Крстител“ – Кратово, црквaтс „Св. Димитриј“ – Крива Паланка, Псачкиот манастир „Св. Никола“ – с. Псача, О. Ранковце.

## 1. МИТРОПОЛИТСКИ СОБОРЕН ХРАМ „СВ. НИКОЛАЈ“ – КУМАНОВО



Црквата „Св. Николај“ во Куманово е седиште на Кумановско-осоговската епархија при Македонската православна црква – Охридска архиепископија. Изградена е во 1851 година од Андреј Дамјанов од велешкото село Папрадиште и е најголема по површина во Кумановскиот Крај. Црквата е трикорабна градба од базиликален тип, својствена за храмовите градени на Балканот во XIX век. Најстариот фреско-живопис датира од 60-тите години од XIX век од Дичо Зограф, додека фреските на северниот и на јужниот ѕид датираат од поново време (1969–1972 година). На катот има две галерии од икони создадени од повеќе зографи од различни временски периоди. Овој храм е прогласен за културен споменик. Особено впечатлив е таванот, кој е граден во духот на македонската архитектура од XIX век. Обновата и конзервацијата на црквата со камбанаријата заврши во 2018 година.

## 2. „ТАТАР СИНАН БЕГ“ ЏАМИЈА – КУМАНОВО



Татар Синан Бег џамијата се наоѓа во центарот на градот Куманово. Таа е една од најстарите исламски споменици во Куманово. Подигната е во 1532 година од Татар Синан Бег во поранешното турско Орта Бунар Маало. На натписот на надгробната плоча во дворот на џамијата стои дека во 1659/60 година хаџи Осман Сулејман бил нејзин прв муфтија. Џамијата е еднокуполна градба со трем на северната страна, што е главната архитектонска карактеристика на отоманските џамии во раниот период и еден од најчестите типови џамии во XVI век на Балканот. Џамијата била неколку пати доградувана од XVI век до денес. Таа е прогласена за културно наследство и се наоѓа во добра состојба. Значајно е да се знае дека целата џамија, со исклучок на нејзините подоцнежни проширувања, е изградена од прецизно обработени квадратни плочи од жолт и кафеав камен од областа Жеглигово, и со метод што ретко се користи при изградба на ваков вид објекти во Македонија.

## 3. МАНАСТИР „ПРЕСВЕТА ТРОИЦА“ – С. СКАЧКОВЦЕ, О. КУМАНОВО



Манастирот „Пресвета Троица“ се наоѓа во кумановското село Скачковце, на 15 км јужно од Куманово, на патот кон Свети Николе. Манастирот „Пресвета Троица“ е подигнат од познати вевчански мајстори по повод 2000 години христијанство, а осветен во 2001 година. По својот архитектонски облик, се работи за еднокуполен манастир со скромни димензии. Живописан е од тројца академски уметници: Веле Ташевски, Благоја Кузмановски и вајарот Јане Антониев. Тие работеле повеќе од две години создавајќи извонреден живопис во стар автентичен македонски стил. Во манастирскиот комплекс има конак, дванаесет-метарски крст, камена кула, скулптури на Пресвета Богородица и Свети Климент и велигденско јајце високо 3 метри.

Јајцето е вистинска атракција за посетителите, а е изработено од мермер тежок 12 тони. Во конакот има соби за ноќевање и кујна за гости, библиотека и етнолошка соба со народни носии и стари традиционални предмети. Зеленилото во дворот е пресечено со уредени патеки, клупи за одмор и летниковци, каде што гостите можат да се одморат по прошетките.

### 4. МАНАСТИР „УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ – С. МАТЕЈЧЕ, О. ЛИПКОВО



Манастирот посветен на Успение на Пресвета Богородица во с. Матејче е уште едно ремек-дело на средновековната ликовна креација на македонската територија. Изграден во XIV век, уште во текот на средновековната, а и во подоцнежната епоха, претставувал важен центар на монашкиот живот, духовната клима и книжевното творештво. Овој манастир бил замислен како гробна градба на неговата ктиторка – царицата Елена, и е изграден целосно во духот на постарите византиски традиции во Македонија. Петкуполниот мавзолејски храм го овозможил создавањето на најголемиот сликан ансамбл на македонското подрачје во средновековната епоха, трет најголем во византискиот XIV век. Импозантната сликана панорама му била доверена на водечкиот мајстор од средината на столетието, зографот Јован Теоријан, кој во Матејче пристигнал од Охрид, каде што претходно за охридскиот архиепископ Никола го живописал вториот кат од нартексот на охридската катедрала „Света Софија“. Денес манастирот во Матејче е прогласен за културно наследство во опасност. Богатството на историја и духовност го прават манастирот еден од најблагородните византиски споменици на балканските простори.

### 5. ЏАМИЈА ЈУСУФ ЕФЕНДИ – С. ЛИПКОВО



Џамијата Јусуф Ефенди е муслимански храм што се наоѓа во селото Липково, во истоимената општина. Џамијата била изградена во 1773 година во духот на османлиската исламска архитектура и неколкупати била обновена. Во 1963 година од земјотресот во Скопје целосно било оштетено минарето и неколку делови од џамијата. Во 1967 година била проширена и било изградено ново минаре.

## 6. МАНАСТИР „СВЕТИ ВМЧ. ГЕОРГИЈ" – С. СТАРО НАГОРИЧАНЕ



Манастирот „Свети вмч. Георгиј" во село Старо Нагоричане е подигнат на постаро култно место, каде што во последната четвртина на XI век своја испосничка ќелија имал големиот пустиножител Прохор Пчињски, во чија чест византискиот цар Роман IV Диоген подигнал монументална базилика. Базиликалната градба, оштетена во воените судири од XIII столетие, ја обновил српскиот крал Милутин, кој во 1282 година ги освоил северните македонски области и станал ктитор. Храмот е соѕидан од убаво делкани камени блокови, а фасадата е разиграна со керамопластична декорација, како реминисценција на византиската градителска традиција. Керамопластиката е присутна и на монофорите на средишната купола, кои служеле како отвори за осветлување на црквата. Манастирот денес е прогласен за културно наследство. Овој средновековен храм особено се истакнува по својата импозантна голема (базиликална) градба, одлично зачуваниот фреско-живопис, камениот иконостас и положбата на иконите на него, како и ќелијата на македонскиот светител Прохор Пчињски во непосредната близина.

## 7. КАРПИНСКИ МАНАСТИР „ВОВЕДЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА" – С. ОРАХ, О. СТАРО НАГОРИЧАНЕ



Карпинскиот манастир, или манастирот „Воведение на Пресвета Богородица", е сместен во близина на с. Орах. Основан е во XIV век од страна севастократор Дејан, зет на царот Стефан Душан. Денешниот изглед на манастир е од XVI–XVII век. Манастирот бил обновен во XIX век. Манастирска црква е посветена на Воведението на Пресвета Богородица. Таа е изградена од обработен камен во форма на триконхос. Во црквата се забележуваат два слоја на фреско-живопис. Според податоците од Институтот за македонска книжевност, во манастирот Карпино живееле над 300 монаси и тој важел за црковно-духовно и културно јадро во овој регион. Оригиналните ракописи, кои сега се наоѓаат во Москва, Софија и во Белград, сведочат за посто-

ењето на прочуената скрипторска школа во манастирот и на ќелијно училиште. За најзначајни книжевни дела се сметаат Карпинското евангелие и Апостолот со ирмологиум, кои сега се наоѓаат во Москва. Манастирот е прогласен за културен споменик, а конаците се обновени. За манастирот Карпино опис и податоци во својата книга Материјали по изучувањето на Македонија од 1896 година дал и македонскиот револуционер Ѓорче Петров. Во манастирскиот комплекс „Воведение на Пресвета Богородица“ од 2002 година се одвива ликовната колонија Карпино.

## 8. ЦРКВА „СВЕТИ ЈОВАН КРСТИТЕЛ“ – КРАТОВО



Црквата „Свети Јован Крстител“ се наоѓа во градот Кратово, во прочуеното Рибарско Маало. Според преданието, црквата „Свети Јован Крстител“ била запалена во текот на Карпошовото востание (1689 г.), при што останале ѕидовите, а покривот целосно изгорел. Сепак, голем дел од вредните црковни предмети биле зачувани. Црквата била обновена дури два века подоцна, во 1836 година, од страна на познатиот градител Андреја Дамјанов. Од ктиторскиот натпис над влезната врата на црквата се дознава дека таа била обновена во 1836 година со заложби на сите христијани. Импозантниот иконостас од ореово дрво со позлата е едно од првите дела на Петре Филиповски-Гарката и неговата тајфа, а иконите имаат потпис од Димитар Андонов-Папрадишки и самоковските зографи. Кон крајот на XX и во почетокот на XXI век вршени се конзерваторски работи на целиот фреско-живопис и засилување на градбата на црквата. Слава на храмот е Соборот на Свети Јован Крстител, на 20 јануари.

## 9. ЦРКВА „СВ. ВМЧ. ДИМИТРИЈ“ – КРИВА ПАЛАНКА



Црквата „Св. вмч. Димитриј“ во Крива Паланка е изградена 1833 година со големо залагање на градските првенци и самиот ктитор, јерејот Давид во 1833 година, на што наведува и самиот натпис над западната влезна врата од надворешната страна. Таа претставува трикорабна базилика со отворен трем на запад и северозапад и

ниска полукружна апсида на исток. На јужната страна во 1935 година е издигната камбанаријата. Во ентериерот на западниот дел од храмот се наоѓа галерија на кат во форма на буквата П, чија декорација потсетува на декоративните ентериери на богатите градски куќи од XVIII и од XIX век, особено присутни во Костурско. Живописот во наосот е изведен во 1887 година. На иконостасот се поставени три реда икони, кои се изработени во втората половина на XIX век. Царските двери, чие горно хоризонтално поле е изведено во длабока резба и Крстот – распетието се позлатени. Живописот на западната фасада, како и ликовите на Архангел Гаврил и Архангел Михаил на јужната и на северната страна се дело на зографот Димитар Андонов-Папрадишки. Во црквата се евидентирани околу 104 икони. Овој храм е прогласен за културно наследство. Во дворот на храмот се наоѓа гробното почивалиште на македонскиот просветител Јоаким Крчовски.

## 10. МАНАСТИР „СВ. НИКОЛА" – С. ПСАЧА, О. РАНКОВЦЕ



На 3 километри од магистралниот пат што води од Куманово до Крива Паланка, високо над самото село Псача, во живописната дабова и багремова шума на подножјето на Осогово, сместена е црквата посветена на Свети Никола Чудотворец. До црквата води асфалтиран пат, кој се одвојува десно од магистралниот пат веднаш по мостот на Крива Река на влезот на селото Псача. Се претпоставува дека манастирот е изграден во 1354 година и дека негови ктитори се севастократорот Влатко и неговиот татко, кнезот Пасхач, кои се споменуваат во манастирската повелба издадена на 25 март 1358 година. Архитектонскиот стил потекнува од раниот византиски период. Во внатрешноста е зачуван фреско-живопис со високи уметнички вредности. Имињата на зографите не се познати. Манастирот е прогласен за културен споменик. Пред манастирот има убава ливада со неколку многу стари дабови дрвја, од каде што се има прекрасна панорамска глетка на котлината и полето Славиште. Во дворот на самата црква се наоѓаат старите селски гробишта.

# ОСВРТ НА ДРУГИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Североисточниот Регион поседува значаен потенцијал за развој на верскиот туризам. Според податоците од Државниот завод за статистика, овој регион има најслаба туристичка посетеност. Тоа делумно се должи на немањето доволен број капацитети за сместување, како и на слабата инфраструктурна поврзаност. Легендите поврзани со секој објект од културното наследство го прават регионот атрактивен за посетителите, но слабата информираност за споделената културна вредност, како и неповрзаноста со објектите од другите региони, го спречуваат развојот на неговиот туристички потенцијал.

Тоа ќе се достигне доколку бидат подобрени целокупните услови за развој, патната инфраструктура и можностите за сместување, како и доколку самите локалитети започнат да работат на креација на своја автентична понуда и приказна. Потребно е да се организираат поголем број манифестации и јубилеи, кои ќе го промовираат недвижното и движното културно наследство од регионот. Секој манастир дава свој печат на бурната историја на македонскиот народ.

Во редот на поетаблираните места со потенцијали од Североисточниот Регион би ги издвоиле:

Општина Куманово: црква „Пресвета Троица“ – Куманово; џамија „Хаџи Шефкет“ – Куманово, манастир „Свети Георгиј“ - с. Бељаковце;

Општина Липково: џамија „Халид Ефенди“ – с. Слупчане, црква „Свети Георгиј“ – с. Матејче;

Општина Старо Нагоричане: Забелски манастир, храм „Свети Никола и Свети Георгиј“ – Сув Орах, манастир „Свети Георгиј Победоносец“ – с. Младо Нагоричане;

Општина Кратово: црква „Св. Ѓорѓи Кратовски“ – Кратово, црква „Воведение на Пресвета Богородица“ – с. Шлегово, манастир „Св. Илија“ – с. Шопско Рударе;

Општина Крива Паланка: црква „Свети Никола“ – с. Трново, Испосница на Свети Јоаким – с. Градец и храм „Свети Теодор Тирон“ с. Конопница;

Општина Ранковце: црква „Пресвета Богородица“, храм „Свети Никола“ - с. Петралица.

# SWOT-АНАЛИЗА НА СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

| ГЛАВНИ ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ) | ГЛАВНИ СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
|---|---|
| Постоење дестинации со привлечна моќ во светски рамки | Слаба промоција во медиумите и слаба промоција на верскиот туризам |
| Разновидни природни и антропогени ресурси | Недоволни сместувачки капацитети |
| Близина до граничните премини со Р Србија и со Р Бугарија | Немање соодветни водичи и познавачи на верскиот туризам |
| | Недоволен број манифестации и јубилеи за промоција на верското и на културното наследство од регионот |
| Близина до меѓународниот аеродром „Скопје“ | Непостоење на добра инфраструктурна поврзаност со верските објекти од другите региони |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ (РИЗИЦИ) |
|---|---|
| Развој на верскиот туризам | Природни елементарни непогоди (пожари, земјотреси, поплави, одрони и сл.) |
| Поврзување на повеќе селективни видови туризам (верски, културен, рурален, планински и др.) | Кражби, разбојништво, тероризам и сл. |
| Поврзување на религиите преку одбележување одредени настани | Оштетување на вредни артефакти |
| Инсталирање современи телекомуникациски системи (интернет) | Загадување на природната и на животната средина |

# ТОП-ДЕСТИНАЦИИ И ЛОКАЦИИ ВО ПОНУДАТА

- МАНАСТИР „СВЕТИ ВМЧ. ГЕОРГИЈ“ – С. СТАРО НАГОРИЧАНЕ
- МАНАСТИР „СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“ – С. КРИВА ПАЛАНКА

# НАСТАНИ И АТРАКЦИИ

Редовните слави на манастирите:

►Манастир „Свети Јоаким Осоговски“ – О. Крива Паланка (29.8, Свети Јоаким Осоговски);

►Манастир „Свети вмч. Георгиј“- с. Биљановце, О. Куманово (6.5, Св. Ѓорѓиј Победоносец)

►Манастир „Успение на Пресвета Богородица“ – с. Матејче, О. Липково (6.5., Св. Георгиј Победоносец).

►Прослава на Јоаким Осоговски во Крива Паланка (29.8., Свети Јоаким Осоговски)

►Ликовна колонија „Свети Јоаким Осоговски“ – О.  Паланка

►Копаничарска колонија „Свети Јоаким Осоговски“ – О. Крива Паланка

►Меѓународен фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ – О. Крива Паланка

►Фестивал на фолклорни песни „Свети Јоаким Осоговски“ – О. Крива Паланка

►Летна школа за архитекти „Свети Јоаким Осоговски“ – О. Крива Паланка

►Мал божиќен концерт „Химни на Рождество Христово“ –  О. Кратово (6/7.1., Бадник/ Божиќ)

►Прослава на Свети Георгиј Кратовски – О. Кратово (24.2., Свети Георгиј Кратовски)

►Прослава на Свети Никола во Куманово (19.12., Свети Никола Чудотворец)

►Невестинско поклонение на свети Теодор Тирон – с. Конопница, О. Крива Паланка.

►Ликовната колонија во манастирот „Воведение на Пресвета Богородица“,  с. Карпино, О. Старо Нагоричане

## ТАБЕЛА – ТУРИСТИЧКИ ДВИЖЕЊА ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН ВО 2019 Г.

| **СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН** | **Туристи** | **Ноќевање** | **Просек во денови** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **10444** | **14214** | **1,36** |
| **Домашни** | **2193** | **3153** | **1,44** |
| **Странски** | **8251** | **11061** | **1,34** |
| Бугарија | 3364 | 3544 | 1,05 |
| Србија | 1121 | 1823 | 1,62 |
| Полска | 474 | 509 | 1,07 |
| Романија | 414 | 617 | 1,49 |
| Германија | 257 | 478 | 1,86 |
| Босна и Херцеговина | 235 | 387 | 1,64 |
| Унгарија | 205 | 226 | 1,10 |
| Украина | 182 | 183 | 1,01 |
| Хрватска | 181 | 267 | 1,47 |
| Италија | 162 | 318 | 1,96 |
| Вкупно десетте држави: | **6595** | **8352** | **1,26** |
| Учество во % од вкупно странски туристи | 79,9% | 75,5% | / |

Најголем број од туристите се од Бугарија и од Србија. Нивното доаѓање најчесто е со едно ноќевање, а тоа се однесува и за туристите од другите држави. Значителен број од туристи престојуваат во регионот заради посета на природни и антропогени мотиви (планини, езера, манастири, археолошки локалитети, културно – историски споменици и сл.). Со добро осмислена туристичка маркетинг-промоција, голем број од наведените туристи можат да бидат и потенцијални верски туристи.

# 2.4. АНАЛИЗА НА ТРЕНДОВИТЕ И НА ДРУГИ ВАЖНИ АСПЕКТИ

## ТРЕНДОВИ ШТО ГО ТАНГИРААТ ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ

### ТРЕНД 1: **МАЛКУ СЛОБОДНО ВРЕМЕ**

Недостигот на слободно време е изразен тренд во современото живеење. Работното време, распоредот за работа и патувањето до работното место резултираат со намалено слободно време, па луѓето него го користат за одморање за следниот ден и за вршење на неопходните обврски. Овој тренд има влијание врз одлуката на луѓето своето намалено слободно време да го искористат за верски туризам.

### ТРЕНД 2: **ЖЕЛБА ЗА АКТИВЕН ОДМОР И ПРИРОДА**

Во последно време евидентни се позитивните тенденции, особено кај помладите генерации, за практикување активен одмор и зголемување на часовите поминати во природа. Планинарењето, велосипедизмот, спортското искачување, кампувањето, јавањето коњи, се сè повеќе застапени. Овој тренд особено доживеа кулминација за време на пандемијата на Ковид, кога во услови на затворени граници во летниот период многу луѓе за првпат својот одмор го поминаа во нашата земја, искористувајќи ги можностите за активен одмор.

Овој тренд има влијание и на верскиот туризам, односно развојот на верскиот туризам треба да се гледа и низ аспектот на овозможување на активен одмор и престој во природа при посета на дестинациите што се атрактивни за верскиот туризам. Практично, во денешни услови дестинациите не треба да бидат еднозначни, туку да овозможуваат повеќе можности за избор на посетителот.

### ТРЕНД 3: **ВРЗУВАЊЕ НА ДЕСТИНАЦИИТЕ СО УГОСТИТЕЛСКИ ПОТЕНЦИЈАЛИ**

Можеби поради недостигот на слободно време или поради навиките што тешко се менуваат, генерално, луѓето избираат да посетат дестинации каде што има можности во непосредна близина да одвојат време за оброк. Доколку посетителите одределе ден за посета на некоја дестинација од верскиот туризам, за нив е попривлечно доколку денот можат да го организираат со задоволување на неколку типови потреби, а тука ресторанските услови се секогаш важни. Ретко луѓето ги привлекува и можноста за сместување и престој во дестинацијата, но сепак, и таквите капацитети се значајни.

### ТРЕНД 4: **НАМАЛЕН ИНТЕРЕС ЗА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ЗА ИСТОРИЈАТА И ЗА ЕДУКАЦИЈА**

Кога ги анализираме состојбите генерално, се создава перцепција дека денешниот човек, воопшто, е помалку заинтересиран за културното наследство, за историјата и можностите за едукација. Сепак, иако постои ваков тренд, тој е посебно истакнат кај помладите. Во државата има приказни, митови, легенди, движно и недвижно наследство, а особено духовно наследство, кое, доколку биде промовирано и презентирано на нов современ начин, би заинтригирало поширока маса луѓе. Значајно за дестинациите што располагаат со вакви потенцијали е да се развие свеста за нив и да се развиваат низ призмата на создавање автентичен белег.

### ТРЕНД 5: **ПОДЕЛЕНОСТ НА ИНТЕРЕСИТЕ КАЈ ВЕРСКИТЕ ТУРИСТИ**

Верските туристи се група што не е хомогена. Еден дел од нив посетите на верските дестинации ги сметаат за поклоничко патување од верски и молитвени причини, каде што практикувањето на верата и верските обреди се пресудната и доминантна причина за посета. Втората група се верските туристи, кај кои верската причина не е доминантна, туку таа е поделена со другите туристички, културни и едукативни причини, а во одредени случаи верската причина може и да не постои.

Ваквата поделеност е значајна и треба да се има предвид поради целокупното остварување на целите на стратегијата. Развојот на верскиот туризам треба да ги задоволи потребите и очекувањата на сите граѓани, а оттаму и на сите верски туристи.

### ТРЕНД 6: **РАЗВОЈ НА ПАТУВАЧКОТО ИСКУСТВО**

Во денешни услови македонската држава е поврзана со огромен број држави од светот со директни или индиректни летови и други воспоставени возни линии. Субвенционирањето на летовите, кое им овозможи на луѓето патување по ниски цени, како и големиот број наши граѓани што се на времена работа во странство, овозможи многу наши граѓани да стекнат продлабочени патувачки искуства. Ова е особено присутно кај странците што ја посетуваат нашата татковина поради туризам или од други причини.

Овој тренд е значаен затоа што кога човекот има развиено патувачко искуство; тој има можности за споредување, како и повисоки очекувања и критериуми, што пак, упатува на тоа дека развојот на верскиот туризам треба да ги следи ваквите трендови и да овозможува услови споредливи на светско ниво.

### ТРЕНД 7: **ПОТРЕБА ОД СОВРЕМЕНИ ВПЕЧАТОЦИ**

Во време на социјални медиуми, глобализација, влијанија од други култури и експресно ширење на популарните трендови низ светот, човекот има присутна потреба од добивање современ впечаток кога посетува одредена дестинација. Иако во наш контекст посетата најчесто е на културно наследство, туристот сака да види брендирање, детализирање, уреденост на дестинацијата, која ќе му предизвика позитивно чувство.

Овој тренд е во пораст, па посетителите почесто поради тоа дестинациите ги гледаат преку екранот на својот паметен телефон, наместо директно со свои очи, концентрирани на важноста на она што го гледаат.

### ТРЕНД 8: **ПОВРШНОСТ НА МЕДИУМИТЕ**

Информациите патуваат со огромна брзина. Сите настани се инстантно пренесени. Но, забележителна и присутна е тенденцијата кај медиумите од површност во содржините и, практично, многу малку одвоено време за културата, традицијата, културното наследство, верските дестинации. Медиумите се презафатени со теми од политиката и од црната хроника, тие на граѓаните им сервираат многу вакви вести, но премалку такви што поединецот го едуцираат, му будат интереси, како и желба за посета на локалитети.

### ТРЕНД 9: **ПОТЕНЦИЈАЛНИ ЕМИТИВНИ ПАЗАРИ**

Емитивниот простор е простор од каде што доаѓаат туристите. Од овој простор започнува и завршува туристичкиот процес. Во последните години статис-

тичките податоци за емитивниот простор туристи ни покажуваат дека, од првите десет држави, најголем број туристи доаѓаат од Турција, како и од првите соседи – Србија, Грција, Бугарија, а потоа следуваат туристи од Полска, Германија, Холандија, Албанија, Хрватска и Косово. Наведените десет држави во вкупната маса туристи и ноќевања за 2019 година учествуваат со над 60%. За време на туристичкиот престој значителен број од туристите го тангираат верскиот туризам, односно посетуваат христијански верски објекти (цркви, манастири, катедрали и др.) и муслимански верски објекти (џамии, теќиња и др.), а туристите од Израел (на 15-тото место во листата за 2019 година, со 12.436 туристи, 37.180 ноќевања, со просек од три дена престој), ги посетуваат еврејските верски објекти (синагогата во Скопје, разни спомен-обележја, Музејот на холокаустот и др.).

Современата глобализација на туристичката индустрија овозможува зголемување на бројот на туристи и од најоддалечените емитивни пазари (Кина, Јапонија, САД, Канада, Австралија и други), особено на туристи од САД, Канада и од Австралија – каде што има голема македонска дијаспора, која често престојува во Македонија и, притоа, ги посетува и верските објекти.

Според ова, може да акцентираме дека сите погоренаведени емитивни пазари се објективна реалност и сериозен потенцијал за развој на верскиот туризам во нашата држава.

## ВАЖНИ АСПЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ

### ПРЕДИЗВИК: **ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ НА ДЕСТИНАЦИИТЕ**

Верскиот туризам можеме да го развиваме преку остварување повеќе цели. Првата е подобрување на условите во кои се наоѓаат дестинациите. Уреденоста на просторот, особено екстериерната уреденост, партерното уредување, овозможувањето осветлување, електрично напојување, водоснабдување, паркинг-простор, дополнителни понуди, развој на внатрешна активност итн. ги привлекуваат посетителите. Впечатокот за повеќето дестинации на верскиот туризам е дека имаме забележливо нецелосно искористување на потенцијалите, кои се огромни, односно има потреба од подобрување на впечатокот преку подобрување на условите.

## НЕДОВОЛЕН МОТИВ И СВЕСНОСТ ЗА РАЗВОЈ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ

Во досегашната Национална стратегија за развој на туризмот не е посветено големо внимание на верскиот туризам. Во политиките што биле преземани, многу мерки имале индиректно позитивно влијание, но не била преземена институционална активност на детектирање на состојбите, поставување на целите и предвидување мерки за нивно постигнување, што е цел на оваа прва ***Стратегија за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири***.

Кај верските заедници постои недоволен мотив и свесност за развој на потенцијалите. Процесот на подобрување на условите се случува спонтано и парцијално. Верските дестинации не се третираат и како туристички дестинации, што подразбира мултиперспективен приод, поширок ангажман и утврдување пошироки цели. Одредени дестинации се истакнуваат и како туристички, но генералната слика е поразлична.

## СОСТОЈБА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Културното наследство е значаен предизвик за секоја држава, а особено за државите како нашата, во кои има многубројно и значајно културно наследство. Во нашиот заштитен систем се третираат многубројни древни манастири, цркви, конаци, ранохристијански базилики, археолошки пронајдоци, џамии и друго османлиско наследство. Државите што посветуваат големо внимание на културното наследство и онаму каде што е тоа заштитено, конзервирано, соодветно промовирано и презентирано, се истакнуваат со поголеми можности за развој на верскиот туризам. На пример, нашиот бисер „Св. Георгиј“ од Курбиново, потекнува од XII век, а најпосетената базилика „Св. Петар“ во Ватикан од XVI век. Но, состојбата на културното наследство, заедно со успешноста на презентацијата и промоцијата, ги издигнува ваквите потенцијали, ги прави светски видливи и примамливи за посета.

Во 2019 година во листата на УНЕСКО регистрирано е 1121 светско наследство, од кои 869 локалитети се заштитени како културно наследство, 213 предели како природно наследство и 39 локалитети како комбинирано или мешано наследство: локалитети со двојна заштита – природно и културно наследство. Исто така, регистрирани се 53 локалитети што се избришани од светската листа (од кои 36 природни и 17 културни).

Од РС Македонија има само еден локалитет – Охридскиот Регион, кој во 1979 година е впишан во Списокот на светско наследство врз основа на својство на природно наследство, според критериумот (iii) за суперлативни природни фено-

мени, што денес е критериум (vii), и на културните критериуми (i), (iii) и (iv), и станува едно од првите мешани својства на светско наследство (комбинирано природно и културно наследство). Меѓутоа, во 2017 година, поради неконтролирани фактори *(непостоење систем за управување, брзи урбани градби и диви градби, несоодветна инфраструктура, неконтролирано уништување на природните убавини и животната средина, загадување на водата и друго)*, Охридскиот Регион е доведен до опасно загрозување и, доколку не бидат исполнети препораките од УНЕСКО во дадените временски рокови, може да биде ставен на Листата на светско наследство во опасност.

Во светската листа на нематеријално културно наследство на УНЕСКО од РС Македонија се впишани пет нематеријални културни наследства:

▸**ОБИЧАЈОТ „ЧЕТРСЕ“** ОД ШТИП (ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИКОТ СВ. 40 МАЧЕНИЦИ – МЛАДЕНЦИ, НА ШТИПСКАТА ТВРДИНА ИСАР), ВПИШАН ВО ЛИСТАТА ВО 2013 ГОДИНА;

▸**ОРОТО „КОПАЧКА“**, КОЕ СЕ ИГРА ВО СЕЛО ДРАМЧЕ, ПИЈАНЕЦ, ВПИШАН ВО ЛИСТАТА ВО 2014 ГОДИНА;

▸**„ГЛАСОЕЧКО“**, МАШКО ДВОГЛАСНО ПЕЕЊЕ ВО ДОЛНИ ПОЛОГ, ВПИШАНО ВО ЛИСТАТА ВО 2015 ГОДИНА;

▸„**ХИДРЕЛЕЗ“**, СЛАВЕЊЕ НА ПРОЛЕТТА, ОБИЧАЈ ШТО СЕ ПРАКТИКУВА ВО МАКЕДОНИЈА И ВО ТУРЦИЈА, СТАВЕН ВО ЛИСТАТА ВО 2017 ГОДИНА;

▸**ОБИЧАЈОТ СО МАРТИНКИТЕ,** ОБИЧАЈ ШТО СЕ ПРАКТИКУВА ВО МАКЕДОНИЈА, БУГАРИЈА, РОМАНИЈА И ВО МОЛДАВИЈА, СТАВЕН ВО ЛИСТАТА ВО 2017 ГОДИНА.

Од РС Македонија на листата на чекање (тентативна листа) се наоѓаат пет локалитети:

▸„**МАРКОВИ КУЛИ“**, СТАВЕНИ НА ЛИСТАТА ВО 2004 ГОДИНА;

▸**ПЕШТЕРАТА „СЛАТИНСКИ ИЗВОР“**, СТАВЕНА ВО ЛИСТАТА ВО 2004 ГОДИНА;

▸**АРХЕО-АСТОНОМСКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „КОКИНО“,** СТАВЕН ВО ЛИСТАТА 2009 ГОДИНА;

▸**БУКОВАТА ШУМА НАРЕЧЕНА „ДЛАБОКА РЕКА“**, ДЕЛ ОД НП „МАВРОВО“, НОМИНИРАНА ВО 2019 ГОДИНА;

▸**ЦРКВАТА „СВ. ЃОРЃИ“ ВО СЕЛО КУРБИНОВО**, ПРЕСПА, НОМИНИРАНА ВО 2020 ГОДИНА.

Според Националната организација за заштита на природните реткости и споменици, во РС Македонија постојат 11.200 објекти регистрирани како неподвижно културно наследство; 4485 археолошки места; 1726 цркви и манастири (со преку 150.000 квадратни метри фреско-живопис); 1213 објекти од старата градска и селска архитектура, 47 кули, тврдини и мостови, 1026 споменици и спомен-обележја, 126 објекти од исламската архитектура, 24 чаршии и други историски, урбанистичко-архитектонски целини, 32 стопански објекти и повеќе други видови објекти и 5328 недвижности, како и над 500.000 музејски реликти. Од Списокот на заштитени културни споменици, вкупно 1206, издвојуваме 250 заштитени верски споменични објекти (цркви, манастири, џамии, теќиња, катедрали и ранохристијански базилики).

Во РС Македонија секоја година се одбележува 18 април – Меѓународниот ден на споменици и локалитети. Во РС Македонија во сите градски музеи има одредени верски артефакти. Посебни музејски и галериски поставки со значајни верски артефакти – особено со икони, има во сите поголеми градски музеи (Скопје, Охрид, Битола, Прилеп, Тетово, Штип, Куманово, Струмица, Струга и др.). Целта на галериите на икони е да се презентира повеќевековната сликарска активност во нашите цркви и манастири.

- Галеријата на икони во Охрид е сместена е во музејскиот комплекс на црквата „Св. Богородица Перивлепта". Располага со голем број икони од различни временски периоди, од XI до XIX век.

- Галеријата на икони во Тетово се наоѓа во црквата „Св. Кирил и Методиј". Содржи 111 икони и една слика на платно.

- Галериите на икони во Штип се наоѓаат во црквата „Св. Никола" и во црквата „Св. Упение на Пресвета Богородица" во Ново Село.

- Галерија на икони е постојана поставка во НУ Завод и галерија – Битола.

- Галеријата на икони при НУ „Завод и музеј" – Прилеп располага со 66 икони од XII до XIX век.

- Галеријата на икони во Куманово е сместена во црквата „Св. Никола" и располага со икони од XIV до XIX век.

- Галеријата на икони во Струга е сместена во црквата „Св. Ѓорѓија" и располага со 39 икони од XVI до XIX век.

- Галеријата на икони во Скопје, во Музејот на Град Скопје и во Музејот на Македонија, има колекција од 400 икони, кои потекнуваат од XIV до средината на XX век.

- Галеријата на икони во црквата „Св. Петнаесет тивериополски маченици" во Струмица располага со 94 предмети (од кои 67 икони од XV до XX век, потоа царски двери, обредни предмети, плаштеница, 10 црковно-богослужбени книги, метални чинии, свеќник, 4 кандила, 3 кадилници, крстови, манели и др.). За галеријата се грижи НУ „Завод и музеј" – Струмица.

- Галеријата на икони во Бигорскиот манастир содржи околу 70 икони од XII до XIX век.

- Галерија на икони има и црквата „Св. Петка" во село Маловишта.

- Галерија на икони има во црквата „Св. Димитриј" во село Зрновци, која содржи 65 икони, итн.

Над двемилениумското постоење на христијанството на почвата на Македонија говори за потребата од формирање музеј на Охридската архиепископија, возобновена како Македонска православна црква – Охридска архиепископија. Музејот би можело да биде лоциран во Охрид, во „Светиклиментовиот универзитет", каде што би можело да бидат сместени голем број икони од најстариот период и различни вредни црковни артефакти.

## ОДНОСОТ НА ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КОН ДЕСТИНАЦИИТЕ И КОН ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ

Односот што црквите и верските заедници го имаат кон верскиот туризам е, секако, многу важен аспект кога зборуваме за развојот на верскиот туризам. Како сопственици на дестинациите, имаат неоспорно право да управуваат со овие места по нивно сопствено убедување, креирајќи сопствени планови во кои можеби догледната иднина на овие локации не е на линија со искористувањето на потенцијалите за развој на верскиот туризам. Некаде се видливи многу обиди, повеќето успешни, ваквите верски места да бидат привлечни за верските туристи. Некаде, пак, верските заедници одлучуваат местата да бидат затворени, без третирање на прашањето на посета на туристите, односно приспособени за посетителите што имаат потреба од верски обреди или затворени само за внатрешната заедница.

Државата и сите граѓани и организации мораат да го почитуваат ставот на сопственикот за начинот на стопанисување со дестинациите. Државата, онаму каде што има заемен интерес, преку надлежните институции може да развива облици на  консултативна соработка во насока на засилување на свеста од значењето на развојот на верскиот туризам и придобивките од него.

## БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕСТИНАЦИИТЕ И ФАКТОРИ НА РИЗИК

Безбедноста е пресудно важна во сите дестинации, со цел нивно задржување и унапредување на бројот на посетителите. Кога зборуваме за безбедноста, мора да ги дефинираме факторите на ризик. Такви се опасноста од пожари, поплави, други елементарни непогоди,  кражби, тероризам, разбојништва и други негативни појави.

Сите фактори на ризик мора да бидат следени и третирани за да бидат одржувани на минимално прифатливо ниво, кое би значело дека веројатноста од случување на несаканата штета е многу ниска.

При проверката на факторите на ризик дојдовме до следните податоци:

## ПРАШАЛНИК ЗА БЕЗБЕДНОСТА ВО АКТИВНИТЕ МАНАСТИРИ

| Ред. Бр. | Име на објектот | Систем за ПП заштита | ПП уреди | Нова инсталација на струја | Кражба во последните 10 г. | Обезбедување | Видео надзор | Полициско обезбедување Да/ Не Кога | | Одреден дел од денот затворено за посети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БРЕГАЛНИЧКА ЕПАРХИЈА | | | | | | | | | | |
| 1 | Лесновски | Не | Да | Да | Не | Не | Не | Да | манастирска слава | Не |
| 2 | Свети Спиридон | Не | Да | Да | Не | Не | Не | Да | манастирска слава | Не |
| 3 | Св. Пантелејмон | Не | Не | Да | Да | Не | Не | Да | манастирска слава | Не |
| 4 | Источен петок | Не | Не | Да | Да | Да | Не | Да | манастирска слава | Не |
| | | | | | | | | | | |
| ПОВАРДАРСКА ЕПАРХИЈА | | | | | | | | | | |
| 1 | Согле | Да | Да | Да | Не | Не | Не | Не | | Не |
| 2 | Полошки | Не | Да | Да | Не | Не | Не | Да | манастирска слава | Не |
| | | | | | | | | | | |
| СТРУМИЧКА ЕПАРХИЈА | | | | | | | | | | |
| 1 | Берово женски | Да | Да | Не | Да | Не | Да | Не | | Не |
| 2 | Берово - машки | Не | Да | Да | Да | Не | Да | Да | манастирска слава | Не |
| 3 | Хамзали | Не | Не | Да | Да | Не | Не | Да | 1 мај | Да |
| 4 | Дојран | Не | Не | Да | Не | Не | Да | Не | само за делегации | Да |
| 5 | Вељуса | | | | | | | | | |
| 6 | Водоча | | | | | | | | | |
| 7 | Ново село | | | | | | | | | |
| 8 | Банско | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| ДЕБАРСКО- КИЧЕВСКА ЕПАРХИЈА | | | | | | | | | | |
| 1 | Св. Наум Охридски | Не | Да | Да | Не | Да | Да | Да | манастирски слави | Не |
| 2 | Бигорски манастир | Да | Да | Да | Не | Да | Да | Да | манастирски празници и слави | Не |
| 3 | Раички манастир | Не | Да | | Не | Да | Да | Не | Јубилеј 1000 години | Не |
| 4 | Рожденство Христово | Не | Не | Да | Да | Не | Да | Да | манстирска слава | Да |
| 5 | Си Свети-о. Вартоломеј | | | | | | | | | |
| 6 | Св. Георгиј | Не | Да | Да | Не | Не | Не | Не | | Не |
| 7 | Воведение Богородично-Пречиста | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Да | манастирски слави | Не |
| 8 | Перивлепта | Не | Не | Да | Не | Да | Да | Да | делегации и слава | Да |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПРЕСПАНСКО- ПЕЛАГОНИСКА ЕПАРХИЈА | | | | | | | | | |
| 1 | Св. Преображение | Да | Да | Да | Не | Да | Не | Да | манастирска слава | Не |
| 2 | Успение Богородично | Да | Да | Да | Не | Да | Да | Да | манастирска слава | Не |
| 3 | Св. Архангел Михаил | Да | Да | Да | Да | Да | Да | Да | манастирска слава | Не |
| 4 | Св. Никола | Да | Да | Да | Не | Не | Да | Не | | |
| 5 | Свети Петар | Не | Да | Да | Не | Да | Не | Не | | |
| 6 | Св. Јован Крстител | Не | Да | Да | Не | Да | Да | Да | манастирска слава | Да |
| 7 | Св. Атанасиј Велики | Не | Не | Да | Не | Да | Да | Да | манастирска слава | Да |
| 8 | Успение Богородично | Не | Да | Не | Не | Не | Не | Да | манастирска слава | Не |
| | | | | | | | | | |
| СКОПСКА ЕПАРХИЈА | | | | | | | | | |
| 1 | Св. Димитриј- Марков манастир | Не | Да | Да | Да | Не | Да | Да | 1 Мај и манастирска слава | Не |
| 2 | Успение Богородично-Матка | Не | Да | Да | Да | Не | Да | Да | манастирски слави | Не |
| 3 | Св. Никола-Љубанци | Не | Да | Не | Да | Не | Не | Да | редовни патроли | Не |
| 4 | Св. Пантелејмон- Нерези | Не | Не | Да | Да | Да | Не | Да | редовни патроли | Не |
| 5 | Св. Архангели-Кучевиште | Не | Да | Да | Да | Не | Да | Да | манастирски слави | Не |
| 6 | Ставропигијален манастир-Калишта | Да | Да | | Да | | Да | Да | не знае отецот кога | Не |
| 7 | Ставропигијален манастир-Беровско | Не | Да | Да | Да | Не | Не | Не | | Да |
| ТЕТОВСКО- ГОСТИВАРСКА ЕПАРХИЈА | | | | | | | | | |
| 1 | Лешочки манастир | Да | Да | Да | Да | Не | Да | Да | манастирска слава и поголеми празници | Не |
| КУМАНОВСКО- ОСОГОВСКА ЕПАРХИЈА | | | | | | | | | |
| 1 | Осоговски манастир | Да | Да | Да | Не | Да | Да | Да | манастирска слава | Не |
| 2 | Св. Георгиј | Да | Да | Да | Не | Да | Да | Не | | Не |
| 3 | Пресвета Троица | Да | Да | Да | Не | Да | Да | Не | | Не |

## АНГАЖМАН НА ТУРИСТИЧКИТЕ АГЕНЦИИ

Ангажманот на туристичките агенции е од големо значење за развојот на туризмот. Во нашата држава македонските агенции најчесто им нудат понуди на нашите државјани за регионот и за светот и во овие понуди можат да се сретнат и понуди од верски карактер. Тука посебно се издвојуваат посетите на поклоничките места, како манастирот Острог во Црна Гора, Метеори во Грција и слично, за кои постојат редовни понуди кај нашите агенции. Нашите агенции многу малку внимание посветуваат на нудење на внатрешни посети, кои во фокусот би го имале и верскиот туризам во државата. Понудата е недоволна и кон домашните и кон странските туристи. Понудите на туристичките агенции се важни, затоа што тие им нудат на потенцијалните посетители пакет-аранжмани што се примамливи за нив, поради тоа што во нив се инкорпорирани неколку различни елементи кои таквата понуда ја прават комплетно задоволувачка за потребите на туристот.

## ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ И МЛАДИТЕ

Зошто е важен овој аспект ?

Затоа што младите не се постојана категорија: тие со текот на времето добиваат деловна способност, основаат семејства, придонесуваат на различен начин во општественото живеење. Тоа што денес младите го сметаат за атрактивно и привлечно, во иднина ќе се менува. Но, тоа што младите ќе го развијат на ниво на табу денес, потешко ќе се менува во иднина. Младите е полезно да си ја знаат татковината и сите нејзини убавини. Образовниот систем треба да инкорпорира и едукативна нишка, која ќе ги заинтригира младите да ги запознаваат и верските дестинации што опстојуваат со векови и носат со себе значајни национални приказни и сведоштва.

Кога зборуваме за младите како туристи од странство, за нив е прифатлив широк спектар активности и посети. Генерално, зависно од посетата на друг туристички предел, тие дополнително ги посетуваат и нашите верски дестинации. Засилувањето на интересот на младите странски туристи за нашиот верски туризам исто така треба да се развива преку повеќе промотивни алатки.

## ПРОМОЦИЈА НА ДЕСТИНАЦИИТЕ

Во светот има многу убави дестинации, најголем дел од нив се светски добро познати. Но, во светот има дестинации што по својата историска и уметничка вредност, како и по автентичната уникатност, се можеби и највредни, но за нив помалку или воопшто не се знае поради недоволната промоција. Истово важи и за регионите, па и за внатрешните дестинации во која било држава. Промоцијата ги прави видливи потенцијалите, ги примамува посетителите, ја развива дестинацијата. Оттаму, многу значајно е да постои однапред добро осмислена, постојана и одржлива промоција на потенцијалите со кои се располага.

## ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА АКТИВНИТЕ МАНАСТИРИ

Македонските активни манастири создаваат автентична национална култура, сведочат за разни времиња и се живи чувари на древното предание на православната црква. Манастирите со возобновен монашки живот се собиралишта на многу граѓани што се или не се верски определени, но и на верските туристи. Манастирите развиваат дополнителна понуда и организираат настани што привлекуваат многу посетители. Заживувањето на многу древни манастири со македонски монаси по подолг временски период е процес што се покажа како најкорисен во поглед на возобновувањето и подобрувањето на самите светилишта, кои, иако со вистинска вредност, беа оставени да тонат.

Манастирите се соочуваат со многу предизвици и тешкотии. Во регионалната анализа особено е направен осврт на активните манастири. Последниве децении се возобновија многу манастири со еден или со неколку монаси. Искуствата кажуваат дека, за да биде возобновен, а понатаму и да опстои еден манастир, потребно е нему да му се овозможат соодветни услови. Финансирањето на епархиите под чија јурисдикција се манастирите зависи од вкупните прилози на луѓето, па манастирите во кризни години не можат да очекуваат голема поддршка ниту од граѓаните ниту од самите епархии. Во многу случаи манастирските заедници имаат недостиг на средства за обезбедување на основните услови, како огрев, неопходни интервенции и слично.

Имајќи предвид дека функционирањето на активните манастири е од јавен и национален интерес, бидејќи манастирите се места што создаваат трајни културни вредности и се автентичен белег на нашата културна туристичка понуда, како и места каде што се остваруваат верските слободи и права на луѓето, државата преку институциите мора да го поддржи функционирањето на манастирските заедници за да овозможи стабилни услови за нивно опстојување и натамошен развој. Споредено со државите од регионот, ова е практика што дала добри резултати. Со тоа би се придонело и за оформување нови заедници преку издвојување од постојните, кога тие би имале извесност и сигурност во поддршката.

## ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ

Односот на единиците на локална самоуправа како административно- управни единици во државата кон верскиот туризам е многу значаен. Во анализата на постојната состојба, особено внимание е посветено на регионалното дефинирање на поетаблираните потенцијали за развој на верскиот туризам. Општините не се доволно заинтересирани плански да ги подобруваат условите за развој на верскиот туризам. Исто така, недоволно е присутна и соработката на општините со сопствениците на верските дестинации – црквите и верските заедници, на тема развој на верскиот туризам. Потребно е воспоставување постојана соработка на овој план, бидејќи тоа е во интерес на сите, особено за развојот на општината, рамномерниот развој, економијата.

## УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ, ЗНАЧЕЊЕТО НА ЕКОЛОШКИОТ АСПЕКТ

Управувањето со отпадот, со сите тешкотии што се јавуваат на тој план, како и ниското ниво на еколошка свесност, е детерминанта што е многу релевантна и важна за развојот на кој било вид туризам. Низ државата, на многу убави места каде што има голем потенцијал за развој на туризмот, имаме диви депонии и отпадоци од секаков вид. Ваквата слика штетно влијае на зголемувањето на бројот на посетителите на дестинациите во чија непосредна околина има загадување. Понатаму, значајно е да се подобри и собирањето и селекцијата на отпадот и неговото одложување на соодветно место во сите дестинации.

## ОЗНАКИ, ПАТНИ КАРТИ И МАРКАЦИИ НА ВЕРСКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ

Низ државата има сообраќајни патни знаци за културните споменици, како и патни ознаки за правецот на локациите. Ваквата мрежа треба да се одржува и да се развива, но и да се дополнува, бидејќи постојат многу дестинации што воопшто не се покриени со патна ознака.

Патна карта за дестинациите од верскиот туризам во моментов не е достапна и не е дистрибуирана во бесплатни примероци, но постои можност за лоцирање и навигација на посетителите преку интернет-апликациите.

# III. ВИЗИЈА И ЦЕЛИ

## ВИЗИЈА

Стратегијата за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири 2021–2026 е втемелена на силна визија за идна развиена и во многу сегменти унапредена состојба на верскиот туризам, кој е со сигурност еден од најсилните адути на македонскиот туризам.

Имено, државата ги почитува верските вредности и традиции, како и историски значајни достречи, кои со векови создавале автентична македонска култура. Многуте споменици на културата, кои се сакрално културно наследство, но и возобновените манастири, каде што монашките заедници сѐ уште чуваат автентично, повеќемилениумско предание, се трага на нашата посебност и светска вредност, но и можности и широки потенцијали за развој, презентација и промоција дома и во светот.

Токму затоа, оваа прва Стратегија за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири е пионерски чекор во системски посветеното и севкупно подобрување на состојбите и искористување на потенцијалите. Стратегијата има инкорпорирано реално остварливи цели, избегнувајќи ги сите што, поради очекувани објективни фактори и околности, би биле незадоволително реализирани.

Преку оваа Стратегија, државата ја изложува својата визија низ годините да создаде постојана средина во која дестинациите и локациите на верскиот туризам ќе се унапредуваат инфраструктурно, екстериерно и ентериерно, функционално, верски, безбедносно и туристички. Манастирските заедници ќе творат безгрижни за своето опстојување, ќе се овозможи систем на постојано следење на програмите на ресорните министерства и на другите институции преку чии проекти се води сметка за зачувување на културното наследство или на регионал-

ниот развој, а преку кои директно се развива верскиот туризам. Македонскиот верски туризам ќе биде, пред сè, препознаен и практикуван од нашите граѓани, а потоа добро презентиран и во регионот и пошироко во состав на нашата вкупна национална туристичка понуда. Верските заедници, локалните и централните институции и локалните жители ќе имаат повисока свест за дестинациите, нивното чување и унапредување.

## ЦЕЛИ

Стратегијата го поставува остварувањето на следните три стратегиски цели:

- ПОДОБРУВАЊЕ НА ИСКОРИСТЕНОСТА НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ И УСЛОВИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ.

Постојната состојба упатува на потреба од зголемување на искористеноста на потенцијалите, но и подобрување на условите за развој на верскиот туризам, па оттаму тоа произлегува како прва стратегиска цел, бидејќи без целосно посветување во подобрувањето на дестинациите и на придружните аспекти, не можеме да очекуваме развој на верскиот туризам. Во акцискиот план се предвидени повеќе мерки за остварување на оваа стратегиска цел.

- ПОДОБРУВАЊЕ НА ДОМАШНАТА И НА МЕЃУНАРОДНАТА ПРОМОЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕРСКИ ТУРИЗАМ.

Оваа стратегиска цел во акцискиот план е предвидено да се оствари преку повеќе мерки што се од областа на промоцијата и презентацијата. Имајќи ги предвид спецификите на времето во кое живееме, промоцијата е важна суштествена работа за привлекувањето посетители и зголемувањето јавниот интерес. Оттаму, значајно ќе биде да се подобри националната и регионалната промоција на македонскиот верски туризам.

- ПОДОБРУВАЊЕ НА АНГАЖИРАНОСТА И НА СВЕСНОСТА ЗА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ДЕСТИНАЦИИТЕ, ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И МЕСНОТО НАСЕЛЕНИЕ.

Развојниот процес вклучува и потреба од подобрување на ангажманот на повеќе релевантни чинители во оваа материја, нивната свесност за дестинациите и за иницијативноста. Ова подразбира посветеност на сите субјекти што имаат интерес за развој на верскиот туризам (верските заедници, локалното население, локалната општинска заедница, туристичко-угостителскиот сектор и други).

# ПРИЛОЗИ

## I. АКЦИСКИ ПЛАН
## ЗА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ И ПОДДРШКА НА АКТИВНИТЕ МАНАСТИРИ 2022-2026 ГОДИНА

### 1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ИСКОРИСТЕНОСТА НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ И УСЛОВИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ

| МЕРКА | АКТИВНОСТ | ОДГОВОРЕН ОРГАН | ДРУГИ КОНСУЛ–ТИРАНИ ОРГАНИ | ПОЧЕТОК КВАРТАЛ | КРАЈ-ИЗВРШУВА-ЊЕ КВАРТАЛ | ПРОЦЕНКА НА СРЕДСТВА | ИЗВОР НА ФИНАНСИ-РАЊЕ | ИНДИКАТОР | РИЗИЦИ | НИВО НА РИЗИК | ИДЕНТИФИКУВАНИ РЕШЕНИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Усвојување и реализација на програма за поддршка на проекти на верските заедници | 1. Усвојување програма за поддршка на проектите на верските заедници | Комисија за односи со верските заедници и религиозните групи | МК<br>УЗКН<br>АППТ | 1квартал 2022 година | 4 квартал 2022 година | Не се потребни | / | Број на реализирани проекти | Неодобрување на финансиски средства | средно | Зголемена искористеност на потенцијалите и развој на дестинациите од верскиот туризам |
| | 2.Презентација и обука за користење на средствата за реализација на проектите наменети за верските заедници | | | | | | | | | | |
| | 3. Реализација на програмата за поддршка на проектите на верските заедници | | | 2квартал 2023 година | 3 квартал 2026 година | 30.000.000 денари годишно<br><br>120.000.000 денари вкупно за времетраењето на стратегијата | Буџет на РС Македонија | | | | |
| 2. Следење на реализацијата на проекти од програмите за регионален и рурален развој, како и прекугранична соработка кои имаат влијание врз подобрувањето на дестинациите | Годишен извештај од Министерството за локална самоуправа за реализираните проекти кои имаат влијание врз развој на верските дестинации и верскиот туризам | Министерство за локална самоуправа;<br>Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи | БРР<br>ПР<br>АДП<br>АФПЗРР<br>ЈПДП | 1квартал 2022 година | 3 квартал 2026 година | Не се потребни | / | Прецизни информации за сите реализирани проекти од државата кои придонесуваат за развој на дестинациите на верскиот туризам | Недоволна меѓуинституционална соработка | средно | Сеопфатно следење на развојот на дестинациите |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Дигитална алатка за следење на состојбата на заштитеното сакрално културно наследство | 1.Меѓуинституционална работна група за дефинирање на опфатот на дигиталната алатка | Управа за заштита на културното наследство, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи | МК<br>НКИЕОРКМС | 2 квартал 2022 година | 3 квартал 2022 година | Не се потребни | / | Дефинирање на план за опфатот и целите на дигиталната платформа | Недоволна меѓуинституционална соработка | Ниско | Креирање на алатка која ќе има соодветни цели и опфат |
| | 2. Набавка на дигиталната платформа | Управа за заштита на културното наследство | МК<br>ЗИК<br>КОВЗРГ | 1 квартал 2024 година | 3 квартал 2024 година | 300.000 денари | Буџет на РС Македонија | Набавка на дигитална платформа | Неспроведување на соодветна постапка, одолговлекување на постапката | средно | Системско и дигитализирано следење на состојбата на верското културно наследство од територијата на целата држава |
| | 3. Зајакнување на институционалните капацитети за сакрално културно наследство во УЗКН | | | | | Не се потребни | / | Обучување кадри за дефиниран опфат за сакрално културно наследство | Несоодветен кадар | ниско | Формирање на соодветен тим кој ќе овозможи квалитетно изработување и ставање во функција на дигиталната алатка |
| 4. Решение за Галерија со икони во Скопје | 1. Работна група за изнаоѓање на трајно решение за галеријата со икони | Министерство за култура | КОВЗРГ<br>УЗКН<br>НУММ<br>МПЦ-ОА | 1 квартал 2022 година | 3 квартал 2022 година | Не се потребни | / | Конечно решение за формирање на соодветна галерија со икони во Скопје | Одолговлекување на процесот, формирање на несоодветна изложбена поставка | средно | Формирање на адекватна галерија со икони за достојно презентирање на нашето вредно наследство |
| 5. Изработка на детална верска карта на РС Македонија | 1. Изработка на детална верска карта на државата | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) | АКН<br>УЗКН | 1 квартал 2022 година | 3 квартал 2022 година | Не се потребни | / | Изработка на детална верска карта која ќе биде достапна и во печатено и во дигитално онлајн издание | Недоволно информации за сите верски објекти во државата | ниско | Здобивање со база на податоци за сите верски објекти на територија на државата |
| | 2. Публикување на верската карта на државата | | | 1 квартал 2023 година | 4 квартал 2023 година | 300.000 денари | Буџет на КОВЗРГ | | | | |
| | 3. Набавка и имплементација на дигитална верска карта | | | 2 квартал 2024 година | 4 квартал 2024 година | 450.000 денари | Буџет на РС Македонија | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. Усвојување и имплементација на Програма за подобрување на противпожарната безбедност и безбедносната заштита во дестинациите кои се заштитено значајно сакрално културно наследство | 1. Усвојување на Програмата за подобрување на противпожарната безбедност и безбедносната заштита во дестинациите кои се заштитено значајно сакрално културно наследство | Управа за заштита на културното наследство | ЗИК<br>КОВЗРГ<br>ЦУК<br>МК<br>ДЗС | 1квартал 2022 година | 2 квартал 2022 година | Не се потребни | / | Зајакнати системи за противпожарна и безбедносна заштита во заштитеното верско културно наследство | Недоволно одобрени средства, неодобрување од имателите на културното наследство | ниско | Противпожарно и безбедносно заштитување на дестинациите на верскиот туризам кои се вредно културно наследство |
| | 2. Презентација и обука за користење на средствата за реализација на проектите за подобрување на противпожарната безбедност и безбедносната заштита во дестинациите кои се заштитено значајно сакрално културно наследство | | | 3квартал 2022 година | 4 квартал 2022 година | Не се потребни | | | | | |
| | 3.Имплементација на програмата за подобрување на противпожарната безбедност и безбедносната заштита во дестинациите кои се заштитено значајно сакрално културно наследство | | | 1квартал 2023 година | 3 квартал 2026 година | 2.500.000 денари годишно<br><br>Вкупно за реализација на мерката во 4 годишниот период 10.000.000 денари | Буџет на РС Македонија | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. Усвојување и имплементација на Програма за годишна финансиска поддршка на активните манастири | 1. Изработка и усвојување на програма за финансиска поддршка на активните манастири | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) | | 1квартал 2022 година | 4 квартал 2022 година | Не се потребни | Буџет на РС Македонија | Поддржано функционирање на активните манастири | Недоволно одобрени средства од Буџетот на РС Македонија | Средно | Поддршка на функционирањето на активните манастири кои создаваат автентична култура преку вршењето на дејноста |
| | 2. Реализација на програмата за годишна финансиска поддршка на активните манастири | | | 1квартал 2023 година | 3 квартал 2026 година | 10.000.000 денари годишно<br><br>40.000.000 денари вкупно за реализација на мерката во 4 годишниот период | | | | | |
| 8. Усвојување и имплементација на програма за и поддршка на технолошки развој на манастирски стопанства | 1. Усвојување на програма | Фонд за иновации и технолошки развој | КОВЗРГ | 1 квартал 2022 година | 4 квартал 2022 година | Не се потребни | Буџет на РС Македонија | Поддршка на технолошки развој на манастирски стопанства | Незаинтере-сирани страни за користење на средствата и недоволно одобрени средства наменети за реазилација на активноста | средно | Поддршка на развојот на манастирските стопанства |
| | 2. Објавување на јавен повик | | | 1 квартал 2023 година | 4 квартал 2023 година | 5.000.000 денари годишно<br><br>20.000.000 денари вкупно за 4 годишен период | | | | | |
| | 3. Реализација на програмата | | | 1 квартал 2023 година | 3 квартал 2026 година | | | | | | |

## 2. СТРАТЕШКА ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ДОМАШНАТА И МЕЃУНАРОДНАТА ПРОМОЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕРСКИ ТУРИЗАМ

| МЕРКА | АКТИВНОСТ | ОДГОВОРЕН ОРГАН | ДРУГИ КОНСУЛТИРАНИ ОРГАНИ | ПОЧЕТОК КВАРТАЛ | КРАЈ-ИЗВРШУ-ВАЊЕ КВАРТАЛ | ПРОЦЕНКА НА СРЕДСТВА | ИЗВОР НА ФИНАНСИ-РАЊЕ | ИНДИКАТОР | РИЗИЦИ | НИВО НА РИЗИК | ИДЕНТИФИКУВАНИ РЕШЕНИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Кампања за национална и меѓународна промоција на македонскиот верски туризам „Под македонското небо“ | 1. Усвојување на план за 5 годишна промоција на верскиот туризам | Агенција за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) | МРТВ<br>ПР<br>КОВЗРГ<br>МК<br>МНР<br>ЦУ<br>АВМУ | 1 квартал 2022 година | 3 квартал 2022 година | Не се потребни | / | Усвоен сеопфатен план за промоција во следниот 5 годишен период | Одолговлекување на усвојувањето на планот за 5 годишна промоција на верскиот туризам | ниско | Реализирање сеопфатна кампања за промоција на верскиот туризам во државата и надвор |
| | 2.Подготовка и создавање на промотивен материјал | | | 1 квартал 2023 година | 3 квартал 2023 година | 500.000 денари | Буџет на РС Македонија | Создаден и дистрибуиран промотивен материјал | Недоволно средства | средно | |
| | 3.Снимање видео спот за националната понуда од верскиот туризам | | | 3 квартал 2023 година | 4 квартал 2023 година | 600.000 денари | Буџет на РС Македонија | Прикажување на видео спот за промоција на верскиот туризам | Недоволно средства | средно | |
| 2. Меѓународно претставување на понудата на македонскиот верски туризам во 3 главни градови во регионот | 1. Работна група за изработка на план за меѓународно претставување | Агенција за промоција и поддршка на туризмот | КОВЗРГ<br>МК<br>МНР<br>УЗКН | 1 квартал 2022 година | 4 квартал 2022 година | Не се потребни | / | Изработен план за меѓународните претставувања | Недоволна ангажираност на сите институции | ниско | Успешно планско претставување на понудата на македонскиот верски туризам во 3 главни градови од регионот од каде се очекува зголемување на интересот за посета на државата |
| | 2. Реализација на меѓународните претставувања | | | 4 квартал 2024 година | 4 квартал 2026 година | 1.000.000 денари за секоја година поединечно<br><br>3.000.000 денари вкупно за реализација | Буџет на РС Македонија | Реализација на претставувањата согласно планот | Недоволно средства | високо | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Промоција на верскиот туризам преку постоечките и преку нови информативни канцеларии | 1. Изработка на анализа на постоечките туристички информативни канцеларии низ државата и План за промоција на верскиот туризам преку истите | Агенција за промоција и поддршка на туризмот | ПР | 2 квартал 2022 година | 2 квартал 2023 година | Не се потребни | / | Постоење на релевантна анализа на сите туристички информативни канцеларии низ државата и план за промоција на верскиот туризам преку истите | Немање доволна соработка со општините и планските региони | ниско | Успешна промоција на верскиот туризам за домашни и странски туристи преку постоечките туристички информативни канцеларии и преку новоотворени |
| | 2. Утврдување на потребата од отворање на специјализирана канцеларија за туристичко информирање во Охрид | | | 2 квартал 2022 година | 2 квартал 2023 година | Не се потребни | / | Информација дали е потребно отворање на туристичка информативна канцеларија во Охрид како верско туристички центар и отворање на истата. | Немање идентичност на визиите со општина Охрид и други надлежни институции | ниско | |
| 4. Поставување на дигитални информативни табли на 12 верско-туристички локации за едукација и пренесување на информации за посетената локација но и сите други локации во околината | 1. Усогласување на оваа мерка со мерката 1 од 2 стратешка цел Подобрување на домашната и меѓународната промоција | Агенција за промоција и поддршка на туризмот | | 3 квартал 2023 година | 1 квартал 2024 година | Не се потребни | / | Усогласеност на мерките за подобрување на промоцијата | Недоволно финансиски средства | високо | Модернизација на начинот на презентирање и промовирање на културните и верските вредности на посетената локација и информирање за сите локации во близина |
| | 2. Работна група за дефинирање на план, локации, динамика и технички можности | АППТ, КОВЗРГ и УЗКН | | 1 квартал 2024 година | 2 квартал 2024 година | Не се потребни | / | Усвоен план за реализација на мерката | | | |
| | 3. Набавка на дигиталните информативни табли со софтвер и нивно соодветно поставување во соработка со сопствениците на локациите | Агенција за промоција и поддршка на туризмот | КОВЗРГ УЗКН | 3 квартал 2024 година | 2 квартал 2025 година | 1.500.000 денари | Буџет на РСМ | Набавена опрема за 12 локации соодветна на плановите | | | |
| | 4. Склучување на договори со сопствениците на локациите за одржувањето и употребата на дигиталните табли | Агенција за промоција и поддршка на туризмот | | 2 квартал 2025 година | 4 квартал 2025 година | Не се потребни | / | Овозможување на одржување и соодветна употреба и после ставањето во функција | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.Програма на културни настани во сакрални објекти кои се значајно културно наследство | Настапи на национални институции од областа на културата во сакарлани објекти кои се значајно културно наследство | Министерство за култура | КОВЗРГ АППТ | 2 квартал 2022 година | 4 квартал 2026 година | Дополни-телно ќе се прецизира | Министерство за култура | Усвоена програма на културни настани во сакрални објекти кои се значајно културно наследство, усогласена со годишната програма за Министерство за култура | Неквалитетна понуда на културни настани одржани во сакрални објекти кои се значајно културно наследство | средно | Реализација на врвни културни настани |
| 6. Подготовка на план за 5 рути како предлог за реализација на верски туризам | Дефинирање на 5 рути со можности кои ги нудат сакралните места | Агенција за промоција и поддршка на туризмот, КОВЗРГ | АППТ КОВЗРГ МПЦ-ОА ИВЗ КЦ | 1 квартал 2023 година | 3 квартал 2023 година | Не се потребни | | Усвоен план за промоција на 5 рути со можности кои ги нудат сакралните места | Недоволен број на верски објекти кои би требало да влезат во тематските рути | ниско | |
| 7. Подобрување на мрежата и квалитетот на патните ознаки кои водат до дестинациите | 1.Анализа на бројот, видот и состојбата со сите поставени патни ознаки кои насочуваат кон дестинациите и даваат дополителни информации. | Министерство за транспорт и врски, Агенција за промоција и поддршка на туризмот | АДП КОВЗРГ УЗКН | 1 квартал 2023 година | 4 квартал 2023 година | Не се потребни | / | Број на поставени знаци, заменети дотраени знаци, поставени нови знаци | Непотполна анализа, недоволно средства од редовниот буџет | средно | Квалитетна мрежа на патни ознаки за сите поважни дестинации од верскиот туризам, со цел полесно пристигнување на дестинациите |
| | 2. Поставување на нови патни ознаки, замена на оштетените | | | 1 квартал 2024 година | 4 квартал 2025 година | | | | | | |
| 8. Организација на Петтата Светска конференција за религиски и меѓуцивилизациски дијалог | 1. Формирање на координативно тело за организација на Петтата Светска конференција за религиски и меѓуцивилизациски дијалог | Министерство за култура и Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи | МНР ПРСМ | 1 квартал 2023 година | 4 квартал 2023 година | Не се потребни | | Успешна реализација на Петтата Светска конференција за религиски и меѓуцивилизациски дијалог | Неодржување на конференцијата заради продлабочување на епидемиолошката ситуација во земјата и светот | средно | Обновување на традицијата на организирање на Светската конференција за религиски и меѓуцивилизациски дијалог и промоција на државата во светот |
| | 2. Реализација на Петтата Светска конференција за религиски и меѓуцивилизациски дијалог | | | 1 квартал 2024година | 4 квартал 2024 година | 9.000.000 денари | Буџет на РСМ | | | | |

| 3. СТРАТЕШКА ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА АНГАЖИРАНОСТА И СВЕСНОСТА ЗА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ РУРИЗАМ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ДЕСТИНАЦИИТЕ, ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И МЕСНОТО НАСЕЛЕНИЕ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МЕРКА | АКТИВНОСТ | ОДГОВОРЕН ОРГАН | ДРУГИ КОНСУЛТИРАНИ ОРГАНИ | ПОЧЕТОК КВАРТАЛ | КРАЈ-ИЗВРШУ-ВАЊЕ КВАРТАЛ | ПРОЦЕНКА НА СРЕДСТВА | ИЗВОР НА ФИНАНСИ-РАЊЕ | ИНДИКАТОР | РИЗИЦИ | НИВО НА РИЗИК | ИДЕНТИФИКУВАНИ РЕШЕНИЈА |
| 1. Презентација на сите можности придобивки и цели од Првата стратегија за развој на верскиот туризам 2022-2026 година | Организирање настан за презентација со поднастани со различни потенцијално заинтересирани страни со цел препознавање на придобивките и можностите од акцискиот план и нивно целосно искористување | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи | НКИЕОРКМС<br>АППТ<br>УЗКН<br>МК | 2 квартал 2022 година | 4 квартал 2022 година | 300.000 денари | Буџет на РСМ | Успешно реализиран настан за презентација | Незаинтере-сираност од сите потенцијални групи на интерес | средно | Запознавање на сите групи на кои позитивните ефекти треба да се однесуваат за можностите, целите и придобивките. |
| 2. Работилници за подигање на свеста за значењето за развој на верскиот туризам во сите региони со надлежните институции | Работилници во сите плански региони со општините и раководствата на планските региони | Агенција за промоција и поддршка на туризмот, Министерство за локална самоуправа и КОВЗРГ | ПР<br>МЛС<br>БРР<br>АФПЗРР<br>КОВЗРГ<br>АППТ | 1 квартал 2023 година | 3 квартал 2023 година | 300.000 денари | Буџет на РСМ | Успешно спроведени работилници за зголемување на ангажманот кај планските региони за развој на верскиот туризам | Недоволна иницијативност и интерес кај повиканите институции | средно | Придонес кон развој на верскиот туризам од општините и планските региони |
| 3. Креативни работилници за манастирите и местата со висок потенцијал за развој на верски туризам | Креативни работилници за манастирите и местата со висок потенцијал со цел унапредување на понудата по советување со стручни лица | КОВЗРГ | МК<br>АППТ | 1 квартал 2022година | 4 квартал 2024 година | Не се потребни | / | Успешно спроведени креативни работилници кои ќе придонесат кон унапредувања на понудата од страна на манастирите и местата со виско потенцијал за развој на верскиот туризам | Недоволна иницијативност и интерес кај повиканите манастири и места со висок потенцијал за вклучување и реализација на идејата | средно | Придонес кон унапредување на квалитетна понуда за развој на верски туризам |
| 4. Мапирање човечки ресурси за верски туризам во АППТ | Формирање на тим посебно посветен на развој на верскиот туризам во АППТ | Агенција за промоција и поддршка на туризмот | | 2 квартал 2022 година | 4 квартал 2022 година | Не се потребни | / | Формиран тим кој ќе даде посебен придонес во реализацијата на мерките од оваа стратегија и ќе развие посебна експертиза за верскиот туризам | Немање соодветен работен кадар или доволно финансии | средно | Овозможување на соодветен експертски стручен тим за развој на верскиот туризам |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. Работилница со туристичките агенции и тур-операторите | Реализирање на деловна соработка во насока на зголемување на ангажманот на туристичките агенции за промовирање на македонскиот верски туризам | Агенција за поддршка и промоција на туризмот | | 2 квартал 2023 година | 2 квартал 2024 година | Не се потребни | / | Одржани работилници со туристичките агенции | Недоволно интерес кај туристичките агенции за верскиот туризам | средно | Туристичките агенции и тур-операторите да придонесуваат за промоција и посетенос на македонските верски туристички дестинации |
| 6. Детектирање на причините за појава на диви депонии околу дестинациите по региони | 1. Зголемени инспекциски надзори<br>2. Подигнување на свеста за екологијата | Министерство за животна средина и просторно планирање | ИС<br>ДИЖС<br>ДКИ<br>АППТ<br>КОВЗРГ | 2 квартал 2022 година | 4 квартал 2026 година | Не се потребни | / | Зачестени инспекциски надзори околу познатите дестинации со цел санкционирање на загадувачите и детектирање на причините. Кампања за подигнување на свеста за екологијата и организирање на еколошки акции | Немање доволна соработка помеѓу институциите, несоодветен начин на менаџирање со отпадот | средно | Активности за спречување на постоечките и создавање нови диви депонии околу дестинациите |
| 7. Организирање настава во природа во дестинациите кои се вредно сакрално културно наследство од страна на основните и средните училишта | 1. Задолжение за реализирање на настава во природа и екскурзии во значајните локалитети за регионот во кој живеат учениците<br>2. Годишен извештај за видот на посетите и посетените локации од учениците | Министерство за образование и наука, ЗЕЛС | АППТ<br>КОВЗРГ<br>УЗКН | 2 квартал 2022 година | 4 квартал 2026 година | Не се потребни | / | Реализирани едукативни посети на значајните локалитети | Одбегнување на културните споменици надвор од градовите | ниско | Овозможување на учениците запознавање со културното наследство и неговата вредност, поврзаноста со месната историја и значењето од почитување и зачувување на националното сакрално културно наследство |

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**КОВЗРГ -** Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи

**АППТ –** Агенција за промоција и поддршка на туризмот

**УЗКН –** Управа за заштита на културното наследство

**МК –** Министерство за култура

**АВМУ-** Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

**АДП –** Агенција за државни патишта

**АКН-** Агенција за катастар

**АФПЗРР-** Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и рурален развој

**БРР –** Биро за регионален развој

**ДИЖС-** Државен инспекторат за животна средина

**ДКИ-** Државен комунален инспекторат

**ИВЗ –** Исламска верска заедница

**ИС-** Инспекциски совет

**ЈПДП –** Јавно претпријатие за државни патишта

**КЦ –** Католичка црква

**МЖСПП-** Министерство за животна средина и просторно планирање

**МЛС –** Министерство за локална самоуправа

**МНР-** Министерство за надворешни работи

**МПЦ-ОА –** Македонска православна црква - Охридиска архиепископија

**НКИЕОРКМС-** Национален координатор за интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка

**НУАМРСМ-** НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје

**ПР-** Плански региони (Вардарски регион, Источен регион, Пелагониски регион, Југоисточен регион, Југозападен регион, Полошки регион, Скопски регион, Североисточен регион)

**ПРСМ-** Претседател на Република Северна Македонија

**ФИТР-** Фонд за иновации и технолошки развој

**ЦУ-** Царинска управа

**ЦУК-** Центар за управување со кризи

**МРТВ-** Македонска радио телевизија

**ДЗС-** Дирекција за заштита и спасување

**НУММ-** Музеј на Македонија

**ЗИК- Заштитни институции од културата** (НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Битола, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Охрид, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Прилеп, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Струмица, НУ Конзерваторски центар, Конзерваторски Центар- Гостивар, Национален конзерваторски центар- Скопје, НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби-Градско)

# II.

# ПРЕГЛЕД НА ДОПОЛНИТЕЛНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА „СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИОТ ТУРИЗАМ И ПОДДРШКА НА АКТИВНИТЕ МАНАСТИРИ 2022–2026 Г.“ ПО БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ

| 2023 год. | | |
|---|---|---|
| РЕД. БР. | ИНСТИТУЦИЈА | ВКУПНО ПОТРЕБНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА |
| I | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) | 40.300.000 денари |
| II | Фонд за иновации и технолошки развој | 5.000.000 денари |
| III | Агенција за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) | 2.900.000 денари |
| IV | Управа за заштита на културното наследство (УЗКН) | 2.500.000 денари |
| | **Вкупно:** | **50.700.000 денари** |

| 2024 ГОД. | | |
|---|---|---|
| РЕД. БР. | ИНСТИТУЦИЈА | ВКУПНО ПОТРЕБНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА |
| I | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) | 40.450.000 денари |
| II | Министерство за култура | 9.000.000 денари |
| III | Фонд за иновации и технолошки развој | 5.000.000 денари |
| IV | Управа за заштита на културното наследство (УЗКН) | 2.800.000 денари |
| V | Агенција за промоција и поддршка на туризмот (АПП) | 1.000.000 денари |
| | **Вкупно:** | **58.250.000 денари** |

| 2025 ГОД. | | |
|---|---|---|
| РЕД. БР. | ИНСТИТУЦИЈА | ВКУПНО ПОТРЕБНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА |
| I | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) | 40.000.000 денари |
| II | Фонд за иновации и технолошки развој | 5.000.000 денари |
| III | Управа за заштита на културното наследство (УЗКН) | 2.500.000 денари |
| IV | Агенција за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) | 1.000.000 денари |
| | **Вкупно:** | **48.500.000 денари** |

| 2026 ГОД. | | |
|---|---|---|
| РЕД. БР. | ИНСТИТУЦИЈА | ВКУПНО ПОТРЕБНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА |
| I | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) | 40.000.000 денари |
| II | Фонд за иновации и технолошки развој | 5.000.000 денари |
| III | Управа за заштита на културното наследство (УЗКН) | 2.500.000 денари |
| III | Агенција за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) | 1.000.000 денари |
| | **Вкупно:** | **48.500.000 ден.** |

# III.

# СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СТРАТЕГИЈАТА И МЕРЛИВОСТ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Стратегијата за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири 2022–2026 година е прва стратегија за развој на состојбите со верскиот туризам и функционирањето на активните манастири. Таа се усвојува во 2021 година, програмските мерки започнуваат со реализација од 2022 година, а завршуваат во 2026 година, односно ќе се реализираат во период од пет години.

Акцискиот план за реализација на мерките нив ги претставува по трите стратегиски цели: активностите за реализација на мерките, одговорните и консултираните органи и институции за реализацијата, почетокот и крајот за извршување, финансиските средства потребни за реализација и изворот на финансирање, ризиците за нереализирање и соодветното ниво на ризик.

Оттаму, ваквиот акциски план овозможува постојано следење на статусот на имплементација на секоја мерка, како и мерливост на годишните и на вкупните резултати за петгодишниот период.

Стратегијата ги предвидува следните активности за следење на имплементацијата на мерките и мерливост на резултатите:

| АКТИВНОСТ | ОДГОВОРЕН | ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|
| 1. Формирање меѓуресорска работна група за следење на имплементацијата на мерките | КОВЗРГ, АППТ, МК, УЗКН | 2022 |
| 2. Изготвување полугодишни извештаи околу статусот на реализација на мерките од страна на меѓуресорската работна група | Меѓуресорска работна група | 2022–2026 |
| 2. Годишен извештај до Владата за имплементацијата на мерките и за остварените резултати | Меѓуресорска работна група | 2022–2026 |
| 3. Анализа на целокупната реализација и на остварените резултати по завршувањето на периодот на имплементација на Стратегијата, со препораки | Меѓуресорска работна група | 2026 |

# КОРИСТЕНА, КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА И ДРУГИ ИЗВОРИ


Јелена Павловска, Наташа Ниќифоровиќ и Огнен Коцевски (2011): *Карта на верски објекти во Македонија*. Валентина Божиновска (уред.) Комисија за односи во верските заедници и религиозните групи (КОВЗРГ), Менора, Скопје

Никола В. Димитров (2020): Природно и културно наледство, УГД, Штип

Никола В. Димитров, Дејан Методијески, Цане Котески, Тања Ангелкова Петкова (2018): Религиозен туризам, УГД, Штип

Ацо Гиревски (2020): Верски туризам, Менора, Скопје

Игуманија Илијана (2017): Марков Манастир – Свети Димитриј, ПНВ, Публикации, Скопје

Дејан Методијески, Нако Ташков, Никола Димитров (2015): Водич на манастирите во Република Македонија, АППТРМ, Скопје

Никола Димитров, Нако Ташков, Дејан Методијески (2015): Водич низ регионите во Република Македонија, АППТРМ, Скопје

АППТРМ (2014): Macedonia Timeless, Трето уво, Скопје

Благоја Маркоски и останати (2013): Македонија туристички бисер – туристички потенцијали и културно-иторуски знаменитоти, ИДБЦ, Скопје

Благоја Мркоски, Наде Проева, Ратомир Гроздановски (2010): Македонија - туристички водич, Тримакс, Скопје

Науме Мариноски, Сашо Коруноски (2008): Македонија земја на туризмот, ДИД ИНА-КОМЕРЦ, Скопје

Никола Панов (1999): Македонија земја на туризмот, ДИД ИНА КОМЕРЦ, Скопје

Никола В. Димитров, Цане Котески (2015): Туристичка географија, УГД, Штип

ДЗСРМ (2016): Туризам во Република Македонија, 2011-2015, Скопје, 2016

ДЗС (2020): Статистички годишник на РС Македонија, 2020, Скопје

Ацо Гиревски (2008): Верски туризам, Менора, Скопје

ДЗС (2020):Туристички региони во РС Македонија, 2020, Скопје

АППТРМ (2017): Отомански споменици во Македонија, водич низ регионите во Република Македонија (2017), Скопје

КОВЗРГ (2019): И тие се тука – Водич низ учењата на помалку застапените верски групи, Скопје

КОВЗРГ (2018): Нашето црковно минато, историски водич, Скопје

КОВЗРГ (2020): Водич за зашпознавање со исламот, Скопје

МПЦ-ОА (2021): Православен календар 2021, Светиот Архијерејски Синод, Скопје

КОВЗРГ (2021): Мултиконфесионален календар 2021, Скопје

https://www.kovz.gov.mk/pocetna/calendar.nspx

http://www.mpc.org.mk/MPC/eparhii.asp

https://bigorski.org.mk/

https://www.manastirslepche.mk/

https://www.facebook.com/markovmonastery/

http://galicica.org.mk/kulturno-i-istorisko-nasledstvo/manastir-sv-naum/

https://mk.wikipedia.org/wiki/

http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__TirizamUgostitel__Turizam

https://whc.unesco.org/en/list/

http://kultura.gov.mk/

http://uzkn.gov.mk/